ИСТРАЖУВАЧКИ ИЗВЕШТАЈ

GLOBAL INITIATIVE
AGAINST TRANSNATIONAL ORGANIZED CRIME



# ТРАНСНАЦИОНАЛНИ ПИПАЛА

## Глобални жаришта на организираниот криминал со потекло од Западен Балкан

ВОЛТЕР КЕМП

ЈУНИ 2020

# ТРАНСНАЦИОНАЛНИ ПИПАЛА

*Глобални жаришта на организираниот криминал со потекло од Западен Балкан*

Волтер Кемп

јули 2020

**БЛАГОДАРНОСТ**

Овој извештај е производ на Опсерваторијата на граѓанското општество за борба против организираниот криминал во Југоисточна Европа (ЈИЕ-Опс) на Глобалната иницијатива против транснационалниот организиран криминал.

ЈИЕ-Опс е платформа која ги поврзува и ги оснажува чинителите од граѓанското општество во Албанија, Босна и Херцеговина, Косово, Црна Гора, Северна Македонија и Србија. Таа има за цел да му овозможи на граѓанското општество да ги идентификува, анализира и да ги мапира криминалните трендови и нивното влијание врз нелегалните текови, владеењето, развојот, меѓуетничките односи, безбедноста и владеењето на правото. ЈИЕ-Опс го поддржува граѓанското општество во следењето на националната динамика и пошироките регионални и меѓународни трендови во организираниот криминал. Основањето на опсерваторијата произлезе како резултат на Самитот за Западен Балкан во Лондон во 2018 година, дел од Берлинскиот процес.

Овој извештај се базира на податоци, информации и анализи собрани од страна на актерите на граѓанското општество базирани во Западен Балкан, вклучително и, од особена важност, група од 15 локални истражувачи и експерти. Им се заблагодаруваме за нивниот значаен придонес и конструктивен ангажман во текот на целиот процес. Материјалите од истражувањето ги синтетизираше и анализираше Волтер Кемп, со поддршка на Фатјона Мејдини, Уги Звекиќ, Фабијан Жила и Кристина Амерхаузер.

Оваа публикација беше изработена со финансиска поддршка на Фондот за конфликти, стабилност и безбедност на Обединетото Кралство. Содржината на публикацијата е одговорност единствено на Глобалната иницијатива против транснационалниот организиран криминал и не нужно ги одразува ставовите на Обединетото Кралство.

**ЗА АВТОРОТ**

Волтер Кемп е виш истражувач во Глобалната иницијатива против транснационалнен организиран криминал (ГИ-ТОК) и дава насоки на Опсерваторијата на граѓанското општество за борба против организираниот криминал во Југоисточна Европа. Претходно бил назначен на повеќе високи позиции во Организацијата за безбедност и соработка во Европа, бил потпретседател на Меѓународниот мировен институт и портпарол и писател на говори во Канцеларијата на ОН за борба против дрога и криминал. Напишал повеќе трудови на тема превенција на конфликти, врската меѓу криминалот и конфликтот, како и европските безбедносни прашања.

© 2020 Глобална иницијатива против транснационален организиран криминал.

Сите права се задржани. Не е дозволена репродукција ниту пренесување на оваа публикација или на делови од неа во каква било форма или на каков било начин без претходна писмена согласност од Глобалната иницијатива.

Дизајн на корица: Флејм дизајн
Картографија: Паулина Росол-Барас

Please direct inquiries to:
The Global Initiative Against Transnational Organized Crime
Avenue de France 23
Geneva, CH-1202
Switzerland

www.globalinitiative.net

# СОДРЖИНА


ИЗВРШНО РЕЗИМЕ ... 1

Меѓународни жаришта ... 2

Контекст: трансплантација поради превирања ... 4

КОМУНИСТИЧКИОТ ПЕРИОД

Организираниот криминал во Југославија и Албанија ... 7

Албанија ... 8

Турската врска ... 9

ВОЈНАТА И ПОСЛЕДИЦИТЕ ... 11

Криминалци на фронтот ... 11

Санкции и „фабриката на криминалот“ ... 12

Експлозија на криминал на домашниот фронт ... 13

Албанската пирамида пропаѓа ... 15

Криминал и конфликт на Косово ... 15

Мафијашка држава ... 16

Играј по правила, или бегај во странство ... 17

Албанците се шират ... 19

Раселување и дијаспора ... 20

ЗАПАДНА ЕВРОПА ... 22

Италија: Партнери во криминалот ... 24

Шпанија: Од крадци до барони ... 27

Холандија: „Југомафија“ (Joegomaffia) ... 29

Република Чешка ... 32

ЈУЖНА АФРИКА ... 35

Увезување криминалци ... 35

Крејчир и Гавриќ ... 36

Израмнување стари долгови ... 37

Нови играчи на нови пазари? ... 39

ТУРЦИЈА: ПОРТА КОН ИСТОКОТ ... 41

Блиски врски помеѓу Турција и Балканот ... 41

Од куфери до камиони ... 42

Привлекување трговија и инвестиции ... 43

„Балканската рута“ за хероин ... 44

Канабис и сканк ... 46

Шверц на мигранти ... 48

ЛАТИНСКА АМЕРИКА ... 51
Корени на кокаинските групи ... 51
Атрактивноста на Латинска Америка ... 53
На вистинско место во вистинско време ... 55
Улогата на групите од Западен Балкан ... 56
Рути и начини ... 60
Други методи на трговија со дрога ... 64
Победнички бизнис модел ... 65
АВСТРАЛИЈА ... 67
БАЛКАНСКА „МАФИЈА ВО ДВИЖЕЊЕ“ ... 70
ЗАКЛУЧОЦИ ... 74
Карактеристики на групите ... 75
Непобедлив бизнис модел ... 76
Овозможувачки фактори ... 76
Соработка со органите на прогонот ... 77
Повеќеслоен пристап ... 78
Улогата на граѓанското општество ... 80
Насилство и тишина ... 80
Забелешки ... 81

Приштина, Косово. Војната на Косово од 1998 до 1999 година не само што доведе до хуманитарна трагедија, туку и до плодна почва за организираниот криминал. © *Пјетер Ѓергај/ЕјЕм, преку ГетиИмиџис (Getty Images)*






# ИЗВРШНО РЕЗИМЕ



Западен Балкан често се прикажува како жариште на организиран криминал. Како што е илустрирано во други публикации на Глобалната иницијатива против транснационалниот организиран криминал (ГИ-ТОК), регионот е транзитен коридор за недозволена трговија со droги, оружје и луѓе, и страда од широко-распространет криминал и корупција. Од глобална перспектива, сепак, Западен Балкан е релативно стабилен. Тоа е мал пазар за нелегални добра и услуги – големите пари, како што некои групи од Западен Балкан веќе откриле, лежат на друго место.

Овој извештај ги разгледува глобалните жаришта на криминални дејствија извршени од групи од шесте земји од Западен Балкан (Албанија, Босна и Херцеговина, Косово[1], Црна Гора, Северна Македонија[2] и Србија). Извештајот не претендира да биде сеопфатен. Поради ограничувањата, главниот фокус е врз одредени земји од Западна Европа и Латинска Америка, како и Јужна Африка, Турција и Австралија. Беа избрани овие земји или региони затоа што се индикативните за типовите и разновидноста на вмешаните групи, криминалните пазари, транснационалната природа на врските, како и еволуцијата на дејствијата извршени во странство од страна на криминални групи од Западен Балкан. Освен тоа, овие се местата каде ГИ-ТОК има локална експертиза. Треба да се обрати повеќе внимание на криминалните групи од Западен Балкан што се активни во Бразил, Бугарија, Германија, Грција, Романија, Соединетите Американски Држави, како и Северна Африка. Тие ќе бидат во фокусот на идниот извештај.

Извештајот ги опишува факторите на одбивање и привлекување што влијаат врз тоа како и зошто поединците од Западен Балкан воспоставиле криминални операции во различни земји ширум светот. Извештајот исто така разгледува како одредени групи од Западен Балкан се движеле нагоре по вредносниот синџир во изминатите 20 години, од маалски измамници и курири до големи дистрибутери на дрога во мрежи што се протегаат од Латинска Америка до Западна Европа и Јужна Африка. Извештајот исто така ги испитува врските што овие групи ги одржуваат со Западен Балкан. Сепак, треба да се има на ум дека иако овој извештај се фокусира на криминални групи од Западен Балкан, не треба да се испушти од вид фактот дека во повеќето општества каде што дејствуваат овие групи тие не се главната криминална група, туку таа улога ја имаат локални групи.

◀ **Подгорица, Црна Гора. Во последните години Шпанија станала главен центар за криминалните групи од ова држава.** © *Ајман Сухами/ЕјеЕм виа Шатершток*

*Повеќето криминални групи од Западен Балкан сега ги извршуваат своите операции во жаришта надвор од регионот.*

Извештајот се надоврзува на заложбите на ГИ-ТОК да ги мапира криминалните активности на глобално, регионално и локално ниво. Исто така може да се смета за придружна публикација кон извештајот на ГИ-ТОК „Жаришта на организиран криминал на Западен Балкан" (мај, 2019). Како и публикацијата од 2019 година, овој извештај е производ на Опсерваторијата на граѓанското општество за борба против организираниот криминал во Југоисточна Европа. Се базира на податоци и анализи собрани и споделени од актерите на граѓанското општество ширум Западен Балкан, како и на експерти (особено истражувачки новинари) во земјите каде што се активни криминалните групи од Западен Балкан.

Овој извештај се базира на отворени извори и интервјуа. Иако имаше придонес и од локалните увиди на соработниците од сите засегнати земји профилирани во овој извештај, ограничен е во дофатот според количината и видот на информации што се достапни. Она што е во јавниот домен обично се однесува на она што веќе се случило и било пријавено, што вообичаено е само дел од она што навистина се случува. Исто така постои неизбежен временски застој во процесот на анализа. Додека извештаите од овој тип разгледуваат минати случувања, криминалците постојано се адаптираат со цел искористување нови можности, откриваат нови пазари и развиваат нови техники (како нарко-авиони, комуникација преку енкриптирани мобилни телефони и перење на пари преку крипто-валути или во оф-шор засолништа). Од органите на прогонот зависи дали ќе бидат еден чекор пред нив.

Овој извештај е пишуван кон крајот на март 2020 година, и во времето на неговото завршување, не беше јасно на кој начин пазарите ќе бидат погодени од кризата со КОВИД-19 и придружните ограничувања на движењето. Дали вирусот ќе доведе до повеќе потенцијални теренски војници, нови жаришта на ранливост или можеби помала побарувачка за дрога? Ефектот на глобалната пандемија врз работењето на групите од Западен Балкан е прашање што Опсерваторијата за граѓанско општество за борба против организираниот криминал во Југоисточна Европа на ГИ-ТОК будно ќе го следи.

## Меѓународни жаришта

Западен Балкан е релативно мал пазар за организиран криминал. Најголемиот број на групи од регионот сега ги извршуваат своите операции надвор од регионот, особено во Западна Европа и Латинска Америка. Тие жаришта се профилирани во овој извештај.

И покрај повремените тврдења во медиумите, се чини дека не постои единствен, лесен за идентификација „Балкански картел", иако одредени групи понекогаш навистина соработуваат, а исто така постојат и случаи на мултиетнички групи. Повеќето криминални групи од Западен Балкан имаат тенденција да работат дискретно и ефикасно во глобалните жаришта, и покрај нивната репутација за насилство. Поголемиот дел од насилството меѓу групите се чини дека е поврзано со израмнување на сметки, или во рамките на редовите на иста група, или помеѓу ривали.

Групите од регионот се модерни, динамични и со претприемачки дух, покажувајќи способност за адаптација и иновација и за користење на технологија во своја корист (на пример, користејќи енкриптирани форми на комуникација; користејќи нови патеки и средства за недозволена трговија, како „нарко-авиони"

што се користат за шверцување дроги; и перење на пари преку криптовалути, оф-шор засолништа и во нивните матични земји). Тие се наводно одговорни за финансирањето, транспортот и дистрибуцијата на големи количества кокаин испорачан од Јужна Америка до Европа. Нивната способност за соработка со локалните криминални групи и пристапот до кокаин на самиот извор, во комбинација со присуството во сите поголеми европски пристанишни градови, значи дека се во можност да го контролираат снабдувањето со кокаин од едниот до другиот крај на синџирот.

Уличното оперативно знаење на групата им овозможи движење нагоре по вредносниот синџир на неколку места во текот на последните 20 години. Во некои земји (како Италија, Шпанија, Еквадор, Обединетото Кралство и Холандија), тие станаа важни играчи, особено во трговијата со кокаин. Најголемиот пазар за стоките нелегално тргнувани од криминални групи од Западен Балкан е Западна Европа.

Криминалците се преселиле во многу од жариштата анализирани во овој извештај како резултат на околностите предизвикани од војните и нестабилноста на Западен Балкан во 1990-тите. Со исклучок на Латинска Америка, криминалните групи од Западен Балкан се активни во земји каде има значителна дијаспора од регионот, вклучително и Холандија, Италија, Турција и Јужна Африка. Важно е да се забележи дека иако проблемот со организираниот криминал на Западен Балкан во голема мера е преселен во странство, активностите на овие криминални групи се штетни за репутацијата на земјите од каде што доаѓаат, особено во процесот на пристапување кон ЕУ. Покрај тоа, дел од причинителите на ранливост во општеството кои довеле до тоа луѓето да го напуштаат Западен Балкан во минатото сè уште постојат – имено, невработеност, недостаток на можности, фрустрација со нивните влади и бавниот процес на евроинтеграции. Доколку овие прашања не се адресираат, бројот на криминалци од Западен Балкан ќе се зголеми.

Справувањето со заканата што ја преставуваат криминалните групи од Балканот ќе мора да дојде, делумно, и од надвор, имено во облик на поделотворна меѓународна соработка, следење и запленување на средствата и споделување на информациите, особено затоа што сторителите се склони кон користење повеќе идентитети. Од 2018 до 2020 постоеше зголемен број на успешни заеднички операции за борба против наркотици од кои некои завршија со откривање на неколку тони дрога. И покрај тоа, неопходна е поголема соработка помеѓу органите на прогонот во земјите на понуда и побарувачка, како и нивните колеги од Западен Балкан.

Граѓанското општество, и на Западен Балкан и во дијаспората, исто така игра важна улога, со оглед на тоа што може да ја зајакне културата на законитост дома, да ја живне отпорноста меѓу заедниците и да се застапува за општество ослободено од криминал и насилство.

Кога станува збор за меѓународната заедница – и особено владите од Западна Европа – најголемиот предизвик е да се намали побарувачката за добрата и услугите што ги даваат криминалните групи од Западен Балкан и да се намали ранливоста на земјите како Еквадор и Колумбија, каде што се произведува кокаинот. Во спротивно, пипалата на криминалните групи – вклучително и оние од Западен Балкан – ќе продолжат да се обвиткуваат околу планетата.



Последиците од бомбардирањето на Пеќ од страна на НАТО, поранешна Југославија, август 1999
*© Скот Питерсон/преку Гети имиџис (Getty Images)*

## Контекст: трансплантација поради превирања

Промените во стратешкото опкружување може да предизвикаат превирања кои влијаат на криминалните пазари и актери.[3] Овие промени можат да создат плодна почва за криминал и корупција. Како што истакнува Федерико Варезе во „Мафија во движење", „мафијашките банди се појавуваат во општества што поминуваат низ ненадејна и задоцнета транзиција кон пазарна економија, имаат недостаток на правна структура која безбедно ги штити правата на сопственост и имаат понуда на луѓе обучени на насилство кои остануваат без работа во тој конкретен временски пресек".[4] Како што ќе се илустрира во овој извештај, такви услови постоеле во Албанија, како и во многу земји од поранешна Југославија кон крајот на 1990-тите.

Освен што го олеснуваат никнувањето на криминални групи, епизодите на конфликт или хуманитарна криза често доведуваат до раселување на населението, што пак може да доведе до она што Варезе го опишува како „трансплантација" на криминални групи. Еден класилен пример за тоа е трансплантацијата на италијанската Мафија од Италија во САД во 1920-тите. Други примери се трансплантацијата на руската мафија по распадот на Советскиот Сојуз или Ибос од Нигерија кон различни делови на светот.

Во процесот на трансплантација, криминалните групи со потекло од Западен Балкан ги искористија политичките превирања во земјите што истовремено доживуваа и драстични промени во своето стратешко опкружување. Латинска Америка помина (и сè уште поминува) низ бурен период, особено поради формалниот престанок на речиси 50 годишната војна во Колумбија (најголемиот светски производител на кокаин) и немирите во Венецуела. Покрај тоа, лошото владеење и институции во местата како Еквадор и Јужна Африка им овозможија на домашните и странски криминални групи да направат пробив. Ова го поткрепува тврдењето на Варезе дека во местата каде што постои ниско ниво на доверба, граѓанска култура/ангажираност и социјален капитал на криминалните групи им е полесно да се трансплантираат. Во такви опкружувања, отпорноста е послаба и постојат поголеми можност за криминална заштита.[5]

*Во текот на последните 20 години, криминалните групи од Западен Балкан се проширија ширум светот.*

И покрај тоа, овој извештај исто така покажува дека криминалните групи можат да навлезат и во добро-утврдените пазари во развиените земји. Се чини дека ова особено е случај во земји каде криминалците може да го искористат постоењето на значителна дијаспора. Освен тоа, важно е да се запомни дека криминалците не секогаш се преселуваат во странство како дел од осмислена стратегија, туку често како резултат на непланирани последици.[6] Дали луѓето што се converted бореа во балканските војни во 90-тите навистина си замислуваа дека 20 години подоцна би преговарале зделки за кокаин во Бразил, или дека би биле телохранители во Јужна Африка? Дали младите мажи што растеле во некои од најсиромашните села во Албанија или Косово во средината на 1990-тите си замислувале дека ќе бидат меѓу главните играчи на пазарите за дрога во Лондон, Амстердам или Рим?

Дополнително, освен фокусот врз хиерархиските групи во мафијашки стил, важно е да се разгледаат и сериозните криминални активности што вклучуваат претприемачки мрежи.[7] Овој извештај покажува како луѓето од Западен Балкан создадоа и реагираа на можностите да профитираат од недозволените пазари. Наместо да ги трансплантираат добро-утврдените операции од Западен Балкан во други земји, многу од поединците и групите наведени во овој извештај започнаа како мали играчи во странство и потоа постепено се изборија да станат едни од главните актери на некои од најголемите светски пазари на дрога. Ризикот е дека тие трансплантираат дел од своите активности и влијание назад на Балканот, особено преку перење пари и нарачани убиства. Ова може да има сериозно влијание врз политичката економија на Западен Балкан.

Овој извештај се стреми да покаже како, во текот на изминатите 20 години, криминалните групи од Западен Балкан глобално се проширија и се движат нагоре по вредносниот синџир на криминалните активности. Пипалата на овој октопод сега се шират насекаде низ светот: од понудата на кокаин во Латинска Америка до улиците на Западна Европа; од рутите за дистрибуција на хероин во Турција кон Европа; од полињата со канабис во Албанија кон Турција и Европската Унија (ЕУ). Западен Балкан останува центарот на ваквата трговија: како транзитна зона; како расадник за регрутирање на теренски војници за ваквите групи; и како безбедно место за криење и инвестирање, или перење на криминално стекнатиот имот – но главната акција се одвива во странство.



# КОМУНИСТИЧКИОТ ПЕРИОД

## ОРГАНИЗИРАНИОТ КРИМИНАЛ ВО ЈУГОСЛАВИЈА И АЛБАНИЈА



За да може да се разберат денешните жаришта надвор од Западен Балкан, важно е да се потсетиме на историјата и еволуцијата на криминалните структури, пазари и актери во регионот.

Во 1970-тите и 1980-тите, луѓето што живееле во Социјалистичка Федеративна Република Југославија (СФРЈ) имале релативно висок животен стандард во споредба со жителите на другите комунистички земји. Можеле прилично слободно да патуваат, и, како резултат на тоа, многумина оделе да работат во странство. Очекувањата и на оние што патувале во странство, како и на нивните работодавци биле дека тие таму ќе се само привремено (оттаму доаѓа и германскиот израз „Гастербајтер“ – Gastarbeiter или работник-гостин). Некои оделе дури до Јужна Африка, како одговор на кампањата на земјата за привлекување бели Европејци со работни понуди.[8] Друг случај биле патувањата во странство поради сезонска работа.

Повеќето Југословени кои заминувале во странство биле работливи луѓе кои го почитувале законот и работеле физичка работа, а биле во потрага по подобра иднина. Но, како што честопати се случува кога емигрира поголема група, ова движење создало нови можности за криминал. Како што поранешниот кореспондент на Би-Би-Си објаснува во книгата од 2009 година „МекМафија“, големата „Гастербајтерска заедница“ го обезбедила миљето во кое помалку угледните југословенски ликови се засолнувале и кога било неопходно, исчезнувале пред полицијата“.[9] Овие ликови патот го започнале на релативно ниско скалило во хиерархијата на криминалните активности, занимавајќи се со рекетарство и кражби на продавници со луксузни добра, обивање на куќи и сефови.

Некои од поозлогласените ликови што се појавиле во овој период се Миленко Микановиќ Лазин, Раде Котор, Горан „Мајмун“ Вуковиќ и Љубомир Магаш, како и Жељко Ражњатовиќ, подобро познат како „Аркан“. Од 1972 до 1983 година, за Аркан се издадени осудителни пресуди или потерници во Белгија, Холандија, Шведска, Западна Германија, Австрија, Швајцарија и Италија, претежно за вооружени грабежи. Зачудувачки, тој избегал од затвор во пет различни земји.[10] Овој прв бран криминалци редовно патувале наваму-натаму меѓу Западна Европа и Југославија. При враќање дома, ги трошеле или вложувале своите пари, а потоа заминувале на по уште една „тура“ во странство.

◀ **Сцена од комунистички Белград, главниот град на поранешна Југославија од 1918 година до распаѓањето на земјата во 2006 година.** *© Торонто стар архиви/Торонто стар преку Гети имиџис (Toronto Star Archives/Toronto Star via Getty Images)*

Ваквото однесување не поминало незабележано од државните служби за безбедност. Всушност, властите понекогаш ги охрабрувале криминалците да заминат во странство. Дури и им давале помош со документацијата, а понекогаш им биле обезбедувани пасоши и други патни исправи. Олеснувајќи го нивното патување во странство, безбедносните служби ги спречувале криминалците да предизвикуваат проблеми дома. Ваквата помош им давала корисна предност на безбедносните служби, а криминалците честопати биле користени за разни задачи, како што е атентатот врз политички емигранти.[11] На пример, на Ѓорѓе „Гишка“ Божовиќ, познат како „Кралот на белградското подземје“, тајните служби понекогаш му нарачувале да ги елиминира политичките дисиденти и непријателите на државата. На пример, се тврди дека тој бил мозокот што го скроил убиството на хрватскиот политички дисидент и бизнисмен Стјепан Ѓурековиќ во Западна Германија во 1983 година.[12]

## Албанија

Ситуацијата во Албанија била поинаква, со оглед на тоа што границите биле затворени од 1945 до 1990 година. Всушност, додека Југославија била едно од најотворените комунистички општества, Албанија била едно од оние со најголеми ограничувања. Во ова високо контролирано опкружување, една недозволена активност не можела да помине без знаење, ако не и соучеснииштво на државните власти.

Поради ограничениот пристап до странски инвестиции, како и лошата инфраструктура, албанската економија била една од најслабите во комунистичкиот блок. Барајќи можности да изгради цврста валута, се чини дека албанскиот режим не можел да одолее на понудата од 1966 година за шверц на цигари.[13] Планот бил шверцување на брендови на цигари од САД во Италија и потоа трговија со тие цигари на други дестинации во Европа и Блискиот Исток.

Швајцарските трговци кои ја дале понудата имале врски со италијанската Мафија која пак, од своја страна, барала нови можности, особено кога операциите за спроведување на законот во Тиренското Море станале поефективни. Според поранешниот италијански обвинител кој ја гонел мафијата, на мафијашките шефови како Рафаело Кутоло (шеф на Организацијата Нова Камора) им станало јасно дека контролите зад „Железната завеса“ биле силни од политички причини, но не нужно и пречка за криминалната трговија, вклучувајќи ја и таа со цигари.

Албанската влада отворила слободна економска зона за да служи како транзитна точка за нелегалните цигари, кои пристигнувале од Соединетите Американски Држави, а исто така и основала компанија наречена Албтранс, наводно предводена од албанската тајна служба (Сигурими), која управувала со операцијата во Албанија, за провизија од околу 9 американски долари по кутија. Се смета дека помеѓу 1968 и 1991 година албанската влада собрала околу 35 милиони УСД преку оваа шема.[14] На овој начин, Јадранското Море, кое до тој момент се сметало за „сина граница“,а италијанските криминални групистанало профитабилна нова порта кон Истокот. За возврат, албанскиот режим се стекнал со вредни мрежи, трговија и цврста валута. Ова е зародишот на „Балканската рута“ што ги потпомагала криминалните активности во текот на претстојните години.

# Турската врска

Во речиси истото време кога италијанската мафија се свртила кон Истокот, турските нелегални трговци се вртеле кон Запад. Почнувајќи од 1970-тите години, криминалните групи во Турција основале меѓународни трговски и транспортни компании за да ја олеснат трговијата со хероин на профитабилните пазари во Западна Европа. Балканот се сметал за пат со низок ризик и се користел за транзит и привремено складирање на пратки со дрога. Турските групи ги фаворизирале етничките Албанци (кои се сметале за луѓе од доверба и вредни работници) и често ги ангажирале како возачи и курири.

Турските криминални групи не ја сметале Југославија за профитабилен пазар, но (како и Бугарија) ја сметале за безбедна и корисна точка за средби со цел поврзување и трговија со италијански и други криминални групи. Кога купувале хероин, италијанските групи понекогаш продавале и оружје и муниција. Во 1970-тите години во Турција постоела голема побарувачка за пиштоли поради интензивното и насилно ривалство меѓу десничарските националисти и комунистите.[15] Сепак, воениот удар во 1980 година го запрел насилството и потоа новото турско раководство го сузбило организираниот криминал.[16] Во рамките на операцијата „Кумови" (Babalar Operasyonu), многумина од големите мафијашки лидери во Турција биле уапсени и осудени на долги затворски казни. Некои шефови на мафијата биле егзекутирани под мистериозни околности од убијци за кои се смета дека работеле во име на т.н. „скриена влада". Други успеале да избегаат од земјата, наводно, поради нивните тајни врски со турската држава.[17]

Во 1980-тите, органите на прогонот во Западна Европа исто така станале повнимателни кон криминалните групи од Турција. Многу турски државјани - вклучително и политичари, разузнавачи и прикриени полицајци - биле уапсени за трговија со хероин во Европа. Но, додека операцијата „Кумови" во Турција и поделотворното спроведување на законот во Западна Европа ги зголемиле ризиците за турските криминални групи, тие истовремено отвориле можности за групите од Балканот. Со оглед на тоа што турските возила биле под зголемена меѓународна контрола, нелегалните трговци често користеле возила со југословенски и бугарски регистарски таблички. Турските групи за организиран криминал соработувале со фалсификатори на пасоши во Бугарија за издавање лажни пасоши за возачи и курири етнички Албанци (од Југославија) вклучени во трговијата со дрога.

Крајот на комунизмот донел драстични промени. Во Албанија, студентските демонстрации во Тирана во декември 1990 година помогнале да се стави крај на повеќе од 45-те години изолација, обележани од репресивниот режим на Енвер Хоџа (1954-1985). Промената донела економски потешкотии, политички и социјални немири, но исто така се создале и слободи што младите никогаш претходно ги немале доживеано. Многумина ја искористиле можноста да избегаат во странство. Една од најтипичните слики од тоа време се илјадниците Албанци на товарниот брод „Влора" кои влегуваат во италијанското пристаниште Бари во август 1991 година. Но, додека многу Албанци и Југословени се надевале на подобра иднина, проблемите биле на повидок.




# ВОЈНАТА И ПОСЛЕДИЦИТЕ



Драматичните настани од 1989 и 1990 година во Источна Европа и Советскиот сојуз имале влијание и врз Југославија. Комунистичката партија се распаднала по националистичка основа, и во 1991 година Хрватска и Словенија прогласиле независност. Она што следувало било период на речиси четири години постојани борби, особено во Хрватска и Босна и Херцеговина, сè до Дејтонскиот договор во декември 1995 година. Регионот бил потресен од понатамошната нестабилност со пропаѓањето на пирамидалната шема во Албанија во 1997 година, проследено со војна во Косово во 1998 и 1999 година. Овој дел разгледува на каков начин овие настани придонеле кон тоа каде, како и зошто одредени жаришта на балканскиот организиран криминал се развиле надвор од Југославија и Албанија.

## Криминалци на фронтот

Кога во 1991 година избила војната, криминалците од СФРЈ кои оперирале во Западна Европа во 1980-тите се вратиле дома и биле мобилизирани во паравоени формации. Со благослов на режимот, ним им се приклучиле и обичните криминалци, насилници и фудбалски хулигани за да помогнат во воените задачи.[18] Како што опишува Џон Милер:

> Најдинамичните (и убиствени) српски единици се состоеја не од посветени националисти или идеолози, ниту пак од локални жители што тргнале по своите соседи, ниту од обични луѓе поттикнати од лудилото на демагозите и медиумите, туку од обични криминалци регрутирани за таа задача.[19]

Најозлогласената единица била Српската доброволна гарда, позната и како „Тигрите на Аркан". Тие се бореле, силувале и ограбувале, особено во Источна Славонија и Босна и Херцеговина.[20] Постоеле и воени лидери како Младен Налетилиќ Тута, босански Хрват, кој го водел Казнениот баталјон и Јусуф „Јука" Празина, босански гангстер, чијашто паравоена единица ја сочинувале членови на банда, кои помагале во одбраната на Сараево.[21] Овие групи - иако релативно мали – честопати биле на чело на повеќето етнички чистења и другите злосторства што биле извршени за време на војната. Како типични криминалци, тие им нуделе „заштита" на оние

**Жители на Призрен, Косово, се кријат зад тенк на КФОР откако српски снајперисти отвориле оган, јуни 1999** © *Кристоф Симон/АФП преку Гети имиџис (Christophe Simon/AFP via Getty Images)*

што им се покорувале или им плаќале. Своите криминални активности ги обвиткувале во обландата на националното знаме, на тој начин легитимирајќи ги своите постапки со одбраната на татковината, а истовремено поттикнувајќи ја етничката омраза. Како што истакнува Мулер, она што честопати се водело како „етничко војување“ било нешто многу побанално: „создавање заедници на криминално насилство и грабеж“.[22]

Иако многумина се плашеле од овие насилници, имало и такви кои ги идолизирале. Како што забележува Ворен Цимерман, „ѓаганот на општеството - проневерувачите, насилниците, дури и професионалните убијци - се издигнаа од маргините за да станат борци за слобода и национални херои“.[23] Во разговор со Вол Стрит Журнал во 1993 година, новинар во Белград вели дека „најголемите херои од војната досега се криминалци. Би рекол дека има околу 3.000 белградски криминалци на фронтот во Босна... Тие се храбри, имагинативни и лојални кон луѓето за кои работат“.[24]

Некои од нив сепак ја претерале и создадоа незадоволство кај сопствениот народ. На пример, во октомври 1993 година, босанските муслимани уапсиле двајца познати гангстери од своите сопствени редови поради изнудување од истите оние луѓе што требало да ги бранат за време на опсадата на Сараево. Според еден извештај од тоа време, двајцата (Рамиз Делалиќ познат и како „Чело“ и Мусан Топаловиќ познат како „Цацо“) воделе кампања на убиства, грабежи и силување. Нивната банда се чини дека го монополизирала црниот пазар што ја сочинувал единствената трговија во градот, заработувајќи им богатство во време кога повеќето жители на Сараево ги минувале своите денови барајќи вода и леб.[25] Накратко, војната некои од криминалците ги збогатила, а други станале озлогласени. Освен тоа, младите мажи ги збогатила со борбени искуства од најнемилосрдниот вид и создала профитабилни пазари за криминална активност.

## Санкции и „фабриката на криминалот“

Меѓународното ембарго спроведено од Советот за безбедност на Обединетите нации меѓу 1992 и 1996 година создало потешкотии за Југославија, а последиците се прелеале и врз соседните земји, но истовремено и отворило нови можности, како што истакнува Дејвид Самјуелс: „невидливиот ѕид подигнат од Западот ги збогати криминалните елити на Србија, а останатиот дел на поразената земја го зароби во сиромаштија“.[26]

Црниот пазар презел клучна улога во олеснувањето на размената на оние малку производи што преостанале. На пример, на Хрватите и Босанците им било потребно оружје, со оглед на тоа што тие започнале во неповолна положба затоа што поголемиот дел од средствата на Југословенската народна армија се распределиле во Србија и Црна Гора, а во 1992 година, ООН го вовела ембаргото на оружје. На Босанците под опсада во Сараево им било потребно оружје, муниција, гориво и производи за да преживеат; на Србите им било потребно гориво. Развиен бил и пазарот на украдени автомобили. За да се заобиколат санкциите честопати било неопходно да се прават договори со сопствените непријатели: Хрватите купувале оружје од Србите, додека Србите купувале гориво од Босанците и Хрватите.

Како што санкциите започнувале да нагризуваат, така раководството во Белград сé повеќе се вртело кон криминалните пазари за да ја одржи земјата во функција. Како што еден новинар забележал во тоа време: „Црниот пазар е главниот начин за зачувување на социјалниот мир во Белград. Значи, државата сака соработува со него“.[27] Владата на Слободан Милошевиќ ги споила органите на прогонот и безбедносните служби со организираните криминалци, не само за да создаде продуктивни односи, туку и за да го надгледува опсежниот црн пазар и сивите економии. Шверцот бил и во интерес на државата, а во некои случаи дури и раководен од државата.[28] На извесен начин, нелегалното работење на црниот пазар станало легитимирано. На пример, се тврди дека српската државна служба за безбедност била финансирана, делумно, со пари заработени од продажбата на стоки (вклучително и дрога) што биле запленети од царинската управа.[29] Покрај тоа, раководството и во Белград и во Подгорица биле вклучени во шверцот со цигари, кој бил вреден извор на цврста валута. Се проценува дека црногорската влада заработувала по 700 милиони УСД годишно од шверцот со цигари, претежно кон Италија.

Санкциите сериозно ги оптовариле некои од соседните држави. Како што објаснува Глени: „На соседните земји на Југославија не им беше понуден ниту денар помош или компензација - од сите нив се очекуваше да ја претрпат цената за моралната огорченост на Западот. Така, единствениот начин на кој тие можеа да исплатат пензии, плати и здравствена заштита беше да им се дозволи на бандите да ја контролираат главната трговска патека на земјата и да се прават дека не знаат, или не можат ништо да сторат околу тоа, или и двете. Како што се продлабочуваше кризата, така растеше и овој симбиотски однос меѓу политиката и криминалот“.[30]

Постоел широко-распространет шверц на нафта низ Скадарското Езеро помеѓу Албанија и Црна Гора, како и на копно преку границата меѓу Северна Македонија и Албанија. Всушност, прекршувањето на санкциите и фактот дека распадот на Југославија создал нови граници и со тоа нови можности за шверц довеле до несаканата последица од развој на криминални економии во некои од соседните земји.

Накратко, некои од карактеристиките на екосистемот на криминалот кои сè уште опстојуваат на многу делови од Балканот се резултат на војната во Југославија и одговорот на меѓународната заедница кон таа војна. Како што пишува Глени: „Мораше некако да се плати за оваа оргија од војна и потрошувачки вишок ... затоа што индустријата на прекршувањето санкции создаде огромна пан-балканска мрежа на организиран криминал ... најлесен начин да се осигура работењето на државата беше преку мафијашките бизниси: дрога, оружје, нафта, оружје, жени и мигранти. Поставени беа темелите за фабриката за криминал“.[31]

## Експлозија на криминал на домашниот фронт

На домашниот фронт цветал организираниот криминал. Пиштолите било широко распространети; војната и санкциите ја уништиле економијата и предизвикале хиперинфлација. Во првите две години на војната, 300 000 млади ја напуштиле Југославија; можностите за оние што останале биле ретки. Како што е прикажано во „Рани“, филмот на Срѓан Драгојевиќ од 1998 година, многу од младите мажи се чувствувале напуштено и повредено. Единствените луѓе со пари и моќ биле гангстерите, или вратени од Запад или со профит од воената економија. Како што еден набудувач рекол на времето, - „ ништо не можете да постигнете со чесна работа. Сè повеќе млади одлучуваат: смрт или слава“.[32]

Но, додека мнозинството од гангстерите кои својот углед го изградиле на Западот во 1980-тите им се придружиле на паравоените сили, младите насилници го доживеале својот момент на слава во големите градови. Како што е прикажано во документарецот наречен „Се гледаме на некролог“, криминалците, честопати издрогирани, биле еднакво склони кон насилство и озлогласеност, колку што биле и кон организираниот криминал.[33] Како резултат на насилството меѓу бандите – особено оние од Нов Белград и Вождовачките области на Белград - бројот на убиства во главниот град бил двојно зголемен во првите две години од војната. Како што вели еден гангстер во тоа време за Белград, „ова е мало езерце со премногу крокодили во него“.[34]

Околу 1992 година, стилот кој го негувале младите мажи кои се занимавале со криминални дејствија се карактеризирал со тренерки, патики, кратка коса, очила за сонце и упадливи златни ланци. Фармерките на брендот „Дизел“ биле исто така популарни, инспирирајќи го името на овој гангстерски изглед: „Дизелаши“. Александар



**Александар „Кнеле“ Кнежевиќ**

## Банкомати и грабежи

Во раните 90-ти години, криминалците од Западен Балкан станале озлогласени по грабежите што ги извршувале во странство. Ова вклучувало и грабежи на банки во Западна Европа, како и кражби на накит. Во САД, полицијата останала збунета по низата добро организирани напади врз продавници за накит и автомати за подигнување готовина (банкомати). Почнале да забележуваат дека многу од сторителите се од Балканот, и затоа групата ја нарекувале ЈАХС (Југословени, Албанци, Хрвати и Срби).[38] ЈАХС се опишани како мобилна и лабаво-поврзана мрежа на луѓе, чиишто членови се собирале да извршат навидум ад хок, но всушност добро испланирани кражби. Групите потоа се распрснувале и прегрупирале за следниот грабеж.[39] Типичен грабеж извршен од ЈАХС се состоел од издлабување дупки низ плафоните[40] за да се пристапи до сеф или банкомат, и оневозможување на телефонските линии и безбедносните системи.[41]

Без познавања за културните карактеристики на Западен Балкан и локалните балкански јазици, полицијата се мачела да ги разбере. ЈАХС често користеле лажни идентитети, па така било уште потешко да им се влезе во трага, а штом биле уапсени, честопати со себе имале телефонски број кој, и откако ќе го повикале, некој им ја плаќал кауцијата.[42] Во САД, во 1998 година биле идентификувани речиси 300 осомничени членови на бандата, кои главно биле балкански емигранти,[43] претежно етнички Албанци, од кои еден дел нелегално влегле во САД. Но, групата исто така регрутирала луѓе од друго етничко потекло.[44]

Групата стана таква напаст што во средината на 90-тите години ФБИ оформиле оперативна единица за да се справи со криминалното здружение.[45] Иако се чини дека групата се повлекла во текот на следната деценија, името повторно ѝ се спомнува во 2017 година, кога се сугерира дека кражбата на накит на Ким Кардашијан вреден 9 милиони американски долари потсетувала на техниката што ја користеле ЈАХС.[46] Но, ова не било потврдено со официјални изјави.

Последниве години, голем број грабежи во Западна Европа им се припишувале на лица од Западен Балкан, особено на Албанците. Таканаречените „Соколи“ се мала и мобилна група на луѓе, кои се собираат само за да провалат во куќи пред повторно да се разделат. Тие редовно патуваат наваму-натаму во регионот на Западен Балкан и ЕУ. Како што се забележува во делот за Шпанија понатаму во овој извештај, се чини дека оваа техника се користела и за ограбување домови на фудбалери. Неодамна, група Албанци биле фатени во Австралија по серија грабежи на банкомати, од кои повеќето ги имале карактеристиките на ЈАХС и кражбите во Западна Европа.[47] Албанските власти толку сериозно го сфаќаат проблемот што оформија единица против „Соколите“.

„Кнеле“ Кнежевиќ, кој уште во своите тинејџерски години веќе бил еден од најозлогласените гангстери во Белград, бил главен репрезент на гангстерската култура и стилот на „дизелашите“.[35] „Во земја зафатена од војна и во комплетен социјален распад, каде платите мораше веднаш да се потрошат затоа што инфлацијата можеше да ги девалвира секоја минута, гангстерите како што е Кнеле беа идолизирани затоа што беа единствените што сè уште можеше да се видат како живеат добар живот“.[36] Кнеле живеел брзо и умрел млад, убиен под неразјаснети околности во хотелот Хајат во Белград на 21-годишна возраст. Тој беше еден од многубројните млади криминалци кои загинале во убиства во мафијашки стил, чии сторители речиси никогаш не биле пронајдени или уапсени.[37] Повеќето криминалци кои го преживеале овој насилен период, по војната, преминале во повисоките ешалони на криминалот или заминале во странство.

## Албанската пирамида пропаѓа

*Темелите на фабриката на криминалот беа поставени во текот на војната во Југославија.*

Иако Албанија не била директно вклучена во војната, некои Албанци профитирале од шверц. Добивката, заедно со слабата регулација на банкарскиот систем и аспирациите за лесни пари, поттикнала пирамидална шема во почетокот на 1996 година. Околу две третини од населението инвестирало во вакви шеми до тој степен што обврските биле еднакви на половината од БДП на земјата. Пропаѓањето на овие пирамидални шеми во 1997 година создадало не само економска нестабилност, туку и социјални и политички немири. Избувнале немири и државата ја изгубила контролата врз некои градови, особено оние близу пристаништата или по должината на границата со поранешна Југославија и Грција.[48] Би провален и ограбени арсеналот на оружје, преплавувајќи ја земјата со речиси 600 000 парчиња оружје, вклучувајќи и 226 000 калашникови.[49]

Во овој распад на законот и редот (во кој беа убиени околу 2.000 цивили), некои луѓе се самоорганизирале во комитети за самоодбрана за да се заштитат од криминални групите.[50] За други пак, хиерархиски структурираните криминални организации ја пополниле празнината во владеењето и им обезбедле заштита. Некои криминални групи ангажирале поранешни припадници на специјалните сили и тајните служби за подобрување на својата ефикасност и извршување на софистицирани криминални дејствија.[51]

Организираниот криминал процутил во ваквата околина. Криминалните групи се намножиле за многу краток временски период, а се намножил и бројот на нивното членство.[52] Трговијата со дрога и кражбата на автомобили цветале, како и перењето пари.[53] Нестабилноста на домашен терен исто така се зголемувала со растечката криза во соседно Косово. Се верува дека најмалку 6 000 калашникови биле прошверцувани од Албанија на Косово пред и за време на војната во Косово, додека околу 465 000 луѓе избегале од Косово во Албанија.[54][55][56]

## Криминал и конфликт на Косово

Војната во Косово од 1998 до 1999 година создала хуманитарна трагедија и политички пресврт, како и плодна почва за организиран криминал.[57] Бидејќи Косово беше непризнаен ентитет, за време на војната му беше потребна помош од странство за да преживее. Како резултат на тоа, покрај политичката и финансиската поддршка од странство (вклучително и од дијаспората), се јавиле и некои криминални активности, како шверцот на оружје, нафта, дрога и украдени автомобили, како и корупција.[58] Овие активности се надоврзале на неформалните мрежи и сивата економија, која се развила како одговор на тешките социо-економски услови на Косово во 1990-тите години.

Помеѓу 1999 и 2008 година, со Косово управувала Меѓународната административна мисија на ООН во Косово (УНМИК) - вистинската промена во владеењето и преземањето на власта од страна на локалните домашни власти започнала дури во 2005 година.[59] Од 2008 година наваму, на Косово му помага мисијата за владеење на правото поддржана од ЕУ (ЕУЛЕКС) со цел да се изградат институциите на владеење на правото и да се олесни процесот на интеграција на Косово кон ЕУ.[60] Во овој пост-конфликтен контекст на градење на државата, слаби институции и лоша инфраструктура, моќните поединци кои учествувале во војната и имале силни врски со дијаспората, го зголемиле своето богатство и влијание занимавајќи се и со законски и со незаконски активности.[61] Некои, исто така, почнале да се занимаваат и со политика и дел од нив биле инволвирани во екстракција на јавни средства.[62] Поранешните припадници на Ослободителната

војска на Косово, наводно, биле поврзани со некои криминални активности (како што се бензинските пумпи кои се користеле за перење пари).[63] Други, особено оние во т.н. бизнис со „обезбедување“, додадоа обланда на легитимност на своите активности преку формирање приватни фирми за обезбедување.[64]

И покрај напредокот постигнат во градењето на државноста, централната власт на Косово до ден денес нема голема контрола над северот на земјата, каде мнозинството од населението се етнички Срби. Институциите на северот имаат ограничена моќ поради бавното работење на самоуправата, додека регионот е исто така предмет на долготраен спор помеѓу Белград и Приштина околу статусот и границите на северната област. Резултатот е сива зона што овозможува плодна почва за недозволени активности.[65] Како што студено забележува извештајот за Европската комисија за 2019 година: „Во однос на организираниот криминал состојбата на северот на Косово продолжува да претставува предизвик за органите на прогонот“.[66]

## Мафијашка држава

Како што е опишано погоре, за време на војните во Југославија, режимот на Милошевиќ се вмешал во шверцот со цел да опстане при што во своите редови примил многу од главните криминалци. Овој модел продолжил и по војната, вклучувајќи го и шверцот на дрога и оружје. Како што објаснува Глени: „Организираниот криминал и тајната полиција работеа рака под рака во Југославија; во суштина, честопати беше невозможно да се разликуваат еден од друг“.[67] За разлика од другите земји во Источна Европа, немаше лустрација по завршувањето на војната или по крајот на комунизмот за да се спречи континуираното учество на криминалните чинители во Владата на новата Федеративна Република Југославија. Старите волци, едноставно го сменија крзното.



**Српскиот националист и воен криминалец Жељко Ражнатовиќ , подобро познат како Аркан. Од 1972 до 1983 година, Аркан собрал осудителни пресуди и налози за потера во Белгија, Холандија, Шведска, Западна Германија, Австрија, Швајцарија и Италија.**
*© Антоан Ѓори/Сигма преку Гети Имиџис (Antoine Gyori/Sygma via Getty Images)*

Но, позицијата на Милошевиќ била нестабилна, како во однос на политичката моќ, така и од аспект на контролата врз криминалните пазари. Атентатите се зголемиле, вклучително и оние врз криминалци како Аркан и политичарите од опозицијата, како, на пример, Иван Стамболиќ. Значајни личности во безбедносните служби играле клучни улоги во борбата за моќ меѓу Милошевиќ и опозицијата од 1999 до 2003 година. Нивното учество се доискомплицирало и со врските меѓу тајната полиција и организираниот криминал, како и Специјалната оперативна единица (ЈСО), со тоа што се тврдело дека членовите на ЈСО биле дел од озлогласениот Земунски клан. Оваа криминална група, именувана по област во Белград, се појавила околу 1993 година; до 2001 година, кога го киднапирале добро познатиот српски бизнисмен Мирослав Мишковиќ, Земунскиот клан бил опишан како една од најсилните европски криминални организации, која со години имаше заштита од државата.[68] Во меѓувреме, политичкиот контекст се менувал. Милошевиќ поднел оставка во октомври 2000 година по тесно изгубените претседателски избори. Бил уапсен во април 2001 година и екстрадиран во Меѓународниот кривичен суд за поранешна Југославија (МКСЈ) во Хаг.[69]

*Организираниот криминал и тајната полиција работеле рака под рака во Југославија; често беше невозможно да се одреди кој е кој.*

Некои од оние кои смениле страна, па од кај Милошевиќ преминале кај новиот премиер Зоран Ѓинѓиќ, како, на пример, шефот на ЈСО Милорад „Легија“ Луковиќ, почнала да ги фаќа трема кога Ѓинѓиќ изјавил дека ќе го сузбие организираниот криминал, а и МКСЈ дојшол да го бара Луковиќ. Како резултат на тоа, се тврди дека група полицајци - од кои некои биле членови на паравоѕката во текот на војната, како и некои со криминални врски – извршиле атентат на Ѓинѓиќ на 12 март 2003 година.[70]

Другата половина на Сојузна Република Југославија, имено Црна Гора, исто така се борела со наследството од војната, погубното влијание на санкциите и хиперинфлацијата. Еден начин за опстанок бил преку шверц на цигари. Помеѓу 1994 и 2002 година, шверцот со цигари се одвивал во степен од индустриски размери. Незаконскиот бизнис, за кој се проценува дека носел 700 милиони американски долари (цврста валута) годишно – се одвивал во соработка со италијански мафијашки групи. Истрагата спроведена од италијанските власти открила дека шверцот е државно организиран и дека на врвот на недозволената операција бил поранешниот премиер на Црна Гора, Мило Ѓукановиќ (сега претседател на државата). Налог за негово апсење е издаден во 2005 година. Иако обвиненијата против Ѓукановиќ беа отфрлени во 2009 година, масовната шверцерска операција ја отворила вратата и на корупцијата и ги оснажила локалните криминални мрежи и нивните меѓународни врски. Освен тоа, ја претворила Црна Гора во атрактивна дестинација за италијанските криминалци. Според поранешниот анти-мафијашки судија во Бари, во 90-тите години на минатиот век многу големи италијански криминалци се дружеле во Црна Гора: „Над стотина од најопасните италијански бегалци [живеат] во земја со само 600.000 жители. Како е тоа можно?“

## Играј по правила, или бегај во странство

Атентатот на Ѓинѓиќ бил сериозен удар за Сојузна Република Југославија. Како одговор на тоа, била прогласена вонредна состојба и во 2003 година била покрената голема акција против организираниот криминал наречена Операција „Сабја“. Приведени биле повеќе од 10 000 луѓе, при што истрагата разокрила инкриминирачки врски во односите меѓу политичките и криминалните групи, како и меѓу безбедносните служби и организираниот криминал. Неколку членови на Земунскиот клан биле осудени за убиства и терористички напади.



Снимка од безбедносни камери од член на Бандата „Пинк Панери“ во текот на грабеж на накит
*© Фајсбук Facebook*

## Пинк-пантери: искрши и грабај

Пинк Пантери е името што Интерпол го дале на меѓународната мрежа на крадци на накит и часовници, составена од околу 200 члена и таканаречени олеснувачи (и други), од кои речиси сите биле од Западен Балкан. Мрежата е одговорна за некои од најголемите и најхрабрите грабежи на накит досега, и работи во бројни земји и на повеќе континенти. Според различни извори, групата е одговорна за над 350 милиони евра украдени преку грабежи на злато и дијаманти. Постојат индикации дека дел од нивните активности може да биле во име на клиенти во богати европски земји.[72]

Многу од членовите зборуваат на повеќе јазици, имаат повеќе пасоши, поминале воена обука и имаат насилно минато што датира од војните во Југославија. Според едно лице блиско до групата, дел од првичната мотивација на членовите на групата биле гневот и одмаздата. „Југославија порано беше земја чиј пасош вредеше повеќе од кој било друг во Европа. И потоа одеднаш сè се смени. Станавме граѓани од трет ред. Нè сметаа за дивјаци. Сето ова предизвикува инает. И понекогаш се впуштаме во тоа поради одмазда“.[73]

Се чини дека Пинк Пантерите се повеќе мрежа отколку организирана криминална група со конкретно раководство или лидери. Според лице на кое групата му е позната, „организациската структура на Пантерот е како октопод“.[74] Постојат порелевантни фигури во групата кои можат да се сметаат за крадци од „повисок ред“, но тие не спроведуваат никаква контрола врз понеискусните членови на криминалната мрежа. Грабежите најчесто ги извршуваат локалните ќелии кои се веќе присутни во земјата или во соседните региони. Сепак, крадците честопати се враќале дома во Црна Гора (претежно во Цетиње) или во Србија (особено градот Ниш), каде биле „на повик“, чекајќи повик за следна операција. Многумина се чини дека имале контакти и станови во Италија.[75] Големата операција на ИНТЕРПОЛ во 2007 година се чини дека ја намали делотворноста на мрежата, но постојат индикации дека некои членови се сè уште активни.

Како последица на тоа, криминалната група била практично расформирана или барем распрсната. Според извештаите, за време на операцијата Сабја, бројот на дилери на дрога се намалил толку драстично што цената на наркотиците значително се зголемила.

Како што истакнува Варезе, „мафијашките групи се преселуваат на нови територии за да избегаат од државните органи на прогонот, од мафијашките војни и внатрешните спорови, или затоа што државата им наредила да бегаат".[71] Србија по 2003 година е добар пример: пораката од владата била или да играат по правила, или да бегаат во странство. Како што ќе видиме во некои студии на случаи подолу, многумина се решиле за втората опција, бегајќи во Западна Европа (особено Шпанија) и Јужна Африка, честопати со лажни документи и идентитети.

## Албанците се шират

*До 2001 година, групите од албанско јазично подрачје биле активни во недозволената трговија со хероин во неколку европски земји.*

По изборите во јуни 1997 година, ситуацијата во Албанија се стабилизирала: формирана била нова влада и назначен нов претседател.[76] Новата влада започнала со борба против организираниот криминал: во 2000-та година, албанската влада објави дека покренала обвиненија против 23 криминални групи кои биле вмешани во трговија со дрога.[77] Во рамките на државата, честопати биле вршени апсења за трговија со луѓе, шверц на мигранти, трговија со оружје и кражба на автомобили.[78]

Поради борбата за територија, поефикасното спроведување на законот и зголемените можности за преселување во странство, некои албански криминални групи започнале да ги префрлаат своите операции во Западна Европа и Турција. Всушност, до 2000-та година, голем број Албанци вклучени во незаконски активности веќе ја напуштиле земјата и основале недозволени претпријатија во странство, особено во Грција, Италија, Швајцарија и Германија. Околу 10 600 Албанци, вклучително и многу криминалци, емигрирале илегално во Апуља, Италија, само во раната пролет во 1997 година.[79] До 2001 година, групите што зборуваат албански јазик (вклучително и групи од Косово и Северна Македонија) биле активни во трговијата со хероин во неколку европски земји, како Република Чешка, Белгија, Грција, Австрија и Швајцарија.[8081] До 2005 година, тие исто така започнале со трговија со хероин во нордиските земји, главно во Шведска.[82] Вообичаената рута била да се набави хероин од турските организации и да се транспортира кон Западна Европа, најчесто преку Унгарија.[83]

Во речиси исто време (околу 2001 година), Албанија исто така станала земја-извор за канабисот што се продавал во Европа по масовното садење канабис во Албанија во 1990-тите.[84] Земјата исто така станала и една од главните земји-извори на растителен канабис на италијанскиот и грчкиот пазар, а постепено и важен извор на смола од канабис.[85] Албанските криминални групи исто така биле инволвирани во трговијата со луѓе во Белгија, Франција, Италија и Велика Британија, и особено во Италија, каде имале блиска соработка со италијанската мафија.[86] Некои од овие соработки ја дале основата за идните мрежи за трговија со дрога. Исто така, постојат докази дека Албанците биле вклучени во вооружени грабежи во Грција, како дел од мешани криминални групи составени од Грци, Албанци, Романци и поранешни Југословени.[87] За краток временски период, дел од албанските групи од теренски војници за помоќни (турски и италијански) групи станале клучни играчи на пазарите за трговија со дрога, нелегална имиграција и трговија со луѓе во одредени делови на Европа.[88]

# Раселување и дијаспора

Важна последица од војната во Југославија што придонесе за жариштата на криминална активност во странство беше емиграцијата. Како што беше забележано, првиот бран на емиграција од Југославија дојде во 1970-тите и 1980-тите. Војната предизвика втор, поголем бран. Во 90-тите години, стотици илјади луѓе од регионот се преселија во странство, вклучително и оние што бараа азил. Десетици илјади отидоа во земји како Австрија, Данска, Холандија и Шведска, а стотици илјади во Германија. Слично на тоа, нестабилноста во Албанија и во Косово предизвика егзодус кон Италија, Западна Европа и Турција. Всушност, се проценува дека неколку стотици илјади косовски државјани живеат во странство.[89] По војната, бавното темпо на реформите во некои земји од Западен Балкан доведе до „одлив на мозоци“. Имаше уште еден бран на емиграција од Косово и Албанија во 2015 година кога луѓето од тие земји им се придружија на големата група бегалци и мигранти во движење, претежно од Сирија, кон Западна Европа.

Во овие масовни протоци на луѓе во движење, имаше и мал процент кои беа криминалци. Како што истакнува Варезе, „под претпоставка дека одреден дел од населението се состои од криминалци, колку е поголема миграцијата на поединци од тоа население, толку ќе е поголем бројот на криминалци кои стигнат до нова територија“.[90]

Слични шеми биле забележани и на други места во минатото, на пример, Италијанците кои емигрирале во САД по Втората светска војна. Дијаспорите во земјите како Германија, Австрија и Холандија станаа клучна алка за криминалните групи од Балканот, кои ја искористија својата нова околина да се занимаваат со криминална активност. Истовремено, глобализацијата понуди нови можности, олеснувајќи го движењето на луѓето, парите и стоките - развој кој криминалците кои оперираат во Латинска Америка и Јужна Африка набрзо го искористија.

**Нестабилноста во Албанија и Косово предизвикала масовен егзодус кон Западна Европа. Тука се гледа како албански бегалци пристигнуваат во Бари, Италија.** © *Патрик Дуранд / Сигма преку Гети Имиџис (Patrick Durand/ Sygma via Getty Images)*






# ЗАПАДНА ЕВРОПА



Западна Европа е глобалното жариште каде што криминалните групи од Западен Балкан се најактивни, затоа што тоа е главниот пазар за продажба на дрога. Овој дел дава преглед на нивните активности во Италија, Шпанија, Холандија и Република Чешка. Исто така разгледува зошто и како криминалните групи станале активни на овие пазари и како се движеле по вредносниот синџир од улични криминалци до големи дистрибутери.

Групите од Западен Балкан сега се клучните шверцери на хероин, канабис и кокаин. Тие се особено сконцентрирани на места каде има значителна дијаспора, со оглед на тоа дека организираниот криминал обично пред сè се потпира на својата заедница. Таканаречената „Франкфурт мафија“, на пример, станала озлогласена по шверцувањето хероин од Северна Македонија до Франкфурт и Виена (два града каде има голема дијаспора). Групата главно се состоела од македонски државјани од градот Велес.[91] Според полицијата, Франкфурт мафија успеала брзо да навлезе на пазарот со продажба на висококвалитетен хероин по цена што се опишува како разумна. Нивниот профит само во Виена се проценува на 80 000 евра (105 000 УСД) дневно.[92] Од 2010 до 2013 година, полицијата во Германија, Австрија и Северна Македонија уапсила околу 450 луѓе за кои се верува дека биле дел од групата. Во 2013 година, македонската полиција уапсила уште 60 македонски државјани во врска со Франкфурт мафија.[93] И покрај овие удари, групата е сè уште активна и просто само ја смени тактиката.[94]

Во еден друг пример, криминалци од Западен Балкан успеале да напредуваат во криминалната хиерархија во Шведска. Во 1970-тите и 80-тите години, неколкумина - како Аркан - биле вклучени во грабежи на банки и изнудување. „Југо мафијата“ („*Juggemaffian*“, како што беа познати во Скандинавија), потоа преминала кон трговија со цигари, дрога и оружје. Се вели дека оружјето од поранешна Југославија, вклучително и рачни гранати, придонело за растечката спирала на насилство во некои шведски населби.[95] Некои од „бившите југословени“, како што понекогаш се нарекувале, се чини дека имале и врски со моторџиските групи во Шведска, Данска и Норвешка. Една од главните криминални групи во Шведска се вртела околу Насер

**Западна Европа е главниот странски пазар за дрога за криминалните групи од Западен Балкан. Тука, германски полициски службеник разбива трговија на дрога во Франкфурт, каде има голема македонска дијаспора.** *© Борис Рослер/Пикчр алајанс преку Гети Имиџис (Boris Roessler/ Picture Alliance via Getty Images)*




**СЛИКА 1** Рути на нелегална трговија во Западна Европа разгледани во овој извештај

Џељиљи, етнички Албанец од Македонија. Групата, која оперирала од Гетеборг, била вклучена во трговија со дрога, изнудување и вооружен грабеж.[96]

Неколку водачи на српската мафија во Шведска биле убиени во крвави расправии. Драган Јоксовиќ, близок пријател на Аркан, кој бил познат како кралот на гангстерите на Стокхолм, бил убиен на тркачка патека во 1998 година – наводно по наредба на поранешниот соработник, Драган Ковач. Овој пак (Ковач) бил убиен со огнено оружје пред еден ресторан во Стокхолм, неколку месеци подоцна. Јосковиќ го наследил Ратко „Кобра“ Ѓокиќ, кој бил убиен во мај 2003 година. Него го наследил Мило Сево, наречен „Кумот на Стокхолм“.[97] Сево, наводно, е денес „бизнисмен“ во Србија.

Исто така, се чини дека постои поврзаност на Западен Балкан со еден смел грабеж на трезор за готовина во Стокхолм, во септември 2009 година, познат како грабежот со хеликоптер „Вестберга“.[98] Ваквите храбри злодела и комбинацијата на разновидни ликови инспирирале голем број на скандинавски крими-филмови и документарци. Во последно време, се водела најмалку една голема операција против албанска криминална група, која шверцувала 1,650 килограми кокаин и хероин во Шведска и Данска.[99]

Прилично невообичаен пример на криминалци од Западен Балкан е случајот со браќата Ќулум, Армин и Нермин, кои емигрирале во Германија од Босна и Херцеговина. Во 2004 година тие го основале Моторџискиот клубот „Обединети Трибуни“, за кој се знае дека е вклучен во трговија со луѓе, проституција и нарачани убиства. Во 2014 г., Германија ги категоризирала „Обединетите Трибуни“ како сериозна закана за националната безбедност. Издадени биле

бројни налози за апсење, што ги натерало браќата да се вратат во Босна, од каде продолжуваат да ги водат своите активности.

Во Велика Британија, илјадници луѓе од Албанија и од Косово (вклучително и многумина од Албанија кои лажно тврдеа дека се од Косово) влеле во земјата во 1999 и 2000 година. Како и во другите заедници со емигранти, мал процент се вклучил во незаконски активности, во овој случај трговија со луѓе и трговија со хероин, како и култивирање и трговија со канабис.[100] Во раните 2000-ти, Албанците полека и ефикасно ја презеле контролата врз големиот лондонски пазар на кокаин.[101] До 2015 година, тие дефинитивно станале главни играчи во главниот град, како и во другите заедници низ целата земја. Не само што тие се активни во дистрибуцијата, туку албанските банди се од висок профил и со застрашувачка репутација во однос на продажбата на дрога, како и изнудување и вооружен грабеж. Еден на секои десет странски затвореници во Велика Британија сега е Албанец.[102]

## Италија: Партнери во криминалот

Како што е наведено во претходните делови на овој извештај, блиските врски помеѓу криминалните групи во Италија и Западен Балкан постојат уште од 80-тите години на минатиот век. Некои од најраните активности вклучувале шверц на цигари со Црна Гора, Србија и Албанија, а Италија била една од првите земји каде криминалците од Западен Балкан ги направиле своите први чекори по скалата на криминалната хиерархија. Криминалците од Југославија пристигнале во осумдесеттите и 90-тите години, честопати заедно со брановите бегалци од југословенската војна и се вклучиле во кражба на луксузни производи, како облека и часовници. На пример, се претпоставува дека Миленко Микановиќ Лазин ги започнал своите криминални активности во 1980-тите. Ја напуштил Југославија за да работи во Италија, каде на почетокот почнал да ограбува куќи на богати Италијанци. Подоцна се здружил со други криминалци од регионот и тие започнале да соработуваат на грабежи на накит. Се наведува дека полицајците во Босна биле запознати со неговите активности, но никогаш не презеле дејствија против него.

Во вториот бран, Италија станала клучен фокален пункт за шверц на цигари, особено со српски и црногорски организирани криминални групи. Се наведува дека од 2000-тите Србите тесно соработуваат со италијанската мафија, за која транспортираат и дистрибуираат дрога на територијата на целата земја и низ Западна Европа.

Што се однесува до трговијата со хероин во Италија, се чини дека групите од Западен Балкан ги консолидирале своите врски со турските групи. Всушност, се чини дека вторите ја намалиле својата директна вмешаност во недозволената трговија во Италија, оставајќи повеќе простор за Албанците. За Албанците исто така се вели дека се активни на пазарот со канабис, особено во увозот на канабис со потекло од нивната земја. Но, најважниот пазар е кокаинот. Во 1990-тите години, Албанците биле активни во трговијата со луѓе во Италија пред да преминат кон трговија со дрога. Првично, Албанците биле партнер од понизок ранг на Италијанците во овој потфат, но во текот на изминатите две децении - благодарение на нивните врски со снабдувачите на кокаин во Латинска Америка и мрежите во западноевропските земји каде има голема албанска дијаспора - тие се искачиле нагоре по хиерархијата до тој степен што се, во некои случаи, еднакви партнери на италијанските мафијашки групи.

Источното крајбрежје на Италија е значајна точка за влез на дроги, што е јасно и од релативно големиот број на заплени на дрога во автомобили во Бари и Анкона што се симнуваат од траектите што пристигнуваат од Драч. Албанците во Италија кои увезуваат дрога долж брегот на Пуља имаат двојна предност: имаат врски со своите сонародници кај самиот извор на снабдување, како и со групи во Албанија кои можат да ја олеснат дистрибуцијата. Ова им дава клучна предност во однос на организирање на големи пратки, оформување на цени и преземање на улога на брокери и медијатори. Тие, всушност, станаа оние кои управуваат со рутите и ги носат одлуките. Понекогаш исто така се сметаат за извршна гранка на заедничките потфати. Ова им носи почит меѓу веќе етаблираните италијански групи. Освен тоа, им заработува почит во нивната земја и предизвикува загриженост кај полицијата. Според еден италијански иследник,




**Веќе со децении постојат блиски врски помеѓу италијанските криминални мрежи и оние од Западен Балкан. Тука, италијанските Карабиниери запленуваат 800 килограми хашиш.** *© Салваторе Лапорта/КОТРОЛАБ/ Лајтрокет преку Гети имиџис (Salvatore Laporta/KONTROLAB /LightRocket via Getty Images)*

спојувањето на италијанските и албанските групи е опасна мешавина: „Луѓето од традиционалната мафија, особено калабријанската, спојувајќи се со жестокоста на албанските босови, достигнуваат уште попогубна димензија“.[103]

Некои од овие врски се остварени во затвор. (Од февруари 2020 година има повеќе од 2 300 Албанци во италијанските затвори). Затворот е почесто почетна точка за живот поминат во криминал отколку крај на таквиот живот. На пример, во затворите во регионот Пуља, албанските криминалци доаѓаат во контакт со италијанската мафија. Се чини дека таков бил случајот со Арбен Зогу кој, наводно, го започнал протокот на кокаин контролиран од Албанци во Рим.[104] Тој служеше затворска казна заедно со Роко Белоко, шеф на едно од најмоќните семејства ‘Ндрангета, случајност која стана основа на едно вредно пријателство. Во суштина, се тврди дека албанските и италијанските групи не само што формираат сојузи, туку дури и интегрирани групи. Ова се чини дека е дел од тренд во кој на некои италијански криминални групи им одговара да предадат дел од своите активности на други за да го намалат сопствениот персонал, и да допуштат други да работат на улиците со нивна дозвола.[105] Според главниот обвинител:

Албанците соработуваат со секоја група. Имаат врски, знаат како да дојдат до дрогата и да ја пренесат, вредни се и никој не може да ги допре затоа што тие се под заштита на најмоќните мафијашки групи, сите од Мафијата до Камора и исто така ‘Ндрангета. Не дилаат дрога на улица; тие се брокери и тоа добри, луѓе од доверба.

Врските меѓу италијанските и албанските групи се очигледни во голем број полициски операции од 2019 до 2020 година. Во операцијата „Сабја 2“ во декември 2019 година, деветмина осомничени - од кои седуммина биле Албанци - биле приведени од карабиниерите, како дел од операција за разоткривање на трговија со канабис и кокаин во Фиренца. Во јануари 2019 година, еден Албанец и еден Црногорец биле уапсени заедно со припадниците на Римскиот клан Казамоника како дел од операцијата „Бразил ниска цена“ што ја разби групата што снабдуваше кокаин во Рим и Неапол. (Албанецот Дорион Петоку, наводно е потполковник на Арбен Зогу.) Групата планирала со приватен авион да пренесе 7 тони кокаин со висока чистота од Бразил во Европа. (Првичниот план бил да се лета лета за Рим, но потоа ја промениле дестинацијата за Сион во Швајцарија.) Црногорецот, Томислав Павловиќ, наводно бил во контакт со колумбиските групи за време на неколку посети на Бразил со цел планирање.[106]

На 1 август 2019 година, петмина Албанци, еден Романец и еден Италијанец биле псени како дел од операцијата „Црн орел". Според информациите кои произлегле по апсењата, кокаинот од Колумбија пристигнал во Ротердам и бил расцепкан во помали пакувања од 15 до 50 килограми, а пренесен во Италија од Албанците во специјално опремени автомобили со дупло дно (адаптирани на работилницата во Мадрид, водена од Колумбијци кои биле платени меѓу 10.000 и 20 000 евра, а добиле и кокаин), како и во комбиња и теренски возила. Дрогата потоа била продадена на италијанските групи според условите на склучените договори. Сличен модус операнди бил откриен од италијанската полиција во март 2018 година кога 15 лица, меѓу кои и извесен број Албанци, биле уапсени од полицијата во Болоња за софистицирана операција за недозволена трговија од Белгија и Албанија.[107] Постојат и многу други слични случаи.[108]

Во декември 2019 година, италијанската полиција спровела масовна операција против организираниот криминал во Рим. Операцијата главно била насочена кон италијанската Мафија, но полицаец вклучен во случајот рекол дека „Новите неспорни мајстори во римското кралство на наркотици се„ Албанците ". Римскиот криминален свет ги бара нив за да купи „бел прав" по цена од 28.000 евра за килограм. Најпримамлива цена". Во февруари 2020 година, како дел од Во операцијата Еространто, група од 11 Албанци и Италијанци, позната како Мафија Витербезе, била осудена на комбинирана казна од 135 години затвор за изнудување и рекетирање во градот Витербо. Босовите, наводно еден Италијанец од Калабрија и еден Албанец, не се фатени.

*Врските помеѓу италијанските и албанските криминални групи се очигледни во бројни неодамнешни полициски операции.*

Интересна илустрација за динамиката на моќта меѓу албанските и италијанските групи може да се види во случај кога Албанците, преговарајќи за договор со мафијашки групи во Сицилија, наводно зеделе двајца сицилијански соработници како заложници за да гарантираат плаќање на пратката. Според член на финансиската полиција, ваквото земање заложници е нормално меѓу криминалните групи, „но кога Албанци земаат Сицилијанци како заложници, тоа е навистина точка на пресврт што покажува колку моќни станале".[109]

Неколку убиства во 2019 и 2020 година укажуваат на тоа дека профитабилниот пазар на кокаин во Рим е растресен. На 7 август 2019 година, еден од главните криминални умови во Рим, Фабрицио Писители (познат и како Диаболик) бил застрелан во главата додека седел на клупа во парк. Во јануари 2020 година, албанскиот дилер на дрога, Гентијан Каса бил убиен пред својата куќа во Рим. Постојат шпекулации дека убиствата се индикација за борба за моќ помеѓу групите во кои учествуваат Албанци и различни фракции на италијанската мафија.[110] Затоа би било премногу упростено врската помеѓу албанските и италијанските групи да се доживува единствено како хармонична и еднозначна: јасно е дека постои внатрешна динамика што предизвикува конкуренција и насилство.

Албанец, кој живее во Италија со години, опишува како неговите сонародници се искачиле по хиерархиската скала на криминалот: „Дојдов кога бевме нови. Сите се сеќаваме на еден голем брод во пристаништето Бари натрупан со очајни луѓе, а денес доаѓате кај нас да барате работа. Станувавме сè поважни не затоа што сме силни, туку затоа што служевме. Денес има многу дрога во Италија затоа што ние знаеме како да ја донесеме, не само од Албанија, туку од секаде во Европа. Ризикуваме многу, нешто што денес Италијанците не сакаат повеќе да го прават... ние сме главни, но секогаш знаеме кој е главен на теренот, ги почитуваме Италијанците и тие нè почитуваат затоа што знаеме како функционира овој бизнис".

## Шпанија: Од крадци до барони

Групите од Балканот дојшле во Шпанија по војната во Југославија. Она што ги привлекло се чини дека било исто како и за другите криминалци (на пример оние од Велика Британија и Русија) - да работат од места како што се Коста дел Сол, Коста Валенсија и Коста Брава - имено, добрите временски услови, добрата локација, добрата инфраструктура и добрите можности за перење пари. Првите криминални активности (во раните 2000-ти) беа претежно напади и грабежи. Некои банди (особено од Албанци и Косовари) се чини дека се специјализирале за обивање во индустриски погони. Таквите крадци се нарекувале „бутронери" („*butroneros*" - провалници) затоа што биле вешти за отворање на сефови и избегнување на безбедносните системи. Други се фокусирале на обивање и грабеж на луксузни домови, особено на професионални фудбалери. Некои групи, исто така, се чини дека биле вклучени во трговија со оружје. Како и во другите глобални жаришта, се чини дека злосторниците честопати работеле со лажни документи и повеќе идентитети и патувале наваму-натаму кон своите земји на потекло. Во суштина, шпанската полиција ги смета за патувачки групи.

Некои од овие групи потоа се искачија на синџирот на вредности, вклучувајќи се во шверц на дрога (канабис, хероин и кокаин). Како што забележал еден член на шпанската единица за дрога и криминал од повисок ранг, „тие од крадци станаа барони".[111] Шпанија е важна порта за кокаинот што се шверцува од Латинска Америка, влегувајќи преку контејнери на поголемите пристаништа (како што се Алхесирас и Валенсија) - често со бродови на Медитеранската компанија за испорака (Mediterranean Shipping Company). Исто така, има извештаи за екипажи, кои, штом нивниот брод влезе во шпански води, фрлаат торби со дрога што се специјално изработени и содржат Џи-Пи-Ес (GPS) ориентири во морето. Потоа дрогата ја собираат со едрилици и бротчиња на пумпање. Се чини дека оваа техника ја користела групата околу Винету Чоковиќ (црногорски државјанин), која беше уапсена од шпанската полиција во 2015 година во операција во која беа фатени 3,5 тони кокаин и 9,3 милиони евра во кеш.[112]

Се чини дека Валенсија е клучниот центар за групите од Србија и Црна Гора. Лука Бојовиќ, шеф на озлогласената „Земунска група" (и поранешен член на „Тигрите" на Аркан), беше уапсен таму во февруари 2012 година (врз основа на налог за апсење на ИНТЕРПОЛ за неколку убиства), заедно со уште двајца членови на Земунскиот клан, Владимир Милисављевиќ и Синиша Петриќ. Валенсија, исто така, одигра клучна улога во развојот на картелот Котор. Токму таму исчезнале околу 200 килограми кокаин од станот на Горан Радоман (црногорски државјанин) во 2014 година. Спорот околу тоа што се случило со дрогата предизвикал раздор во которскиот кланот, разделувајќи ги во ривалските Шкаљарски и Кавачки клан. Радоман бил убиен во февруари 2015 година. Тоа отпочнало циклус на одмазда кој продолжува и до ден-денес.

Постои уште една интересна врска помеѓу Шпанија и балканските криминални групи што вреди да се спомене. Во јануари 2015 година, хеликоптер кој носел околу 900 килограми хашиш - наводно од Мароко - се срушил близу Малага. Пилотот бил мајор во албанските вооружени сили.[113] Ова не бил изолиран инцидент: се чини дека постои постојан прилив на хеликоптери и лесни воздухоплови кои превезуваат дрога помеѓу Мароко и Шпанија, иако степенот на ангажирање на пилоти од Балканот не е јасен.[114]



**Пристаништето Валенсија е клучна влезна точка за кокаинот што се шверцува во Европа од групите од Западен Балкан.** *© Блом ОК преку Гети имиџис (Blom UK via Getty Images)*

Има знаци дека Северна Африка е новиот хоризонт за криминалните групи од Балканот. Трговијата со кокаин преку регионот се зголемува, за што сведочат и две големи заплени во Алжир во 2019 година.[115] Во август 2018 година, единаесет Црногорци биле уапсени на брод (кој пловел од Канарските Острови кон Турција) со 20 тони хашиш, откако нивниот брод бил забележан од Италијанските власти поради сомнително однесување од брегот на Северна Африка.[116] Освен тоа, постојат индикации дека преку Либија кон Балканот се шверцуваат цигари и дрога,[117] како и дека постои шверц на оружје од Србија до Либија.[118]

Додека Албанците, Србите и Црногорците најчесто се поврзуваат со трговија со кокаин, интересно е да се забележи дека во декември 2019 година двајца државјани на Северна Македонија биле уапсени во дел од една операција која го попречи обидот за шверцување на 700 килограми кокаин на Балканот од Мадрид. Интересно е што шпанските власти не ги сметаат криминалните групи од Балканот за висок ризик. Според статистичките податоци од 2017 и 2018 година, луѓето од Западен Балкан сочинуваат само 1 процент од оние кои се вклучени во криминална активност. Постојат сугестии дека некои од најголемите играчи ги пренеле своите операции во Дубаи.[119] Ова може да дошло како реакција на значителното зголемување на насилството во Коста дел Сол во 2018 година.[120] Сепак, и покрај нивниот релативно мал број, криминалните групи од Западен Балкан се чини дека се големи играчи во шпанското подземје.



## Холандија: „Југомафија“ (Joegomaffia)

Во Холандија, имињата на криминалци од Балканот почнаа да се појавуваат во полициските извештаи во раните 90-ти. Повеќето од активностите во тоа време (особено помеѓу српските и холандските криминални групи) се вртеа околу шверцот со оружје од поранешна Југославија, понекогаш во замена за синтетички droги како екстази. Некои од овие „Југомафијаши“, како што се спомнуваат во холандски сленг, се произлегле од заедницата на бегалци кои имале пристигнато по војната, додека други влегувале и излегувале од земјата. Во втората категорија имало и убијци од Балканот. Според новинарот за криминал Вутер Лауманс, околу 2000-та година организираните криминални групи во Холандија ангажирале луѓе од Србија да извршуваат убиства: „Во криминалниот свет нивната репутација беше јасна: еден „Југо“ беше вистински професионалец кога станува збор за извршување нарачано убиство“. Еден од најзаастрашувачките гангстери бил Србинот Сретен Јоциќ, познат и како „Јоца Амстердам“. Во 1993 година тој бил обвинет во Холандија за напад врз полициски службеник. Тој избега во Бугарија, но конечно бил фатен и ја одлежал казната. Во 2010 година бил осуден на 15 години затвор за убиството година на својот ривал Горан Марјановиќ во 1995 година.

Додека некои Албанци биле вклучени во трговија со луѓе во 90-тите, а во поскоро време, во шверц на мигранти (на пример од холандските пристаништа до Велика Британија), по 2010 година тие станале поактивни во трговијата со дрога. (Можеби не е случајност што 2010 година беше годината кога се овозможи безвизно патување во Холандија.) Како што е наведено во другите жаришта профилирани во овој извештај, постои јасен тренд кај Албанците со тек на време да се качуваат по скалилата на криминалната



**Холандија стана центар за култивација на канабис во затворен простор, дистрибуиран од албански групи низ Европа.** *© ФликрВижн преку Гети Имиџис FlickrVision via Getty Images*

хиерархија. Всушност, иако се чинеше дека влегле на холандскиот пазар како подножички на италијанските групи, до 2020 година тие се чини дека станале сериозни играчи сами по себе. Навистина, некои информации упатуваат на фактот дека Албанците сега сами водат сопствени трансатлантски операции.

Холандија е привлечна за криминалните групи од Балканот поради централната локација, како и капацитети како логистички центар, особено преку пристаништето Ротердам и аеродромот Скипхол. Како глобален пункт за дистрибуција на расипливи стоки (особено цвеќиња, овошје и зеленчук), холандските компании имаат искуство со брзо пренесување на голем обем на трговски производи. Но, оваа брзина и ефикасност значи дека многу контејнери не се контролираат. Ова е идеална поставеност за шверц на дрога.

Како што се забележува понатаму во делот за Латинска Америка, пристаништата во Холандија и Белгија (како Ротердам и Антверпен) честопати се користат за увоз на големи пратки кокаин од Еквадор, Бразил и Колумбија - во 2017 година, седум лица беа уапсени и десетици килограми кокаин беа запленети од пратка од Еквадор. Во бизнисот со дрога, албанските групи во Холандија честопати се нарекуваат „уиталерс" - буквално „берачи" - со други зборови, луѓето што собираат дрога, особено кокаин и хероин, од пристаништата и ги дистрибуираат низ северозападна Европа. Многу од албанските мрежи за организиран криминал што работат од Холандија (и Белгија) ја користат својата позиција како платформа за трговија со кокаин во Велика Британија, најголемиот пазар на кокаин во Европа.

## Тивките Албанци

*Се смета дека албанските групи на организиран криминал играат главна улога во подземјето на Амстердам.*

Нарекувањето на овие групи како албански картел би наведувало на погрешен заклучок. Поточно, се смета дека има околу 15 активни албански криминални групи во земјите на Бенелукс со врски со три до четири албански групи на организираниот криминал, сместени во Латинска Америка со директен пристап до пазарот на големо за кокаин. Просечната група во Холандија брои околу 10 до 15 члена. Иако имаат тенденција да претпочитаат да работат со луѓе што ги познаваат (или од ист клан или од ист град или регион), во последниве години постои тренд кон мултиетнички групи. Во однос на дистрибуцијата на канабис, албанските групи на организираниот криминал, наводно, имаат блиска соработка со холандски, италијански и марокански криминални организации.[121] Тие, исто така, се чини дека имаат корист од војните во бандите меѓу криминалците со потекло од Мароко.[122] За нив се вели дека играат главна улога во подземјето на Амстердам.[123]

Во септември 2018 година, двајца водечки членови на кланот Бајри беа уапсени во Ротердам за трговија со дрога, шверц со оружје, проституција, изнудување, водење нелегална лотарија и коцкање.[124] И (како што е опишано погоре во делот за Италија) во август 2019 година, италијанската полиција уапси 17 лица кои биле дел од албанска банда што шверцувала речиси 200 килограми кокаин од Холандија во Италија.[125]

Официјално, бројот на Албанците во Холандија е многу мал - околу 1 200. Но, се претпоставува дека има многу повеќе во земјата кои се таму неофицијално, некои користејќи фалсификувани пасоши од други земји на ЕУ (особено Италија и Грција), како како и други кои сезонски доаѓаат.[126] Според една студија на јавен обвинител, може да има приближно 40.000 Албанци во Холандија. Повеќето од нив се групирани околу Амстердам и Ротердам, но има и голема заедница во Лимбург, на југот на земјата.[127] Овој регион, кој е на згода близина до Белгија и Германија, стана центар за одгледување канабис на затворено, проценет на вредност од околу 200 милиони евра годишно.[128] На пример, во Операцијата „Албанија“ во мај 2019 година, во областа Лимбург беа уапсени 30 осомничени, од кои 25 се Албанци.

Групите што оперираат околу Лимбург се чинат добро организирани и добро информирани. Тие со себе носат знаење за производство на канабис од Албанија (што всушност претходно го научиле од Холанѓаните). Во суштина, се чини дека ова е дел од поширок тренд. Додека албанските власти се борат со одгледувањето канабис дома, албанските групи на организиран криминал ја преселиле својата експертиза во странство, не само во Холандија, туку и во Белгија, Велика Британија и Турција. Албанските групи, исто така, се чини дека пристигнуваат со или имаат пристап до значителни средства, судејќи според бројот на куќи што ги купиле во областа Лимбург, често плаќајќи во кеш. Обвинител од Лимбург забележал: „Ме изненади колку точно можат да ги посочат слабите карики во нашите општествени структури. Знаат да користат лажна лична карта за нелегално да изнајмат куќа. Тие знаат да ги користат холандските нотарски служби, знаат да користат агенти за недвижнини за да купат куќи, нивните методи се многу рафинирани, тие точно знаат што прават“.[129]

Албанските групи не се сметаат за насилни, ниту пак привлекуваат внимание на себе затоа што тоа би било лошо за бизнисот. Според еден кавен обвинител, дури и кога се уапсени, Албанците остануваат тивки, а многу често и за време на своите судења – „воопшто не зборуваат“.[130]

## Картелот Тито и Дино

Една од најимпресивните групи од Западен Балкан кои работат во Холандија е картелот Тито и Дино. Него го предводи Един Гаќанин, кој ја напуштил Босна за време на војната заедно со своето семејство и се преселил во Бреда. Во неговата организација учествуваат многу членови на семејството и лица од неговото старо маало во Сараево, кои, наводно, сè уште имаат блиски врски со политичари и бизнисмени во Босна. Гаќанин започна во бизнисот со дрога, поддржувајќи го локалниот криминалец Елвис Хоџиќ да организира и транспортира кокаин од Перу во Европа. Денес групата има блиски врски со колумбиските и перуанските картели. На пример, се претпоставува дека некои членови на картелот Тито и Дино моментално се присутни во Трухиљо, Перу, каде работат со четирите локални картели, склучуваат договори и ги подготвуваат пратките за Европа.

Тие ја одржуваат врската со Босна преку активностите за перење пари (иако откако ќе се исперат парите во Босна, ги враќаат на холандски банкарски сметки). Покрај тоа, тие отворија и компании во Шпанија и Холандија, веројатно со намера да перат пари. Картелот е длабоко вкоренет во Латинска Америка, САД и Европа, а имаат врски и со Шри Ланка и Хонг Конг (каде исто така биле откриени пратки организирани од картелот). Се смета дека Гаќанин моментно живее во Дубаи.[131] За неговата група се вели дека има блиски врски со холандско-марокански, италијански и ирски банди (некои дури го нарекоа и „супер картел“), кои, наводно, увезуваат 30 тони кокаин годишно преку пристаништата во Ротердам и Антверпен.[132]

## Република Чешка

Република Чешка е добар пример за тоа како земјите кои поминуваат низ брзи, но фалични транзиции кон пазарната економија се привлечни за мафиите во движење.[133] Фокусот на оваа студија на случај е повеќе врз економскиот криминал отколку недозволената трговија.

По Кадифената револуција од 1989 година, Република Чешка помина низ брз процес на пост-комунистичка транзиција, вклучително и приватизациска шема со ваучери. За време на овој процес на политичка и економска трансформација, слабиот регулаторен систем и систем на кривична правда, без вештини за справување со новите методи на организиран криминал, создадоа пазар на обезбедување, подложност кон корупцијата и можности за перење пари. Иако некои криминални групи биле присутни во Република Чешка и пред 1989 година, хаосот од 1990-тите отвори вакуум во кој на криминалците им беше релативно лесно да го злоупотребат темпото на промена на системот за свои цели.

Постојат неколку причини зошто Република Чешка беила атрактивно место за криминалците во подем, особено за оние од поранешниот Советски Сојуз и Југославија. Прво, нејзината географска близина до западноевропските земји. Второ, подложноста на чешките власти кон корупција.[134] Трето, за странците им било многу лесно да отворат банкарска сметка и да регистрираат компанија во земјата - дури и под име на трето лице.[135] Како резултат на ова, можело да се добие постојан престој во Република Чешка полесно отколку во другите земји од Централна Европа, што и била целта на членовите на групите на организиран криминал.[136] Истакнатите личности од светот на балканскиот организиран криминал кои регистрирале компании во Република Чешка, ги вклучуваат Дарко Шариќ, Андрија Драшковиќ, Милан - Лимон Наранчиќ, Исмет Османи и Ќазим Османи, како и Борислав Плавшиќ.[137][138] Во суштина, Чешкиот центар за истражувачко новинарство во 2015 година открил дека десетици компании

основани во Прага имаат врски и биле користени како машини за перење пари од неколку моќни балкански групи на организиран криминал, вклучени во трговија со дрога, убиства и шверц на цигари.

Од 1990-тите, чешките власти биле претежно насочени кон справување со растот на групите на организиран криминал од поранешниот Советски сојуз, кои се сметаа за поопасни од групите на Западен Балкан. Ова подразбираше дека криминалните групи од Балканот беа во можност да оперираат релативно незабележано во Република Чешка.[139] До ден-денес, познавањата за оваа тема, дури и меѓу експертите кои се фокусираат на борба против организираниот криминал во земјата, остануваат релативно слаби.

Добро поврзани луѓе од Балканот се етаблирале во Прага. Добар пример е Јордан Мијалков, таткото на Сашо Мијалков - шефот на на Тајната служба на поранешната Југословенска Република Македонија во владата на Никола Груевски, која се распадна по обвиненија за масовно прислушување во 2015 година. Јордан Мијалков бил првиот министер за внатрешни работи на поранешната Југословенска Република Македонија. Тој исто така бил претставник на југословенската компанија Макотекс во Прага во 1980-тите.[140] И додека само мал дел од информациите за активностите на Јордан Мијалков во Прага можат да бидат потврдени, неговиот син Сашо, додека ја вршел функцијата началник на тајната полицијата, не пријавил средства и имот, вклучително и недвижнини во вредност од околу 2 милиони американски долари и врски до многу градежни компании, во кои имале интереси неговите партнери, вклучително и браќата Спаравало, Дејан и Војислав.[141]

Таквите лица развиле добри контакти во политиката и со бизнис заедницата. Во суштина, фактот дека позицијата на клучните луѓе од Балканот вмешани во наркотици, коцкање и недвижнини останала релативно непроменета во последните неколку децении, сугерира дека овие играчи се чувствуваат удобно во чешкото општество поради своите контакти. И колку поетаблирани стануваат, толку подобри ќе стануваат нивните врски со локалните администрации кога станува збор, на пример, за недвижнини, јавни тендери и градежниот бизнис.

Лицата чијшто јазик е албанскиот, од друга страна (од Косово, Албанија и Северна Македонија) се повеќе инволвирани во улични злосторства, вклучително и трговија со луѓе и дрога, особено во градовите близу до границата со Германија.[142] Некои такви групи во моментов се наоѓаат под истрага поради малверзации со ДДВ и полиси за осигурување.[143] Сепак, меѓу нив има и големи играчи, на пример Принц Доброши. Етнички Албанец, Доброши бил голем шверцер на дрога, пренесувајќи хероин по Балканската рута преку Република Чешка кон северните земји. Тој бил уапсен во Прага во февруари 1999 и депортиран во Осло (каде што избегал од затвор во 1997 година). Потоа добил условна казна и бил депортиран поради „добро однесување“ во јануари 2005 година. Се смета дека се вратил назад, во Косово.[144]

Уште една причина зошто Чешка стана жариште за криминалните групи од Балканот е коцкањето. Од раните 90-ти години, земјата се користи од страна на групи на организиран криминал за перење пари преку објекти и уреди за коцкање. Според поранешниот заменик министер за финансии, Ондреј Заводски, коцкањето во Чешка не било регулирано со закон до 2017 година. Пред реформата во секторот за коцкање, Република Чешка имала повеќе од 6 000 коцкарски објекти и повеќе од 70 000 регистрирани слот машини.[145] Следствено на тоа, индустријата привлекла широк спектар на луѓе со криминална историја, вклучително и Ќазим Османи (кој помогна во основањето на компанијата за коцкање „Банко Казино“).[146] Сепак, според Павла Холцова, во моментов има помала потреба да се користат бизнисите со коцкање како начин на перење пари.[147] Ова се должи на подобрената положба на структурите на организиран криминал од Западен Балкан базирани во Чешка во рамките на глобалните мрежи на организиран криминал.[148] Сега можат да користат меѓународни мрежи за да перат пари наместо да ги чуваат во Чешка.

Да резимираме, рабтењето на криминалните групи во Западна Европа покажува како тие ги искористиле можностите и успеале да се излактаат во веќе добро воспоставените криминални пазари. Како што покажува следниот дел, тие исто така се движеле и кон исток.



# ЈУЖНА АФРИКА



Во 2018 и 2019 година, Јужна Африка беше погодена со низа нарачани убиства. Се покажа дека многу од сторителите и жртвите биле од Западен Балкан, особено од Србија. Овој дел покажува како наследството од минатото може да ги стигне оние што се обидуваат да му избегаат. Исто така, укажува на тоа дека Јужна Африка може да стане жариште за шверц на дрога за групите од Западен Балкан.

## Увезување криминалци

Се проценува дека југословенската заедница во Јужна Африка брои повеќе од 10 000 лица. Некои членови на заедницата се потомци на луѓе кои емигрирале од Југославија во 1960-тите и 1970-тите. Други се дел од вториот бран кои заминале по распадот на Југославија и транзицијата кон демократија во Јужна Африка во средината на 2000-тите. Голем дел од нив биле квалификувани стручни лица, како, на пример, лекари или сметководители, но имало и такви кои биле криминалци или поранешни милитанти во бегство. Како што изјави еден локален експерт, „Ние буквално увезувавме криминалци“.[149] Еден српски новинар од „Телеграф“ коментира за леснотијата со која овие криминалци можеле да се етаблираат во Јужна Африка:

Повеќето од нив се чесни, работливи луѓе, но меѓу нив успеаја да се инфилтрираат и криминалци кои ја продолжија својата работа во странство. За нив беше лесно да влезат во Јужна Африка без строга контрола. Јужна Африка беше отворена за луѓе од Источна Европа, па тие си ја искористија шансата. Често доаѓаа со значителни суми пари така што им беше лесно да започнат бизнис. Беа многу адаптибилни, не се колебаа дали да се вклучат во каков било тип криминал, со која било локална организација или мафијаш, без оглед на нивната религија, боја на кожа или национална припадност. Дојдоа со криминално знаење за шверц на дрога, рекетирање, изнудување, грабежи, убиства и кражби.[150]

Јужна Африка е атрактивно опкружување за криминалците од Западен Балкан, со оглед на тоа што нејзината оддалеченост од нивниот матичен регион им отежнува на органите на прогонот да ги следат (особено поради слабите канали на комуникација, лошото споделување на информации и недостатокот на билатерални договори за екстрадиција). Истовремено, Јужна Африка се смета за добро место за водење бизнис, без оглед на тоа дали е дозволен или недозволен. Има добро воспоставени финансиски системи, добра инфраструктура, и е вклучена во глобалните ланци на снабдување и пазари. Од друга страна, системот на кривична правда е слаб, корупцијата е распространета насекаде и постои спремен пазар за заштита.[151] Според еден аналитичар, корупцијата, па дури и заробената држава ја прават Јужна Африка привлечна за криминалните

◄ **Српскиот убиец Добросав Гавриќ во Основниот суд во Кејп Таун во текот на постапката за негова екстрадиција во Србија во февруари 2012 година. Гавриќ беше осуден за убиството на Аркан во 2008 и избега од Србија за да живее под ново име во Јужна Африка.** *© Нардус Енгелбрехт / Гало имиџис преку Гети имиџис (Nardus Engelbrecht/Gallo Images via Getty Images)*

здруженија.[152] Покрај тоа, „високата стапка на убиства им овозможува лесно да поминат со планираните атентати бидејќи полицијата е преоптоварена“.[153] Други укажуваат на недостаток на контроли, на пример за украдени пасоши, како овозможувачки фактор за прилив на криминалци од Источна Европа во Јужна Африка.[154] Бидејќи мнозинството играчи од организираниот криминал кои пристигнуваат во земјата користат лажни идентитети, не е јасно колку ги има во Јужна Африка. Полициски извори посочуваат дека истрагите биле фокусирани на девет лица заклучно со јануари 2020 година, иако се верува дека мрежата е „многу поголема“.[155]

## Крејчир и Гавриќ

Двајца истакнати криминалци пристигнале во Јужна Африка во 2007 година: чешкиот бегалец Радован Крејчир и Добросав Гавриќ од Србија.

Помеѓу 2007 и 2013 година, Крејчир се етаблирал како мафијашки шеф во Јужна Африка, наводно корумпирајќи ги пониските и повисоки команданти во полициската служба во Јужна Африка. Тој, исто така, се поврзувал со бројни атентати во подземјето, иако сè уште не е осуден за убиство. Конечно бил осуден за обид за убиство и киднапирање и во моментов е на издржување на казна затвор од 35 години. Тој се обидел да биде екстрадиран во Чешка преку судовите.

Како резултат на угледот на Крејчир во криминалните кругови во Јужна Африка, тој привлекол различни бегалци од Република Чешка, Бугарија, Либан и Србија за да работат за него. Еден од нив бил Веселин Лаганин, Србин, кој бил убиен во својот стан во Јоханесбург во 2013 година, непосредно по апсењето на Крејчир. Способноста на Крејчир да манипулира со органите на прогонот испратила сигнал до другите во странство дека Јужна Африка е потенцијален пазар за нив.[156]

Пристигнувањето на Гавриќ во Јужна Африка во 2007 година било многу понезабележително. Всушност, тој живеел под псевдонимот „Саша Ковачевиќ“ во Јоханесбург четири години без при тоа разузнавачките агенции да бидат свесни за неговото присуство во земјата. Имал добра причина да крие својот идентитет. Според изјава дадена под заклетва, претставена пред Високиот суд на Западен Кејп, Гавриќ бил член на српските полициски сили распоредени во српската единица за спречување на криминалот, која извршувала должности, вклучително и заштита на ВИП-лица.[157] Гавриќ бил присутен кога Жељко „Аркан“ Ражнатовиќ бил убиен на 15 јануари 2000 година во холот на белградскиот хотел Интерконтинентал. И самиот бил застрелан во инцидентот: залутан куршум му го прободел ‹рбетот, поради што кривел. Гавриќ тврдел дека тој не е одговорен за убиството, но подоцна сепак бил обвинет за убиството на Аркан. На Гавриќ му станало јасно дека сојузниците на Аркан сакаат да го убијат и дека „се местат докази за да се добие осудителна пресуда и затворска казна за него“, па „немал друг избор освен да избега од Србија“.

Според разузнавачки извори, лажниот идентитет кој го презел Гавриќ, му припаѓал на друг Србин, кој исто така живеел во Јоханесбург и кој исто така се движел кривејќи. Користејќи го овој лажен идентитет, Гавриќ можел да обезбеди официјална документација во Јужна Африка, деловна дозвола, дозвола за поседување пиштол и возачка дозвола. Дури и отворил ресторан во Јоханесбург и успеал да основа бизнис за увоз-извоз. Гавриќ очигледно остварил блиски односи со локалните криминалци, искористувајќи ја репутацијата за насилство типична за балканските криминалци.

Вистинскиот идентитет на Гавриќ станал јавно познат во март 2011 година, откако тој бил ранет во атентатот на шефот на подземјето на Кејп Таун, Сирил Бика. Гавриќ управувал со возилото на Бика за време на инцидентот. (Се чини дека Гавриќ му бил обезбедување на Бика и му давал информации за мрежите на организиран криминал од Источна Европа и од Србија, додека Бика на Гавриќ му обзбедедувал заштита од државните агенции). Гавриќ бил уапсен за поседување кокаин и за поседување лажни документи под името на Саша Ковачевиќ. Неговото барање за азил било одбиено и тој останал во затвор во Кејп Таун, каде што продолжува неговата долготрајна борба да избегне екстрадиција во Србија. Правниот процес против Гавриќ ги истакнал слабостите во системот на кривична правда на Јужна Африка. Процес што требало да трае три месеци траел речиси девет години - документацијата двапати исчезнувала и морало повторно да биде доставена.

Друг пример за тоа како Јужна Африка била засолниште за Срби во бегство е случајот на бегалецот Дарко Шариќ. Според извештаите на медиумите и изворите во српската заедница, се



**Затворање на босот на чешкото здружение на организиран криминал, Радован Крејчир, во Основниот суд во Палм Риџ, Јоханесбург, декември 2013 година** © *Моелеци Мејб/Д Тајмс/Гало имиџис, преку Гети имиџис (Moeletsi Mabe/The Times/Gallo Images via Getty Images)*

верува дека Шариќ се криел во провинцијата Гаутенг околу 2012/2013 година. Во тоа време, Шариќ бил еден од најбараните шверцери на дрога во светот. Се смета дека живеел под лажно име и дека локалните криминални босови му помагале да избегне да биде разоткриен со помош на нивната мрежа на контакти со корумпираната полиција. Исто така, се сметало дека Шариќ имал блиска врска со Крејчир, па оттука дошла и неговата одлука да дојде во Гаутенг.[158] Откако властите добиле информации за неговото присуство во областа и започнале истраги, тој избегал од Јужна Африка.

## Израмнување стари долгови

Во периодот од 2018-2020 година имало најмалку девет убиства и два обиди за атентат во областа Јоханесбург, во кои учествувале Срби што се занимавале со организиран криминал или паравоени организации. Повеќето од овие инциденти исклучително наликувале едни на други и се одликувале со слични карактеристики при извршувањето. Во повеќето случаи, целите не се сомневале и честопати возеле возила. Најчесто двајцата стрелци се возеле со мотор, и двајцата носеле шлемови за да ги сокријат своите идентитети. Стторителот е на совозачкото место, носи автоматско оружје со кое отвора оган, испукувајќи многу куршуми пред да забрза и да замине. Од снимките на CCTV од овие инциденти, се чини дека убијците покажуваат карактеристики на воена обука и прецизност во извршувањето на делото, што укажува на тоа дека имаат имаат искуство во паравоени или воени организации.[159]

Се чини дека серијата убиства е израмнување на стари долгови. Како што објаснува Милица Војиновиќ, оние што дошле во Јужна Африка дошле пред неколку години и нивните односи се засноваат на историски мрежи.[160] „Тие се претежно постари криминалци кои биле активни во Србија во 90-тите години. Претежно станува збор за „олд-скул“ момци кои последен пат биле активни на Балканот во почетокот на 2000-тите“. Станува јасно дека голем број Срби кои биле убиени во Јужна Африка во периодот од 2018 до 2020 година имале поврзаност со Гавриќ, биле дел од неговата мрежа и првично дошле во Јужна Африка поради него. Најзначаен е Милан „Мики“ Ѓуричиќ, кој беше застрелан во паркот Стријдом (предградие на Јоханесбург) во април 2018 година. За него исто така беше издадена потерница од полицијата во Србија за учество во убиството на Аркан со Гавриќ. Се верува дека Ѓуричиќ се криел во Јужна Африка

*Јужна Африка е привлечно опкружување за криминалците од Западен Балкан.*

околу три години и носел белгиски пасош во текот на тој период. Извештаите посочуваат дека тој имал мал бизнис со хотели, но дека исто така бил вклучен и во трговија со луѓе и трговија со дрога.

Дарко Кулиќ, кој беше застрелан во Рандбург (во близина на Јоханесбург) во јули 2018 година, исто така се поврзувал со Ѓуричиќ, и постои можност да бил убиен затоа што имал информации за тоа кој го убил Ѓуричиќ. Кулиќ се борел во паравоената група на Српската гарда за време на граѓанската војна во Југославија во 90-тите години, пред наводно да се вклучи во организираниот криминал и да изгради живот за себе и за своето семејство во Јоханесбург. Исто така бил во пријателски односи со јужноафриканско-црногорскиот бизнисмен Џорџ „Холивуд“, Милхајевиќ, кој бил убиен во Бедфордвју во септември 2018 година. Можеби имале некој заеднички бизнис или можеби дошле во Јужна Африка затоа што веќе ги знаеле своите сонародници кои би можеле да им помогнат да се интегрираат. Во септември 2017 година, човек по име Иван Ѓорѓевиќ (пријател на Гавриќ) бил застрелан, но не и убиен, во ресторан на КФЦ во близина на Бедфордвју. Сепак, бил убиен подоцна, во април 2019 година кога двајца маскирани вооружени лица го следеле со возило и отвориле оган со полуавтоматска пушка. Постојат шпекулации дека неговата смрт е поврзана со исчезнувањето на пратка кокаин од еден тон.[161] И во двете убиства, и на Ѓорѓевиќ и на Кулиќ, автомобилите што ги користеле сторителите биле фрлени во близина и запалени. Сторителите побегнале со други возила.

Некои веруваат дека стрелците биле донесени од Србија за секое убиство посебно, при што влегувале и излегувале за неколку дена. Други, пак, шпекулираат дека убијците се локални. Можно е да биле најмени или од бандите во Кејп Таун, поранешната војска на Зимбабве или Мозамбик или од такси-индустријата. Како што е запишано во книгата „Платени убијци“ на Марк Шоу, има огромен избор на платени убијци во Јужна Африка.[162]

Не постои дефинитивно објаснување за подемот на насилството затоа што немало апсења, ниту пак судски постапки. Локалните органи за разузнавање се исто така непфодготвени како резултат на ерозијата на државните агенции во текот на изминатата деценија на заробена државата. Сепак, интервјуата и извештаите во медиумите сугерираат две теории. Првата е дека убиствата може да се некаков вид на одмазда за убиството на Аркан во 2000 година. Ова произлегува од фактот дека многумина од убиените се криеле во Јужна Африка веќе неколку години, честопати под псевдоними и биле поврзани со мрежата околу Гавриќ. Се сугерирало дека нивните вистински идентитети биле откриени, и потоа тие биле обележани за убиство. Некои гледаат врска со пристигнувањето на дилерот Ѓорѓе Дармановиќ во Србија околу 2016 година и откривањето на разузнавачки информации околу тоа кои точно лица биле во Јужна Африка и каде точно може да се најдат. Се чини дека тој бил во имал добри односи со српското подземје, како и со разузнавачките агенции во Србија и Јужна Африка и пренесувал информациите помеѓу овие заедници. Изгледа дека токму ова го ставило на листата на обележаните. Во мај 2018 година тој беше застрелан и убиен пред судот во населбата Нов Белград во главниот град на Србија од страна на двајца мажи со мотор, помалку од две недели по убиството на Џуричиќ.

Втората теорија е дека убиствата биле предизвикани од трговијата со дрога - или борба меѓу завојуваните фракции на Срби за контрола врз рутите за транспорт на дрога или поради неисплатени пари за пратка. Иако доказите за тоа не се цврсти, се посочува дека би можело да биде продолжување на тековната војна меѓу двете црногорски групи, кланот Кавачки и кланот Шкаљарски. Може да е и комбинација од двете теории – дрогата во комбинација со одмаздата.[163]

Постојат значителни сомневања околу тоа дали јужноафриканската Полициски служба има капацитет и можност да изврши апсења или да го сруши криминалното здружување. Всушност, многу од интервјуираните лица рекоа дека веруваат дека полицијата намерно не преземала дејствија за „Србите да можат да се убијат едни со други". Се смета е дека не постои волја да се решат случаите бидејќи имало многу мала колатерална штета и всушност е во интерес на самата земја криминалците да се елиминираат едни со други. Но, ваквиот пристап би можел да тргне на лошо. Непреземањето на дејствија за прогон и развлечените правни процеси, како, на пример, во случајот на Гавриќ, би можеле да испратат порака дека криминалците можат да оперираат со неказнивост во Јужна Африка. Ова може силно да ги охрабри нивните злосторнички активности и да привлечат и други сонародници во земјата на можностите со цел да ја прошират мрежата.[164]

## Нови играчи на нови пазари?

Се чини дека има нова генерација криминалци од поранешна Југославија кои се вклучени во трговијата со дрога во Јужна Африка. Досега немало апсења, испрашувања и судски постапки, и тоа го отежнува собирањето на какви било информации. Како и да е, Јужна Африка се издигна како клучна транзитна точка во воспоставените рути за наркотични средства користени од картелите за трговија со кокаин, и веќе добро се знае дека српските мрежи се главни играчи во континенталната трговија со кокаин. Полицаец од повисок ранг сугерира дека кокаинот се внесува преку пристаништата на Порт Елизабет и Дурбан, се пренесува во Гаутенг (каде се препакува) и потоа се испраќа на други дестинации. Постои можност кокаинот да патува од Јужна Америка кон Јужна Африка и да влегува во Европа преку Турција.

Како друга алтернатива, Јужна Африка може да е транзитна точка на рутата кон профитабилните пазари, како оној во Австралија. Во минатото имало неколку апсења кои сугерирале обиди за воспоставување рути за проток на дрога меѓу двете држави - како што е обидот на Крејчир да испорача метамфетамин во Австралија во 2013 година и случајот во 2019 година кога е откриена пратка кокаин, скриена во градежна опрема испратена од Јужна Африка до Австралија, со извештаи за медиуми кои овие пратки ги поврзуваат со српското криминално милје кое оперира во Јужна Африка. Исто така, се чини дека има обиди за развој на домашниот пазар на дрога: според шеф на обезбедување од подземјето, Србите во Јужна Африка купуваат кокаин од Колумбијците и го носат во Јужна Африка за продажба, користејќи ги локалците како курири за дистрибуција на наркотици. Исто така, постојат разузнавачки податоци дека во Јужна Африка се формирани лаборатории за производство на дрога и извоз на истата.[165]

Во ситуација кога колумбиските картели се под притисок на меѓународните полициски организации и се обидуваат да воспостават нови рути, тие би можеле да пробаат да ги засилат операциите во Јужна Африка. Два примери се во прилог на овој тренд. Во март 2017 година, едрилица била запрена од португалската крајбрежна стража во Атлантскиот океан, 600 милји од Азорите. При претресот, пронајден е 400 килограми кокаин со висока чистота. Подоцна се појавиле информации дека кокаинот бил натоварен во Јужна Африка. Бродот била со регистрација од Трст и се чини дека тоа била планираната дестинација. Резултатите од истрагата сè уште не се познати, но се верува дека транспортот на оваа пратка наркотици бил организиран од црногорски државјани. Во 2019 година, Црногорец, Марко Божовиќ, беше уапсен во Јужна Африка под сомнение за вмешаност во шверц на 807 килограми кокаин од Венецуела кон Европа. Тој моментално е во затвор во Јужна Африка. За време на неговото апсење, полицијата открила јужноафрикански пасош.[166]

Накратко, случајот со криминалците од Западен Балкан во Јужна Африка ги покажува трајните рани и наследството од војна и нестабилноста во поранешна Југославија. Иако лицата што емигрирале во суштина не можат да се сметаат за криминална група, тоа покажува како тие се обиделе да ѝ избегаат на правдата и животот поминат во криминал дома (претежно во Србија), но како минатото сепак ги стигнало. Исто така, ги демонстрира слабостите во системот на кривична правда во Јужна Африка што им дозволува на таквите ликови да влезат во земјата, им овозможува слободно да оперираат, а сепак сè уште не успева да ги разреши нивните убиства. Она што најмногу загрижува околу иднината, Јужна Африка се чини дека е жариште за новата генерација на криминални групи од Западен Балкан, вклучени во глобалните мрежи за трговија со кокаин.



# ТУРЦИЈА

## ПОРТА КОН ИСТОКОТ



Турција е клучен центар за недозволена трговија на хероин, како и шверц со мигранти. Овој дел ја разгледува вмешаноста на криминалните групи од Западен Балкан во Турција, како и интеракцијата помеѓу турските криминални групи и криминалните групи од Западен Балкан.

## Блиски врски помеѓу Турција и Балканот

Криминалните групи од Западен Балкан имаат врски со Турција од 1970-тите и 1980-тите. Во тоа време, луѓето од регионот биле користени како возачи и курири за трговија со дроги, а Балканот бил регион за транзит, препакување и понатамошна дистрибуција. Неколку случаи покажуваат дека „југословенските Албанци“, како што биле опишани (со други зборови, од Косово и Северна Македонија), биле вклучени во испомош при трговијата со хероин и морфиумска база од Турција преку Југославија и Бугарија до Италија.[167] Како што претходно беше опишано, имало и шверц на оружје.

Како и во некои други жаришта, Турција има голема дијаспора од Западен Балкан. Поголемиот дел од оваа популација датира од раселување и трансферите на населението помеѓу Балканските војни во деветнаесеттиот век и Првата светска војна, и во разни бранови на иселување по основањето на Република Турција во 1923 година.[168][169] Според една проценка, 1,8 милиони луѓе емигрирале од Балканот во Турција помеѓу 1923 и почетокот на 1990-тите, проследено со уште неколку десетици илјади како резултат на нестабилноста во поранешна Југославија и Албанија во 1990-тите.[170][171] Некои од овие имигранти од Балканот живееле во релативно сиромашни населби каде стапиле во врска со курдските улични дилери во големите градови во Турција, како што се Истанбул и Измир.

За време на војната во Југославија, турските криминални групи во голема мерка го избегнуваа Западен Балкан. Но, кон крајот на 1990-тите години, Албанија, Северна Македонија и Босна и Херцеговина се појавија како привремени локации за складирање на зголемениот обем на хероин што се движеше низ регионот кон

◀ **Членови на турските вооружени сили чуваат стража во текот на операција против шверцување на луѓе во Бодрум, октомври 2013. Врските со мрежите за трговија со дрога групите од Западен Балкан ги користат за трговија со луѓе и шверцување мигранти.**
*© Али Бали/Анадолу Еџенси преку Гети Имиџис (Ali Balli/Anadolu Agency via Getty Images)*

западна Европа заради зголемено култивирање на опиум и производство на хероин овозможено со војната во Авганистан. Всушност, истражувањата откриваат корелација од 93 проценти меѓу авганистанското производство на опиум и заплените на хероин во Турција.[172]

Главната интеракција помеѓу балканските и турските групи беше во Западен Балкан (и Бугарија), а не во Турција. Регионот се сметаше за безбедно место за состаноци. Иако не беа на своја територија, Турците беа позначајниот партнер во оваа асиметрична врска.

## Од куфери до камиони

Во раните 90-ти, балканските имигранти во Турција започнаа „трговија со куфери" меѓу Турција и нивната земја на потекло. Во Истанбул купуваа лиценцирани производи по поевтини цени и ги продаваа по повисоки цени на балканските пазари. Лесното движење меѓу државите им било оозможено поради лабавата визна политика на Турција кон граѓаните од народите од Западен Балкан. Ова не беше сериозен организиран криминал, но трговијата со куфери наскоро почнаа да ја експлоатираат групите за недозволена трговија од Турција и Западен Балкан за шверц на цигари и дрога.[173] Всушност, додека некои користеле куфери, други користеле камиони, а етничките Албанци што биле ученици наскоро ја совладале умешноста на недозволена трговија од нивните турски учители. Почнале да го користат зголемениот број албански емигранти во западна Европа за да ги прошират своите подземни мрежи. Наскоро, етничките Албанци (особено оние од Косово) биле ангажирани долж целиот синџир на вредност: купување стока од турски групи, трговија со дрогата (честопати преку Босна и Херцеговина и Северна Македонија) и потоа дистрибуција преку нивната дијаспора во западна Европа.

Еден пример е Сами Хоштан, познат во криминалното подземје како Арнавут (Албанецот) Сами. Неговото семејство емигрирало во Турција од Северна Македонија. Според турските безбедносни институции, Хоштан шверцувал големи количини дрога меѓу Турција, Јужна Америка и Европа. Имал сомнително „деловно партнерство" со мрежите за наркотици во Холандија и Колумбија. Стекнал цело богатство од недозволена трговија со наркотици за многу кратко време. Потоа интензивно инвестирал во секторот коцкање и бил еден од сопствениците на хотелот „Шератон" Казино во Истанбул. Албанецот Сами беше прогласен за виновен и осуден на четири години затвор за основање и водење на криминална мрежа.

Балканските нелегални трговци имаа придобивка од бумот на хероин во Авганистан во последните 20 години. Познато е дека турските криминални групи, како и оние од Западен Балкан го преработуваат транспортираниот хероин за да ја намалат неговата чистота и, следствено, да ја зголемат сопствената добивка. На источните влезни точки чистотата на хероинот е обично над 70%, додека во западните провинции паѓа под 50%.[174] Ова укажува на тоа дека чистотата на хероинот се намалува за да се остварат поголеми профити. Во 2015 година, вкупната бруто-добивка остварена од шверцери со опијати во Југоисточна Европа се проценуваше на 1,7 милијарди американски долари годишно.[175]

Истовремено, растечкиот пазар за канабис, екстази и синтетички дроги во Турција им отвори можност на државјаните од Западен Балкан да ги увезат овие дроги од Европа во Турција во замена за хероин. Покрај тоа, високите даноци на цигари во Турција создадоа голема побарувачка за многу поевтини нелегални цигари донесени од Балканот.[176] Навистина, се смета дека некои групи за трговија со хероин преминале на недозволена трговија со цигари поради повисоките профити и пониските ризици од затворска казна.[177]

# Привлекување трговија и инвестиции

По распадот на Советскиот Сојуз и Југославија, Турција бараше нови инвестиции. Во раните 1990-ти беа донесени закони за да се олесни патувањето и инвестирањето во Турција. Еден од несаканите ефекти беше тоа што на криминалците од Западен Балкан, кои се претставуваа како бизнисмени ,им стана полесно да патуваат и да тргуваат во Турција, па дури и да добијат турски пасоши и да перат пари. Реципрочно, на турските граѓани им стана полесно да добијат пасоши и визи од земјите од Западен Балкан.

Од 2020 година, граѓаните на сите земји од Западен Балкан можат да останат во Турција најмногу до 90 дена без виза.[178] Можат да ги користат своите национални лични карти, а нивните пасоши се важечки пет години во Турција дури и по истекот на истите. Реципрочно, турските граѓани можат да останат во земјите од Западен Балкан без виза 90 дена. Режимот за слободно патување создава огромни можности за криминалните групи да спроведуваат транс-регионални шеми за недозволена трговија. Покрај тоа, многу од емигрантите од земјите од Западен Балкан имаат двојно државјанство, што им овозможува слободно да патуваат меѓу Турција и нивната земја на потекло кога и како сакаат.

Во 2018 година турската влада објави нова политика за државјанство со која се олеснува натамошниот прилив на мрежи за организиран криминал во земјата. Според новата регулатива, секој што ќе донесе 250,000 американски долари во Турција ќе добие државјанство без било какви испитување во врска со изворот на пари.[179] Оваа политика е привлечна за лицата со недозволени примања, од кои некои очигледно купиле луксузни имоти, особено во Истанбул и Измир, кои истовремено функционираат и како центри за координација на регионалната недозволена трговија.[180]

Во изминатите 20 години, имаше големо зголемување на трговската активност помеѓу Турција и земјите од Западен Балкан, благодарение на низата договори што ја либерализираа трговијата (види Слика 2). Некои криминални групи, како во Турција, така и во Западен Балкан, ја искористија оваа отвореност со формирање на шупливи компании за да ги покријат големите пратки на дрога, цигари и оружје.[181]




**СЛИКА 2** Билатералната трговија на Турција со земјите од Западен Балкан (УСД)

ИЗВОР: Турски институт за статистика, статистика за надворешна трговија, пристапено на 3 април 2020, на https://biruni.tuik.gov.tr/disticaretapp/disticaret.zul?param1=4&param2=0&sitcrev=0&isicrev=0&sayac=5808

# „Балканската рута“ за хероин

Таканаречената балканска рута е најпозната по протокот на хероин од Авганистан преку Иран во Турција, а потоа и на Западен Балкан. Оттаму, дрогата се испраќа на најголемите пазари (Холандија, Германија, Велика Британија, Франција и Шпанија). Од 1970-тите години, во Турција се произведуваат големи количини на хероин преку користење на база на морфиум, донесена од Иран и Авганистан. Неопходниот прекурсор потребен за да се направи хероин од опиум - имено оцетен анхидрид - се снабдува од Чешка, Русија и Германија.[182] Ова производство на хероин им овозможи на турските групи на организиран криминал да станат доминантни снабдувачи на хероин за Европа.

Турските групи произведуваа висококвалитетен хероин (70–97 проценти чистота) користејќи го своето меѓугенерациско искуство.[183] Фактот што поседуваа производствени капацитети, транспортни компании и дистрибутивни ланци во Европа им овозможи на турските групи да доминираат на европскиот пазар на хероин со децении. Се проценува дека годишниот обрт на недозволена трговија со дрога бил околу 50 милијарди американски долари во средината на 1990-тите.[184] Друга проценка го проценува годишниот обрт на недозволена трговија со дрога во Турција на околу 15 милијарди американски долари до 2014 година.[185] Овој број веројатно се зголемил од 2014 година со оглед на значителниот раст на домашниот пазар на дрога и прекугранична недозволена трговија. Обемот на трговијата со хероин може да се претпостави и од големиот број притвори, случаи и заплени поврзани со хероин (види слика 3).




**СЛИКА 3** Притворувања поврзани со хероин, случаи и количина на запленет материјал (килограми), Турција, 2012-2018

ИЗВОР: ТУБИМ, Турски Извештај за дрога 2019, Анкара, 2019

Криминалните групи од Западен Балкан најчесто склучуваат зделки со хероин во Истанбул, Измир, Текирдаг, Одрин и, во помала мера, во Газијантеп.[186] Во многу случаи, тие разменуваат стимуланси од типот на амфетамин (АТС), екстази и сканк донесена од Европа во замена за хероин донесен од Иран.

Групите од Западен Балкан континуирано се искачуваат по вредносниот синџир на криминалната активност во Турција.

Честопати етничките Албанци не транспортираат хероин директно во западна Европа. Наместо тоа, тие го препакуваат и преработуваат хероинот, купен од турските и иранските криминални здруженија, честопати ја намалувајќи ја чистотата пред да го испорачаат авганистанскиот хероин во Западна Европа.[187] Понекогаш привремено го чуваат хероинот во разни магацини во земјите од Западен Балкан. На пример, македонското Министерство за внатрешни работи извести за разбивање на криминална организација во февруари 2019 година во партнерство со Управата за сузбивање на дрога на САД (ДЕА). Групата беше систематски вклучена во трговијата со хероин и канабис од Турција кон Северна Македонија, Албанија, а потоа и во Швајцарија и западноевропските земји. Групата исто така управуваше со лаборатории за производство на АТС.[188] Исто така, постојат докази за хероин кој се пренесувал преку Косово.[189]

Неодамнешните случувања сугерираат можна еволуција во моделите на недозволена трговија што може да е одраз на зголемена доверба кај трговците од албанско етничко потекло. Се чини дека во некои случаи тие се обидуваа да ги заобиколат турските мрежи за наркотици воспоставувајќи директни врски со иранските добавувачи на хероин. На пример, седуммина албански државјани беа уапсени со 250 килограми хероин како дел од случајот против мултиетничктото криминално здружение (во кое учествуваат Иранци) кеј систематски шверцуваше хероин од Турција кон Холандија и Германија. Единиците од турското полициско одделение за борба против шверц и организиран криминал (КОМ) уапсиле уште една група од седуммина Албанци во рамките на пет истраги што довеле до заплена на 82 килограми хероин, 5 килограми опиум, 6 килограми хемиски прекурсори и 450 грама канабис.[190] Од своја страна, иранските мрежи се чини дека се обидуваат да да основаат седиште во Западен Балкан. Ова има потенцијално поголеми импликации за безбедноста на Балканот.[191]

Се зборува дека шверцерите со хероин користат најмалку 18 различни рути од Турција до европските пазари. Примарните дестинации на транспортот на хероин се Холандија, Германија, Албанија и Молдавија.[192] Покрај копнените патеки, истрагите во Турција, Грција и во Албанија укажуваат дека турско-албанските мрежи ги користат предностите на 174-те пристаништа во Турција и илјадниците марини (мали пристаништа) долж брегот на Црното Море, Мармара, Егејот и Медитеранот за трговија со канабис и хероин. Примарното потекло на поморскиот транспорт на дрога е од Јужна Америка и Блискиот исток, додека пратките надвор од Турција се наменети за Холандија, Германија, Белгија, Италија, Велика Британија, Грција и Италија.[193] Од 2015 година, турските органи заплениле голем обем на дрога од поморските бродови, кои биле под контрола на албанските криминални здруженија. Општо, безбедносната контрола во марините е ограничена.[194] Всушност, се чини дека тие се најслабата алка во контролата на границите меѓу Турција и земјите од ЕУ, со луксузни јахти и глисери што Албанците ги користат за да пристигнуваат и заминуваат без соодветна проверка.

Некои droги се испорачуваат и преку воздух. Неодамна, африканските групи започнаа да шверцуваат дрога преку турските аеродроми.[195] Се чини дека




**Турски полициски службеници вршат увид на пакети со хероин во текот на заплена извршена во декември 2018.**
*© Кемал Оздемир/Агенција Анадолу преку Гети Имиџис (Kemal Ozdemir/Anadolu Agency via Getty Images)*

групите од Западна Африка регрутирале воздушни курири од Западен Балкан за да транспортираат хероин и кокаин на европските пазари преку Турција.[196]

Додека хероинот е дефинитивно е проблем, Турција, исто така, стана растечки пазар за европската екстаза уште од 1990-тите години, дел од која се шверцува преку Западен Балкан.[197] Вклучени се групи од Косово.[198] Исто така постојат и индикации дека некои државјани од Западен Балкан се вклучени во производството на метамфетамин во Турција. На пример, кога Истанбулскиот оддел за наркотици разоткри лабораторија за метамфетамин во Бејкоз во 2018 година, заплениле 9 килограми метамфетамин, 350 000 таблети екстази и 1 100 килограми метиламин (донесен од Кина), супстанција што се користи во производството на метамфетамин.[199] Мултинационалното криминално здружување се состоело од турски, узбекистански, ирански, британски и албански државјани. Покрај тоа, постојат индикации дека Турција е преплавена со нови психоактивни супстанции (НПС).[200] Не е јасно до кој степен групите од Западен Балкан се вклучени во трговијата со НПС.

## Канабис и сканк

Канабисот е убедливо најзастапениот лек на домашниот пазар во Турција. Турските органи на прогонот заплениле 177,5 тони канабис во 2017 година и 80,7 тони во 2018 година.[201] Сканкот, друг тип на дрога на база на канабис (произведена во Албанија), исто така е популарен: 11 тони од оваа дрога беа запленети во 2018 година, што претставува зголемување од 530 проценти во однос на претходната година.[202] Се предвидува дека побарувачката за сканк ќе продолжи да расте во Турција, особено во големите градови.[203]

Трговијата со канабис помеѓу Турција и Балканот генерално се одвива во големи количини, а турските и балканските власти изршиле неколку заплени канабис од над 1 тон. Не постојат официјални податоци за бројот на шверцери со канабис од земјите на Западен Балкан, но може да се направат некои согледувања за вклученоста на албанците со трговија со канабис во Турција. Прво, Албанците носат големи количини на канабис преку поморски бродови до турските пристаништа на егејскиот брег. Тие честопати разменуваат канабис за хероин, кој потоа се транспортира назад по истата поморска рута. Второ, поголем број балкански државјани, главно Албанци, се занимавват со трговија со сканк.[204] Турските власти запleниле рекордна количина на сканк од 2016 година наваму и експертите веруваат дека значителна количина на сканк ја снабдуваат албанските мрежи.[205]

Во суштина, одредени албански групи го претворија Јадранското Море во поморска крстосница на трговија со дрога. Еден од најозлогласените шверцери е Албанецот Мет Кенани, кој испорачувал големи количини на дрога преку поморските бродови. Во март 2018 година, заедничката истрага на полициските оддели од Истанбул и Мугла доведе до запленување на околу 1 100 килограми сканк на два луксузни глисери. Беа извршени вкупно 13 апсења, вклучително и на Кенани.[206] Ова беше една од многуте големи акции против дрога, поврзани со мрежата на Кенани, што се одвиваа во период оф неколку години. Во 2017 година турските власти запleниле 2,1 тони канабис, наводно од истата мрежа. Во 2018 година, судот во Тирана издаде налог за апсење на 18 члена на мрежата за трговија со дрога по две рути: Турција - Грција - земји од ЕУ и Турција - Македонија - Албанија – земји од ЕУ.[207] На 26 јануари 2018 година, грчката полиција запленила 1586 килограми канабис заедно со девет Албанци и четворица Грци кои работеле за истото криминално здружение.[208] Во март 2018 година, истанбулската полиција за антинаркотици изврши упад во складиште и уапси едно лице од турска националност со 24 килограми сканк и 214 корени канабис.[209] Полицијата извести дека лицето од турско потекло работело за Кенани, кој исто така се чини дека започнал да произведува канабис и сканк на разни локации во Турција. Ова укажува на тоа дека албанските групи не само што тргувале со дрога на турскиот пазар, туку формирале и произвнодни капацитети во стаклени градини во земјата.

Апсењето на Кенани не го запре протокот на канабис. Во декември 2018 година, турските цариници на грчката граница запleниле 1,5 тон хашиш од камион што превезувал соја.[210] Уапсени се три лица, меѓу кои и албански државјанин, кој управувал со камионот. Во јули 2019 година, истанбулското одделение антинаркотици разби меѓународна група за организиран криминал, која редовно тргувала со сканк од Албанија во Турција и заплени 525 килограми сканк.[211] Во октомври 2019 година, грчката полиција започна истрага против албанска група што за недозволена трговија што тргувала со големи количини марихуана од Албанија до Турција преку Грција. Заедничките активности на грчката полиција, крајбрежната стража и Европската агенција за гранична и крајбрежна стража (Фронтекс) доведоа до запленување на 1172 килограм суров опиум. Албанската група користела глисери за испорака на канабис во неколку градови на турското крајбрежје. Истрагите откриле дека Албанците користеле ненаселени грчки острови за привремено складирање на дрогата.[212] Инспекторите забележале дека албанската група разменувала хероин за канабис во Турција и превезувала канабис дома по истата рута.

## Шверц на мигранти

Досега, повеќето жаришта опишани во овој извештај се фокусираа на инволвираноста на криминалните групи од Западен Балкан во трговијата со дрога. Во случајот на Турција, од 2015 наваму шверцот со мигранти е исто така заблежителна и профитабилна криминална активност.

Во минатото, имало извесно ниво на нелегална миграција од Западен Балкан кон Турција: турските власти идентификувале 4 676 нелегални имигранти од Албанија и 3 060 од Југославија помеѓу 1995 и 2012 година.[213] Но, ова е беше убедливо засенето со бројот на бегалци и мигранти кои доаѓаат преку Турција кон Западен Балкан од 2015 година. Од март 2020 година, во Турција има околу 4 милиони сириски бегалци и мигранти, од кои многу би сакале да се пресепродолжат кон земјите од ЕУ. Сепак, Турција е под притисок да го спречи протокот на луѓе што пристигнуваат во земјите на ЕУ, па воведени се построги гранични контроли. Ова создаде можности за шверц и мрежи за недозволена трговија, при што некои се и од Западен Балкан.[214]

Повеќето шверцери со луѓе работат од три града во западна Турција: Истанбул (21%), Измир (19%) и Ајдин (17%).[215] Овие градови се центри за координација и транспорт, како за поморските, така и за копнените шеми за шверц со луѓе. Според информациите собрани за овој извештај, мигрантите кои доаѓаат од Блискиот исток, Централна Азија и Југозападна Азија следат шест големи копнени и поморски рути за пристап до нивните крајни дестинации во Европа. Три од овие рути минуваат низ земјите од Западен Балкан:

- Турција–Грција–Албанија–Италија–Западна Европа (стара копнена рута)
- Турција–Бугарија–Србија–Босна и Херцеговина–Словенија–Австрија–западна Европа (стара копнена рута)
- Турција–Грција–Албанија–Црна Гора–Босна и Херцеговина–Хрватска–Словенија (нова поморска/ копнена рута)

Покрај тоа, постојат извештаи за поморска рута од Турција до Италија и Шпанија, која очигледно ја потпомагаат албански групи.[216] Албанско-турските шверцерски мрежи користат јахти за пренесување подобростоечки мигранти од Турција во Грција и Италија. Само неколку од овие луксузни бродови биле пресретнати по поморските патеки на Егејот, Медитеранот и Јадранското Море во текот на последните пет години.

Миграцијата во некои фази на овие рути се врши со помош на шверцери од земјите од Западен Балкан.[217] На пример, албанската полиција објави дека разоткрила мрежа што шверцувала турски, сириски и ирачки државјани во западна Европа преку Грција, Албанија, Црна Гора и Хрватска со преминување на планинскиот терен на Балканот. Мрежата ја водел турски државјанин, кој соработувал со лица од албанска етничка припадност.[218] Исто така се чини дека постојат арапски мрежи кои се потпираат на балканските криминални мрежи за вршење на локалните комуникации, транспорт и кривични постапки надвор од турските граници.[219]

Врските помеѓу некои добро етаблирани мрежи за трговија со дрога се користат и за трговија со луѓе и шверц на мигранти.[220]. Операцијата „Граница“ на албанската полиција, преземена во соработка со Грција и Центарот за спроведување на законот на Југоисточна Европа (СЕЛЕК), откри дека една албанска група за трговија со дрога „организирала и потпомагала илегален премин на мигранти со потекло од Блискиот исток од Грција кон Албанија и потоа до Црна Гора“.[221] Албанската полиција уапси 57 припадници на мрежата под обвинение за трговија со дрога и шверц на луѓе од големи размери.

На западните граници на Турција, турските шверцерски мрежи соработуваат со арапски, албански, грчки и бугарски мрежи кои ангажираат професионалци за трговија со луѓе кои се специјализирани за фалсификување на пасоши, транспорт, толкување и регулативата околу миграциите од Молдавија, Ирак, Сирија, Мароко, Албанија, Грција и Македонија за превоз на мигранти и бегалци до зелен појас на европско тло.[222] Според експертите интервјуирани за овој извештај, цените што им се даваат на мигрантите се движат помеѓу 3.000 и 8 000 евра за превоз во Шенген зоната, и достигнуваат до 30 000 американски долари за патување во САД и Канада.

Шверцерите со луѓе го злоупотребуваат постојниот релаксиран визен и пасошки режим помеѓу Турција и земјите од Западен Балкан, особено Босна и Херцеговина. Од 2020 година,турските државјани можат да патуваат во Босна со националните лични карти. Многу Сирийци и Ирачани добија турски лични карти на легални и нелегални начини. Некои од нив веќе добија турско државјанство поради политиките на турската влада кои се прилагодени кон странците. Други купуваат национални лични карти од криминални мрежи кои се специјализирани за фалсификување документи.[223] Лична карта може да се добие со плаќање околу 1.000 УСД на црниот пазар. Забележано е дека документираните имигранти патуваат кон Босна од аеродромот во Истанбул како туристи, а потоа од Босна наоѓаат други канали за да се продолжат кон Западна Европа.[224]

*Шверцерите на луѓе го злоупотребуваат релаксираниот имиграциски режим помеѓу Турција и земјите од Западен Балкан, особено Босна и Херцеговина.*

Воспоставените мрежи за трговија со луѓе во Босна го потпомагаат натамошното патување на овие имигранти. Во јуни 2019 година, полицијата во Елбасан ја спроведе операцијата „Транзит" против албанско-турска мрежа за шверц на мигранти. Операцијата доведе до апсење на осум членови на криминалното здружение, од кои седуммина се албански и еден турски државјанин. Групата им помагаше во нелегалниот преминување на границата на имигрантите од Турција во Грција, а потоа натаму во Албанија и Црна Гора.[225]

Албанските шверцери со луѓе исто така биле вклучени во шверцот со мигранти од Турција и Блискиот исток кон Италија, Шпанија и Велика Британија. Во март 2019 година, италијанските Карабиниери уапсија седум лица, меѓу кои италијански, албански, колумбиски и турски државјани, под обвинение за трговија со луѓе во провинцијата Модена, Италија.[226] Албанскиот член на мрежата беше обвинет и за поседување дрога и оружје. Истрагите откриле дека организацијата нелегално превезувала турски државјани во Италија и Европа, наплаќајќи од 3.000 до 5.000 евра по лице. Инспекторите известија дека мрежата транспортирала околу 30 лица, главно од Турција, во период од шест месеци. Во август 2019 година, албанската полиција уапси 19 албански и турски државјани кои се обидувале да патуваат од Тирана до Лондон со украдени лични карти и фалсификувани документи.[227] Мрежата шверцуваше турски државјани во САД, Велика Британија и Канада со лажни документи.

Да резимираме, групите од Западен Балкан - особено Косово и Албанија – константно се движеа нагоре по синџирот на вредност на криминалната активност, како во Турција така и со турските групи што имаат врски со Балканот. Истовремено додека мрежите на етничките Албанци се ширеа низ цела Европа, тие успеаја да го намалат бројот на посредници на тој начин што почнаа да набавуваат хероин од Турција и да го доставуваат до своите мрежи за дистрибуција во Велика Британија, Германија, Шпанија и Холандија. Од неодамна, албанските мрежи започнаа доставуваат големи количини канабис и сканк на турскиот домашен пазар преку Јадранското и Егејското море. Исто така, постои профитабилен пазар за шверцот со цигари, а групи од Западен Балкан се вклучени и во шверцот со мигранти од Турција.



# ЛАТИНСКА АМЕРИКА



Латинска Америка стана Ел Дорадо за криминалните групи од Западен Балкан. Овој дел од извештајот разгледува како неколку криминалци-претприемачи од Западен Балкан дојдоа во регионот околу 2008/09 година за да влезат во бизнисот со кокаин, и како во деценијата што следеше станаа успешни пратеници меѓу локалните добавувачи и етаблираните криминални групи, а од неодамна и важни брокери и дистрибутери. Посебен фокус е ставен на Еквадор и Колумбија.

Во периодот помеѓу 2008 и 2020 година, Латинска Америка станала жариште за криминалните групи од Балканот. Постојат неколку причини за ова. Прво, понудата на кока и кокаин во светот се зголеми, а побарувачката останува голема, особено на профитабилниот европски пазар и во Австралија. Второ, дојде до нарушување во поглед на снабдувањето во Колумбија во пресрет на мировниот договор од 2016 година со колумбиската бунтовничка криминална група ФАРЦ (која контролираше многу од областите каде се одгледува кока), создавајќи можности за криминалците од Западен Балкан до воспостават врски со нови добавувачи. Трето, постојат релативно ниски ризици во недозволената трговијата од Латинска Америка, како резултат на широко-распространетата корупција, големиот број правни дупки, нестабилноста во некои клучни земји (како Венецуела) и корумпираните пристанишни службеници на двата краја на синџирот на снабдување. Како резултат, некои криминалци-претприемачи од Албанија, Црна Гора и Србија допатуваа до земјите-извор на кокаин за да се вклучат во дистрибуцијата.

## Корени на кокаинските групи

Првите индикации (барем во отворени извори) за врски помеѓу мафиите во Источна Европа и колумбиските картели се појавија во 2001 година. Таа година тројца Албанци беа уапсени како дел од Операцијата Патување, двегодишната, мултинационална иницијатива на ДЕА против колумбиската поморска дрога-трговија со луѓе. Истата година е откриена првата криминална група за трговија со кокаин во Албанија. Полицијата уапси шест члена на групата, меѓу кои и две

◀ **Фармер во Боливија ги суши свежо собраните листови кока. Од 2008 до 2020 година, Латинска Америка стана жариште за криминалните групи од Балканот, во голема мера на сметка на растечката побарувачка за кокаин.** © *Георг Исмар/Пикчр Алајнс преку Гети Имиџис (Georg Ismar/Picture Alliance via Getty Images)*




**СЛИКА 4** Нелегална трговија со кокаин од Латинска Америка кон Западна Европа, Јужна Африка и Австралија

лица кои во тоа време работеле во Обвинителството во Тирана. Операцијата Патување потврди дека оваа група имала контакти со картелот Меделин во Колумбија од 1999 година и е дел од светската мрежа на трговија со кокаин.[228] Оваа врска може да се објасни со фактот дека албанската мафија има блиски односи со италијанската мафија, која пак има историски односи со колумбиските картели.

Но, се чини дека главната акција дека започна околу 2008/09 година, кога Дарко Шариќ се вклучи во трговијата со дрога од Латинска Америка во Европа. Шариќ првпат го привлекол вниманието во 2009 година, кога уругвајската полиција, дејствувајќи по добиен глас од американските и српските службеници за борба против наркотици, запленила јахта упадена кон Европа што носела повеќе од 2 тони кокаин на реката Ла Плата, која ги раздвојува Уругвај и Аргентина. Потоа, 490 килограми кокаин - спакувани во разнобојни балони - биле пронајдени во куќа во Буенос Аирес, поврзана со групата на Шариќ.[229] Шариќ очигледно имал добри контакти со колумбиската група Лос Растрохос, предводена од Вилбер 'Сапун' Варела, кој беше убиен во Венецуела во 2008 година.[230] Некои од соучесниците на Шариќ, кои беа фатени, признаа дека мрежата на Шариќ испорачувала дрога од Колумбија, Уругвај и Бразил во Источна Европа. Ова бил само врв на ледениот брег во она што ќе се открие како мултимилионски бизнис кој на Шариќ му го донесе прекарот „Крал на кокаинот".[231] Две години подоцна, во април 2011 година, полицијата конфискувала пратка од 2 тони кокаин во Уругвај, која доаѓала од Колумбија и била наменета за Европа. Уапсен бил српски државјанин.

Во 2008/09 година, во исто време кога Шариќ вршел наезда на Латинска Америка, Арбр Чекај, Албанец, дошол во Еквадор и основал компанија за трговија со банани. [232] Ова се покажало како плоден бизнис, бидејќи во рок од само неколку години, Чекај стана најголемиот албански дилер на дрога, користејќи ги пратките од банани кон Европа за да прошверцува дрога. [233] Наскоро и друго го следеле примерот на Шариќ и Чекај, со заплени, апсења и вести што укажуваа на зголемен ангажман на луѓе од Западен Балкан во трговијата со кокаин од Латинска Америка. [234]

## Атрактивноста на Латинска Америка

Како извор на една од најпрофитабилните droги на светот - кокаинот - Латинска Америка има очигледна привлечност за криминалните групи од Балканот. Колумбија е водечки производител на лист од кока во светот и најголем извозник на кокаин, а потоа следат Перу и Боливија. Ова е, сепак, не е ништо ново. Она што е интересно е како групите од Западен Балкан се вклучиле во бизнис во кој долго време доминираат колумбиските и италијански тегрупи. За подобро да разбереме како, кога и зошто некои земји од Латинска Америка станале жаришта за криминални групи од Западен Балкан, вреди да се погледне местото каде што Чекај, меѓу другите, се чини дека нашол својата влезна точка, имено Еквадор.

### Еквадор

Кај организираниот криминал, како и кај недвижнините, локацијата е сè. Еквадор се наоѓа помеѓу Колумбија и Перу, кои произведуваат околу 90% од кокаинот во светот. Помеѓу 1996 и 2006 година, Еквадор се сметаше за најнестабилната демократија во Латинска Америка. Ова беше илустрирано со фактот дека во рок од една деценија имаше осум различни претседатели, од кои тројца беа разрешени од Конгресот и преку улични протести. Други фактори што го прават Еквадор привлечен за меѓународните групи на организиран криминал ги вклучуваат неговите порозни граници, слабите закони и леснотијата со која е можно да се смени нечиј идентитет и да се купат фалсификувани документи, како лични карти и пасоши.

Друг придонесувачки фактор беше затворањето на американската воена база во крајбрежниот град Манта во 2009-та година. [235] Во текот на една деценија, САД спроведуваа операции против трговија со дрога од својата база. Според поранешниот директор за разузнавање на еквадорската армија, затворањето на базата го олеснило доаѓањето на криминални структури од Балканот, Блискиот исток и Азија за да го користат ова важно пристаниште. [236]

Околу исто време, вклучувањето на концептот на универзално државјанство во новиот устав (изменет во 2008 година) им овозможило на странските посетители од која било националност да престојуваат во Еквадор најмногу до 90 дена без туристичка виза: овој период може да се продолжи за дополнителни 90 дена, овозможувајќи им на посетителите легално да престојуваат во Еквадор шест последователни месеци.[237] За оние кои нелегално престојуваат во Еквадор, максималната казна е само 800 УСД. Ова го прави пригодно опкружување за криминалците кои „доаѓаат на посета“ од Балканот (и од други места).

Неколку извори што беа консултирани за овој извештај, ја наведоа корупцијата на судскиот систем како еден од овозможувачките фактор за навлегувањето на странски криминални групи во земјата. Всушност, во најмалку два случаи во кои беа вклучени криминалци од Западен Балкан, на нелегалните трговците им беа изречени намалени казни или воопшто не беа казнети. На пример, во 2014 година, осум Еквадорци, двајца Албанци и еден Косовар биле приведени како дел од Операцијата „Балкан“ и беа обвинети дека складирале голема количина на дрога во Гвајакил за да ја испратат во Европа, но и покрај тежината на обвиненијата, Косоварот, Ремзи Аземи, беше ослободен во рок од еден месец од неговото апсење. Во ноември 2018 година, Албанец и Грк беа уапсени во операција против наркотици на еквадорското крајбрежје и беа обвинети за трговија со дрога, заедно со шестмина државјани на Еквадор. Кога случајот бил изведен пред суд, Првостепениот суд за казнени гаранции ги осудил Еквадорците, но ги ослободил странците.[238]
Се чини дека и во Колумбија постои слична ситуација. Колумбија има една од највисоките стапки на судска неказнивост во Латинска



**Кокаин скриен во кутии со банани увезени од Колумбија бил запленет во Берлин во јануари 2014. Арбер Чекај стана најголемиот дилер на дрога од Албанија, користејќи пратки со банани за да ја скрие шверцуваната дрога.** *© Од Андерсен /АФП преку Гети Имиџис (Odd Andersen/AFP via Getty Images)*

Америка (таа се појавува на петтото место на рангирање на неказнивост на Транспаренси Интернешнл). Според Организацијата за транспарентност за Колумбија, од секои 100 кривични дела извршени во земјата, само шест се казнети (со други зборови, стапката на неказнивост е 94%). Ова укажува на тоа дека Колумбија е безбедна средина за криминалците.

Друга карактеристика што го прави Еквадор привлечна за организираниот криминал е доларизацијата. Еквадор, кој ја усвои американската валута во 2000 година по банкарската криза, сега има силна валута, но исто така има и ниско ниво на банкаризација (достапност на банкарските услуги за пошироката јавност). На пример, во 2018 година, 48,1 процент од Еквадорците не користеле финансиски услуги, според истражувањето на Централната банка на Еквадор. Со други зборови, голема количина пари останува надвор од формалниот банкарски систем, што го отежнува следењето на финансиските текови и овозможува лесно перење пари (на пример, преку градежништво и недвижнини). Освен тоа, во Еквадор не постои закон кој предвидува заплена на имот од шверцери на дрога. Како резултат, според полициски извор, „криминалците отслужуваат две или три години затвор, а потоа излегуваат на слобода и уживаат во своите пари“.

И додека странските криминални групи започнуваа да се инфилтрираат во Еквадор, државата имаше малку ресурси за да ги идентификува и да се спротивстави на нивните активности. Според поранешен еквадорски службеник за разузнавање на висока позиција, главниот фокус за време на владата на Рафаел Кореа (2007–2017) било политичко разузнавање, а не криминално разузнавање. Понатаму, земјата се фокусирала најмногу на соработката со САД во борбата против организираниот криминал (на пример, преку договор обновен во 2019 година), наместо на меѓународната соработка, взаемната правна помош

и размената на разузнавачки информации. Овој проблем не го оптоварува само Еквадор. На пример, Колумбија нема договори за екстрадиција со ниту една од шесте земји од Западен Балкан.[239]

Органите на прогонот се исто така хендикепирани поради фактот дека Еквадор е една од ретките земји што не поседува база на податоци со отпечатоци и фотографии од посетители. Ова многу го отежнува следењето на пасошите, особено ако криминалците користат повеќе од едно име. Неразбирањето на балканските јазици и криминалните групи е уште еден хендикеп. Додека, многу српски и албански криминалци кои работат во Латинска Америка, се смета дека течно зборуваат шпански, многу малку од националните полициски сили имаат експерти за балканскиот криминал или јазици.[240]

Се чини дека полицијата не е единствена на која ѝ е тешко да ја идентификува етничката припадност на луѓето од Балканот. Се чини дека колумбиските шверцери со дрога честопати било источноевропски колега го нарекуваат „Русин“.[241] Еден од најозлогласените криминалци од Балканот, Миро Нимајер Ризвановиќ, бил познат како „El Ruso“ („Русинот“) и покрај тоа што имал босанско и германско потекло.

## На вистинско место во вистинско време

Откако во почетокот на 2000-тите продреле на пазарот во Латинска Америка, криминалците од Балканот имале среќа да бидат на вистинското место во вистинско време за време на протресувањето на пазарот со кокаин. Главен фактор бил мировниот процес во Колумбија. Во текот на преговорите меѓу колумбиската влада и ФАРЦ помеѓу 2012 и 2016 година, областа под култури со кока започна значително да се зголемува откако беа постигнати историски падови, во рамките на една голема офанзива за искоренување на дрогата предводена од војската




**СЛИКА 5** Хектари под култивација на кока во Колумбија, 2008–2019

ИЗВОР: Канцеларијата на ОН за борба против дрога и криминал (УНОДЦ), Colombia: *Monitoreo de territorios afectados por cultivos ilícitos 2018*, Август 2019, с. 22, https://www.unodc.org/documents/crop-monitoring/Colombia/Censo_cultivos_coca_2018.pdf.

(види слика 5). Според Канцеларијата на ООН за droги и криминал (УНОДЦ), бројот на хектари под култивирање на кока повеќе од четирикратно се зголемил помеѓу 2013 и 2019 година, од 50.000 хектари во 2013 година на 212,000 хектари во 2019 година.[242] Потенцијалното производство на чист кокаин, во меѓувреме, се искачи на неверојатни 951 метрички тони.[243] Ова се должеше на намалувањето на офанзивата против наркотици и рачното искоренување на земјоделските култури; суспендирањето на програми за воздушно прскање по налог на Уставниот суд во 2015 година; и зголемувањето на садењето како резултат на очекувањето дека ќе се спроведат доброволни програми за замена на земјоделски култури кои би донеле парична корист за земјоделците.

Во 2017 година, по потпишувањето на мировниот договор, ФАРЦ започна да се повлекува од териториите што ги имаше заземено. Ова создаде вакуум на моќ што почнаа да го пополнуваат другите криминални актери, привлечени од профитабиниот бизнис кој остана без сопственик. Меѓу тие нови актери беа криминалните банди, дисиденти на ФАРЦ кои го отфрлија мировниот договор и структурите на другите мали марксистички герилци, како што се Националната ослободителна армија (ЕЛН) или „нарко" гранката на речиси изумрената Народна ослободителна армија.

Во исто време, кокаинот кој се чуваше во залиха од почетокот на мировните преговори започна да го преплавува пазарот. Со оглед на изобилството кокаин, колумбиските картели и групи во Бразил, како што е Првата капитална команда (ПЦЦ), бараа нови пазари и партнери.[244] Групите од Западен Балкан беа добро позиционирани за да помогнат.

## Улогата на групите од Западен Балкан

*Властите идентификувале најмалку четири групи од Западен Балкан што имаат врски со колумбиските картели.*

Како што е опишано во делот за Западна Европа, до раните 2000-ти, српските и албанските криминални групи изградиле блиски контакти со италијанските мафијашки групи, кои биле главните дистрибутери на колумбискиот кокаин во Западна Европа. Тие ги користеле овие контакти за да играат клучна улога како посредници или брокери помеѓу латиноамериканските добавувачи и европските дистрибутери. Во суштина, во некои случаи тие се искачиле по криминалната хиерархија и самите станале клучни дистрибутери. Некои Срби и Црногорци со претприемачки дух (како Дарко Шариќ) се чини дека дури се обиделе целосно да ги отстранат посредниците на тој начин што нелегално ја пренесувале дрогата преку преку едрилици или на мали авиони од Латинска Америка до Европа, па дури и до Африка.

По фрагментацијата на колумбиските картели во 1990-тите, посредниците кои можеа да ги поврзат производителите на Латинска Америка со европските потрошувачи и да ги координираат пратките од неколку тони, станаа клучни актери во криминалниот свет.[245] Претприемачите од Западен Балкан помогнаа да се пополни таа потреба на пазарот. Тие ги видоа можностите во странство, беа под притисок на органите на прогонот дома, можеа да се вметнат во растечките мрежи во Западна Европа и веќе ги имаа потребните вештини, умови и желудник да го изведат тоа. Добар пример за овој нов бран на криминални претприемачи е „Ел Русо", кој, наводно, остварил близок работен однос со Дарио Антонио Усуга (познат и како „Отониел"), шефор на „Заливскиот клан", најголемата организација за трговија со дрога во Колумбија. Неговата работа била да ги координира поморските пратките со дрога од Колумбија и Бразил до Европа и Азија.[246] Тој помогнал да се поврзат колумбиските картели со албанските, косовските и калабријанските мафии.[247]

Од околу 2008 година, Албанците доаѓале во Латинска Америка како пратеници на италијанските мафијашки групи, како, на пример Ндрангета и Камора, како и претставници на мафијашки групи од други европски земји, како што се Грција и Шпанија. Тие, исто така, се чини дека имаат свои врски со турската и мароканската мафија за дистрибуција на наркотици во Европа. Нивната улога, според изворот, се фокусира првенствено на внатрешната дистрибуција на дрогата, особено во служба на италијанските и шпанските мафии, кои имаат постари врски со колумбиските картели.

*Иако кокаинот сè уште се испорачува преку Атлантикот, карантинот доведе до тесни грла во дистрибуцијата во Европа.*

Според полициските извори во Еквадор и Колумбија, овие „пратеници" обично доаѓаат „со мисија која ја спонзорирал и водел народот од земјата што е дестинација во Европа". Обично тие се претставуваат како бизнисмени и туристи и многу добро зборуваат шпански, што го олеснува нивното поврзување со локалните криминални групи. Задачата на овие „пратеници" е да остварат контакти, да преговараат за зделки (вклучително и цени), да ги договорат пратките и да ја испратат дрогата. Колку повеќе зделки прават, толку е подобра нивната мрежа на контакти. Истовремено, (ако договорот оди добро), нивната вредност се зголемува пред групата дома бидејќи тие стануваат очи и уши на нивните шефови во Европа. Сè уште не е јасно како работата на „пратениците" од Западен Балкан е погодена од кризата со КОВИД-19, иако може да се претпостави дека ограничувањата ќе го отежнат патувањето наваму-натаму, а ќе стане поризично и да се движат пари. Додека кокаинот сè уште се испорачува преку Атлантикот, канрантинот очигледно создаде тесни грла во дистрибуцијата во Европа, како и тешкотии во плаќањето за доставите на кокаин.[248]

Во Колумбија, овие пратеници, наводно, се состанувале со локалните мафии во градови како Переира, Меделин, Кали, Пасто и Кукута. Полицијата идентификувала и неколку случаи во кои брокерите од Западен Балкан патувале во областите на производство во Колумбија како Тиби во провинцијата Норте де Сантандер (на границата со Венецуела), која е контролирана од ЕЛН, или до Тумако во провинцијата Нарињо (близу границата со Еквадор) каде се спојуваат повеќе вооружени чинители, меѓу нив групи што се одвоија од ФАРЦ. Во инцидент во април 2020 година, еден Србин - Дејан Станимировиќ (познат како „Маркос") - починал во чудни околности во друштво на поранешниот колумбиски паравоен лидер, Хозе Висенте Ривера Мендоза, познат и како „Солдадо", во Гвамал, Колумбија.[249] Тој се чини дека веќе бил познат на неколку западноевропски полициски сили, кои го набудувале речиси една деценија под сомнение дека ги координирал пратките со дрога од Латинска Америка до Европа.[250]

Во Еквадор, Гвајакил и провинцијата Ел Оро се чини дека се главните места за средби. Во Перу, има информации дека една српска група воспоставила директен контакт со семејните кланови кои го произведуваат кокаинот во долината на реките Апуримак, Ене и Матаро и ја транспортираат до Лима и брегот.[251] Како што е забележано во студијата на случај за Холандија, клановите Тито и Дино исто така, наводно, шверцувале дрога од Перу.

Полицијата открила шема во движењето на таквите пратеници: тие остануваат од осум дена до еден месец; често патуваат во групи од три лица, често со шпански или италијански државјани (кои имаат историја на контакти и подобро го разбираат шпанскиот јазик); и често носат лажни документи. Причината што патуваат како трио има практична цел: кога се преговараат пратки кокаин, локалните картели често бараат едно лице од организацијата да остане во Колумбија и за да го потврди квалитетот на пратката, но и исто така да служи како „заложник" или гаранција за да се осигура дека купувачот ќе ја плати целата сума штом се достави пратката.

# ГРУПИ

Понекогаш се вели дека постои „Балкански картел" што оперира од Латинска Америка. Таквиот опис е премногу монолитен. Поточно, се чини дека постои широк опсег на чинители од Западен Балкан (особено Албанија, Црна Гора и Србија) кои се вклучени во трговијата со кокаин од Латинска Америка. Понекогаш соработуваат едни со други, а повремено се чини дека имаат и внатрешни спорови, но генерално се чини дека работат тивко и ефикасно.

Во последната деценија, властите го идентификуваа постоењтое на најмалку четири групи или ќелии од Западен Балкан - честопати со врски со семејствата или мали градови дома - кои имаат врски со колумбиските картели и трговијата со кокаин од Колумбија. Не е јасно дали сите овие групи сè уште работат, особено затоа што барем две ги загубија своите шефови.

## Група Америка

Групата Америка (која започна на улиците на Белград во 1990-тите) се чини била специјализирана за логистика и транспорт на кокаин (и хероин) помеѓу Колумбија и Северна Америка и Европа. Групата ја предводеше Миле Милјаниќ, а негов заменик беше Зоран Јакшиќ. Во јули 2016 година, Јакшиќ беше уапсен во Перу и обвинет за испраќање дрога од Јужна Америка во Европа. Инспекторите велат дека имаат докази дека Јакшиќ создал криминална структура за да дојде до кокаин во Перу и Еквадор.[252] Во јануари 2019 година, Смаил Шикало (од Босна) од Група Америка беше уапсен како дел операција за заплена на дрога кога беа најдени 1,5 тони кокаин.[253] Во април 2019 година важен член на кланот „Америка", Веселин Раичевиќ, беше уапсен во Белград.[254]

## Група Шариќ

Групата „Шариќ" била именувана по својот шеф Дарко Шариќ, кој во 2018 година беше осуден на 15 години затвор од српски суд.[255256] Шариќ (кој го привлече вниманието на јавноста преку операцијата „Балкански воин" во 2009 година, во кој беа запленетии 2,7 тони кокаин во Уругвај) се чини дека беше еден од првите доселеници од Западен Балкан во воспоставувањето контакти во Латинска Америка. Неговата група беше одговорна за транспорт на големи пратки (тони) кокаин од Латинска Америка во Европа преку Балканот. Според српската полиција, Шариќ организирал две пратки кокаин годишно. Наводно, Шариќ можел на колумбиските криминални организации да им плати во готово за неколку тони кокаин.[257] Исто така, се чини дека постои врска со ПЦЦ во Бразил. Во две големи заплени на дрога во август и септември 2016 година во пристаништето Сантос бил инволвиран (меѓу другите) и еден Србин по име Божидар Капетановиќ (познат и како „Јудо"), кој според бразилската полиција бил осомничен дека е дел од групата „Шариќ". Неговата десна рака Мирослав Јевтиќ - познат и како Фелипе - (исто така Србин) бил уапсен од бразилските власти за трговија со дрога и сомневање за перење пари, вклучително и преку Биткоин.[258] Во 2019 година бил осуден на 17 години затвор.

## Група Сретен Јоциќ

Групата Сретен Јоциќ е именувана по својот шеф, истакната српска мафијашка фигура, кој е позната и како Јоца Амстердам. Групата оперира во Западен Балкан, Холандија, Бугарија, Австрија, Турција и Германија. Се смета дека е одговорна за организирање големи пратки кокаин од Колумбија и преку Карибите, особено во Аруба. Се чини дека ужива во тесна соработка со албанските групи во Западна Европа. Групата Јоциќ е одговорна за директно работење во Колумбија со колумбиските производители и продавачи на кокаин и за пренесување на кокаинот до европските пристаништа преку рути вклучувајќи ги и Канарските острови, според една проценка.[259] Постојат информации дека Јоциќ ја посетил Колумбија во 1996 година. Според една проценка:

„И покрај стратешката контрола на Јоциќ над групата, тактичките операции, вклучително и операциите за трговија со дрога од Колумбија, се надгледувани од членови со понизок ранг во групата и широко распространета мрежа на добро организирани тимови“.[260] Се чини, ова придонесе за отпорноста на групата, дури и откако Јоциќ беше уапсен во април 2009 година и беше прогласен за виновен во врска со две нарачани убиства.

## Кланот Беране

Кланот „Беране“ главно е вклучен во трговија со дрога, особено шверц на кокаин од Јужна Америка, главно од Венецуела и Колумбија, според истиот претходен извор.[261] За групата се знае многу малку, и не се знае до кој степен е сè уште активна. Неколку истакнати членови на кланот беа обвинети во Црна Гора во 2004 година за шверц на 200 килограми кокаин од Венецуела во Србија преку италијанското пристаниште Џоја Тауро и црногорското пристанише Бар.[262]

## Албански и црногорски групи

Како што беше забележано претходно (види фуснота 235), постојат и неколку албански групи од организираниот криминал вклучени во трговијата со кокаин од Латинска Америка во Европа. Тие го пополнија празното место како клучни дистрибутери меѓу латиноамериканските картели и италијански мафијашки групи и - како што е забележано во случајот со Велика Британија и земјите од Бенелукс – се сè повеќе се вклучени во трговијата на мало. Најуспешните албански групи имаат акумулирано контакти и искуство од околу една деценија. Генерално се состојат од 15 до 20 члена, флексибилни се, брзо се прилагодуваат, добро се политички поврзани, имаат силна финансиска моќ и се познати по тоа што испорачуваат добар квалитет по конкурентна цена. Овие групи се релативно автономни, но имаат интеракција со поширoки криминални мрежи доколку од тоа имаат корист. Албанските групи кои работат во Латинска Америка се сметаат за пософистицирани отколку оние кои работат само во Албанија или имаат врски со само една организација во соседна земја.[263]

Кога се споменува улогата на групите од Западен Балкан, вреди да се истакне дека морнарите од Црна Гора се чини дека играат диспропорционална улога во екипажот на бродови вклучени во трговијата со дрога. Според една проценка, 7.000 црногорски морнари работат за глобални поморски компании. Работните места во меѓународни превозници се сметаат за привлечни за Црногорците со оглед на тешките социо-економски услови во земјата. И иако овие работни места се релативно профитабилни, некои црногорски морнари се чини дека паѓаат во искушение да заработат сума еквивалента на годишната плата со едно патување, помагајќи им на криминалните групи да пренесат кокаин.[264] Во февруари 2020 година, неколкумина црногорски членови на екипажот од брод од Аруба беа уапсени при заплената на 5 тони кокаин. Четворица црногорски морнари беа уапсени во Филаделфија во јуни 2019 година за учество во трговија со речиси 20 тони кокаин од Латинска Америка. Во 2015 година петмина црногорски морнари беа уапсени откако организираа пратка кокаин што беше испуштена од товарен брод крај брегот на Шпанија и собрана од јахти. Една година подоцна, друг Црногорец беше осуден на шест години затвор за испуштање на 261 килограм кокаин од товарен-брод што го искористија рибарите од холандскиот брег. И во март 2020 година, еден црногорски член на екипажот беше уапсен и 500 килограми кокаин беа запленети на црногорски превозник на големо (по име „Будва“) во Хамбург, кој пловел од Сантос, Бразил преку Казабланка.[265] Како што е опишано погоре во делот за Јужна Африка, тие исто така се уапсени за трговија со кокаин во јахти.[266] Во април 2019 година, дури беше и објавено дека 50 килограми кокаин се пронајдени на брод за обука на црногорската морнарица, вкотвен во јадранското пристаниште Тиват.[267]

Некои од овие пратеници доаѓаат и си одат од регионот, честопати користејќи две или повеќе имиња за да влезат во земјата. Според еден полициски агент за разузнавање во Колумбија: „Штом дојдат, тие не допираат ниту грам кокаин, стапуваат во контакт само за да ја дефинираат деталите за бизнисот.“[268] Ова гледиште го повтори и еден врвен обвинител во Јавното обвинителство (Фискалиа Генерал де ла Насион), кој специјализира во борба против наркотици: „Доаѓаат без пари и заминуваат без дрога. Не постои начин да ги фатите на дело.“[269]

Но и покрај тоа, некои од пратениците (на пример, во Еквадор) се чини дека поминуваат време во земјата и не се плашат да живеат луксузен начин на живот. Еден обвинител, цитиран од еквадорските медиуми, изјавил дека Албанците вклучени во трговија со дрога се претставуваат како претприемачи, посетуваат хотели и барови на високо ниво, поминуваат многу време во спортски комплекси и поседуваат луксузни добра чие потекло не може да се објасни. Кога изнајмуваат станови, тоа обично е во приватни комплекси со безбедносните служби. Добиваат пари преку банкарски трансфери и раководат со големи суми. Најчесто немаат имот во земјата, но изнајмуваат куќи со голема безбедност во скапи области.[270]

Во текот на изминатата деценија, групи од Балканот се вметнаа во локалните криминални мрежи во Еквадор, особено во градовите Гвајакил и Мачала каде е складирана дрогата и од каде се тргува. Се чини дека тие станаа повлијателниот партнер во врската со нивните локални колеги. Сепак, се чини дека постојат партнерства помеѓу албанските и еквадорските мафии кои се здружиле во сообраќајот кокаин и го поделиле профитот. Криминалците од Западен Балкан им плаќаат на Еквадорците да ги извршуваат своите нарачки и да ги преземаат различните задачи што се неопходни за нивните нелегални бизниси, како стражарење на пратките, транспортирање на контејнерите и криење на дрогата во контејнерите со соучесништво на пристанишните службеници. Тие, исто така, се чини дека успеваат да останат надвор во затвор, што укажува на тоа дека тие или се со чисти раце или имаат доволно ресурси за дадат посодржајно мито.

Додека овие „пратеници“ обично припаѓаат на средното ниво на команда во својата родна земја, штом дојдат во Еквадор се унапредени во водачи на криминалната група во таа земја. Сепак, се чини дека тие одржуваат блиски контакти со криминалните мрежи во Западен Балкан и со дијаспората во Западна Европа, сè почесто преку енкриптирани мобилни телефони. Кога Дритан Рецепи, опасен бегалец кого ИНТЕРПОЛ го бараше во три европски држави, беше уапсен во 2014 година, се обиде да го скрши мобилниот телефон фрлајќи го на земја.

## Рути и начини

Најголем дел од кокаинот што се испраќа од Латинска Америка во Европа се прави преку контејнери на големи бродови. Во суштина, 90% од кокаинот што влегува во Европа доаѓа преку контејнери во големи трговски бродови кои пристигнуваат во пристаништа како Антверпен, Алхесирас, Л Хавр, Ротердам и Хамбург.[271] Праткtие кокаин обично се ставаат во контејнери со свежо овошје (особено со банани), како и во пакети со замрзната овошна пулпа од Колумбија и Еквадор.[272] Се чини дека пакетите со дрога се завиткуват во јаглерод за да се избегне детекција. Бидејќи таквите пратки се расипливи и треба брзо да се движат, на пристаништата за влез има помалку контроли.

Понекогаш се става во контејнерите уште на фармата што ги произведува земјоделските производи, понекогаш по пат кон пристаништето, а понекогаш




и на самото пристаништето. Се чини дека најфреквентен начин е „обивање“, односно кршење на безбедносните пломби на контејнерите што носат дозволени стоки и потоа ставањето на дрогата внатре. На дестинацијата, на соучесниците им се кажува серискиот број на контејнерот каде што е натоварен кокаинот, се вади и зема дрогата, а на контејнерите им се ставаат лажни пломби за да се прикрие „обивањето“.[273] Фактот дека тоа е можно сугерира високи нивоа на корупција во рамките на безбедноста на пристаништата, како за дојдовни, така и за појдовни пратки. Се чини дека возач на камион (во Гвајакил) може да заработи до 10.000 американски долари за претовар на контејнер, додека возач на вилушкар (на пример во Антверпен) може да заработи помеѓу 25.000 и 75.000 евра за да осигура дека товарот е безбедно распакуван.[274] Обвинителите споменуваат дека картелите може да понудат меѓу 500.000 и 1 милион американски долари на царинските органи за да дозволат некоја пратка да помине без контрола.

Врз основа на податоците за заплените, се чини дека обемот на кокаинот што се движи кон Европа е значителен. Всушност, количината на кокаин запленета во Европа достигува историски рекорди. Во 2017 година, имало 104.000 заплени (претежно на мали количини) со вкупно 140,4 тони. Количината на запленет кокаин била 20 тони повеќе од претходниот историски рекорд од 2006 година и била двојно поголема од количината запленета во 2016 година. Најголем дел од кокаинот запленет во во Европа во 2017 година бил во Белгија (44 752 килограми), а потоа следува Шпанија (40 960 килограми) ; Франција (17 500 килограми); Холандија (14 629 килограми); и Велика Британија (5 697 килограми), според извештај на ЕУ.[275] Дрогата се појавила дури и на бреговите на Црното Море. Двајца Срби беа уапсени во март 2019 година, откако речиси еден тон

**Хамбург: Цармински службеници вршат увид во товарен брод; 90 проценти од кокаинот што влегува во Европа доаѓа во слични бродови; само 2 проценти од нив се проверуваат на светско ниво.**
*© Кристијан Карисиус / Пикчр Алајанс преку Гети Имиџис (Christian Charisius/Picture Alliance via Getty Images)*

кокаин беше откриен во напуштен брод, и во пакетчиња долж романското крајбрежје.[276] Чистотата на кокаинот на пазарот на ЕУ исто така достигнува рекордно нив за последните 10 години.[277] На пример, кокаинот што брановите го исфриле на брегот во Романија, наводно бил со повеќе од 90% чистота.[278]

Според извештајот на УНОДЦ од 2011 година, Венецуела е „најчестата земја на потекло во директните пратки на кокаин кон Европа", со тоа што поголемиот дел од дрогата потекнува од Колумбија. Од 2006 до 2008 година, повеќе од половина од сите пратки на дрога кон Европа пресретнати во Атлантикот, биле испратни од Венецуела. Нема многу информации за работата на групите на Западен Балкан во Венецуела. Еден неодамнешен исклучок е заплената на 5 тони кокаин на брод близу Аруба на Карибите во февруари 2020 година. Бродот пловел од Суринам, се вкотвил кај Гваранао во Венецуела и бил упатен кон Солун, Грција. Неколку Црногорци што биле членови на екипажот биле уапсени за трговија со дрога.[279]

Значителна количина на дрога доаѓа директно од Колумбија. Во минатото, поголемиот дел од дрогата бил наменета за САД. Но, според разузнавачки извор од колумбиската полиција, сега Европа е крајната дестинација за 60 проценти од кокаинот што излегува од Колумбија. Од вкупната количина кокаин што влегува во Европа, речиси 70% е пренесен од групи поврзани со криминалните групи од Западен Балкан, според истиот извор.[280] Но, овој број не треба да се земе здраво за готово.Балканските криминални групи, исто така, наводно се вклучени во трговија со дрога во пристаништето Калао, Перу.

Се зборува дека српските мафијашки групи соработуваат со локални криминални организации („чалако") за шверц на дрога во товарни бродови наменети за Европа.[281] Овие локални групи, познати и како „нинџи" поради нивната умешност, се озлогласени по тоа што скокале врз камиони и бродови за да скријат кокаин во пратките со вино, јатки или зеленчук. Во 2019 година беше објавено дека дрогата била натоварена на брод (МСЦ „Гајане") кога бил во близина на брегот на Перу. Вториот офицер, Иван Дурашевиќ од Црна Гора, им кажал на инспекторите дека бил ангажиран од првиот офицер на бродот да им помогне на најмалку уште двајца членови на екипажот и четворица лица кои носеле ски маски, да довлечат бали кокаин и да ги натоварат на „Гајане" од помали бродови кои му пристапиле набргу откако отпловил од Перу.[282] За својот ангажман требало да му бидат платени 50 000 УСД во криптовалута.[283] Кога на бродот, кој се движеше кон Ротердам, му беше извршен претрес во Филаделфија во јуни, полицијата пронајде речиси 20 тони кокаин (во вредност од повеќе од една милијарда американски долари) - втората по големина нарко-заплена во американската историја.[284]




**СЛИКА 6** Дрога запленета во Еквадор на пат кон Белгија 2014–2020

ИЗВОР: Локални вести и веб-сајтот на националната полиција на Еквадор

Како што е погоре забележано и во врска врска со Групата „Шариќ“, постои врска и помеѓу криминалните групи на Западен Балкан и Примеро Командо да Капитал (ПКК) кои шверцуваат кокаин од бразилското пристаниште Сантос кон Западна Европа, вклучително и до пристаништата во северна Европа и Џоја Тауро, едно од најголемите пристаништа на Медитеранот за кое е познато дека е инфилтрирано од „Ндрангета“.

Се чини дека Уругвај стекнува популарност како излезна точка за дрога. Во 2019 година, бројот на заплени на дрога во земјата се зголеми двојно во споредба со претходната година. Најмалку три големи заплени на кокаин се направени во бродовите што потекнувале или биле вкотвени во Уругвај, и извршен е упад и голема заплена на дрога на приватен авион со потекло од Монтевидео во 2019 година.[285]

Патот од Еквадор кон Европа, особено кон Белгија, се чини дека е популарен кај нелегалните трговци (види слика 6). Според еден аналитичар, криминалните групи кои работат во Еквадор го фаворизираат пристаништето во Антверпен заради ниските тарифи и фактот што понатамошниот превоз е лесен. Во суштина, прегледот на назначените дестинации на пратките со кокаин запленети на пристаништата во Еквадор открил дека поголемиот дел биле наменети за Антверпен. На 8 јануари 2020 година, белгиските власти објавија дека во 2019 година била запленета рекордна количина од речиси 62 тони кокаин во Антверпен, второто по големина пристаниште во Европа. Од оваа заплена, 17% (10,5 тони) од дрогата потекнуваат од Еквадор, кој, според белгиското Министерство за финансии, се рангира како еден од првите три извозници на кокаин во Антверпен, заедно со Колумбија и Бразил.[286] Според извештајот за печатот на АФП, генералниот директор на пристаништето во Антверпен, Кристијан Вандерваерн, коментирал за јавниот радиодифузен сервис ВРТ дека „белгиската царина моментално може да контролира само еден до два проценти од милионите контејнери кои пристигнуваат на ова фламанското пристаниште“.[287]

Истрагата открила дека бандата имала оперативен центар во тој град, од каде планирале да испраќаат дрога во Европа. Во друг случај од мај 2019 година, е уапсена банда предводена од албанци во крајбрежната провинција Ел Оро. Оттаму, криминалната група испратила дрога во Европа криејќи ја нелегалната стока меѓу земјоделски производи. Според локален експерт за безбедност, пристаништата во Еквадор немаат опрема за скенирање. Како резултат на тоа, само 1 процент од контејнерите подлежат на случајни полициски контроли со обучени кучиња.[288]




**СЛИКА 7** Тони дрога запленети на пристаништата во Еквадор, 2016–2019

ИЗВОР: Национален директорат на полицијата за антинаркотици на Еквадор

ЗАБЕЛЕШКА: Податоци достапни до 25 септември 2019



**Некои балкански трговци претпочитаат јахти за пренос на дрога. Тука е прикажана луксузна јахта што пренесувала кокаин пресретната во близина на брегот на Ирска.** © *Ниал Карсон/ПА имиџис преку Гети Имиџис (Niall Carson/PA Images via Getty Images)*

Недостатокот на контроли, наводно, се влошува поради високите нивоа на корупција по пристаништата.[289]

Еквадор има осум главни пристаништа, од кои Гвајакил се чини дека е жариште за групите од Западен Балкан. На пример, како дел од Операцијата „Балкан“ во јуни 2014 година, во Гвајакил беа уапсени 11 лица, вклучително и Еквадорци, Албанци и Косовари. Истрагата откри дека групата имала оперативен центар во тој град, од каде планирале да испраќаат дрога во Европа. Во друг случај од мај 2019 година, уапсена била предводена од албанци во крајбрежната провинција Ел Оро. Оттаму, криминалната група испрати дрога кон Европа криејќи ја контрабандата во пратки на земјоделски производи. Според локален експерт за безбедност, пристаништата во Еквадор немаат опрема за скенирање. Како резултат, само 1 процент од контејнерите се подложени на случајни полициски контроли со обучени кучиња. Недостаток на контроли, наводно, е зголемен со високи нивоа на корупција во пристаништата.

Од 2016 до 2019 година, полицијата заплени речиси 63 тони дрога во пристаништата во Еквадор (види слика 7). Но, во споредба со проценетиот обем што минува низ пристаништето, ова е веројатно помалку од 10 проценти од кокаинот што е наменет за Европа, каде што еден грам од дрогата може да оди во малопродажба за 20 цена поголема од таа Еквадор.[290]

## Други методи на трговија со дрога

Дрогата се движи и на други начини. Мали пратки се испраќаат преку лица-курири кои патуваат на комерцијални летови за Европа, на пример од аеродромите во Гвајакил и Кито. Релативно нов метод се чини дека се чартер летовите или т.н. нарко-авиони.[291] На пример, во април 2018 година двајца Албанци беа уапсени откако 1.000 килограми кокаин и повеќе од 1,5 милиони американски долари беа откриени на чартер-лет од Колумбија до Мадрид.[292] Во јули 2019 година, Мајкл Докович, државјанин на Црна Гора со албанско потекло, бил уапсен откако 600 килограми кокаин биле запленети во приватниот авион „Голфстрим“ во Базел, Швајцарија, кој дошоl од Уругвај (претходно запирајќи во Ница).[293] Неговата десна рака, Перо 'Пјер' Шарац, исто така беше уапсен откако во 2018 година трипати ја посети Јужна Америка за наводно да организира пратки на кокаин.[294] Оваа операција, позната како операција „Фамилија“, која беше организирана од американските ДЕА и од ЕУРОПОЛ, резултираше во 16 апсења. Интересно е што пет од апсењата се извршени во Азија, каде се тврди дека „балканските шверцери“

го потпомогнувале и координирале поморското тргување со повеќекилограмски количини кокаин, претежно во Хонг Конг и Макао.[295]

Некои балкански нелегални трговци претпочитаат да користат јахти.[296] Грк и Албанец биле уапсени во Гвајакил во 2018 година во обид да прошверцуваат дрога кон Европа и Австралија во едрилица. Дарко Шариќ користел јахти, а користењето на јахти е забележано и во студиите на случајот во Јужна Африка и Турција. Голем број луѓе од Западен Балкан (особено Срби) се уапсени во последниве години за шверцување кокаин на јахти (познато како нарковелеро) од Латинска Америка до Европа преку Азорите и/или Канарските Острови. На пример, во мај 2015 година, четворица Срби беа уапсени на Азорите, кога во нивниот брод беа запленети 1.150 килограми кокаин.[297] Во јули 2019 година, 797 килограми кокаин беа запленети токму во близина на Азорите во чамец, кој се чини бил управуван од српска криминална група.[298] Исто така се чини дека, најкасно од 2018 година, Австралија започнува да биде целна дестинација за кокаинот што доаѓа од Еквадор.

*Понекогаш се вели дека постои единствен Балкански картел кој делува од Латинска Америка. Таквиот опис е премногу монолитен.*

## Победнички бизнис модел

Накратко, во изминатата деценија, Латинска Америка стана жариште за трговија со дрога за групите од Западен Балкан. Најновите информации укажуваат на тоа дека овој тренд ќе продолжи. На пример, според извор од службата за антинаркотици во Еквадор, 160 Албанци влегле во Еквадор во 2018 година, од кои 20 се потенцијални шверцери со дрога, додека колумбиски полициски извор рече дека откриле „неоправдано зголемување“ на влезот на граѓани од Албанија во Колумбија. Влезните точки исто така можат дополнително да се разгранат: во јануари 2020 година Албанија и Гвајана (која се граничи со Бразил и Венецуела) потпишаа договор за визно ослободување.[299]

Побарувачката и понудата со кокаин остануваат високи, иако се чини дека заплените растат исто така. Не е јасно дали ова е поради поефикасно спроведување на законот или едноставно одраз на зголемениот обем на дрога во оптек. Се чини дека слабостите што ги злоупотребуваат криминалните групи на Западен Балкан во Латинска Америка нема наскоро да се средат, ниту пак има веројатност дека ќе се намали обемот на сообраќајот на контејнери кон Западна Европа (дури и во контекст на пандемијата на КОВИД-19).

Криминалните групи од Западен Балкан дефинитивно изградија углед дека се ефикасни и од доверба. Исто така го поседуваат и неопходниот фактор на заплашување. Ова им овозможи да остварат добри односи со снабдувачите од Латинска Америка и да ја зголемат својата моќ во дистрибутивните мрежи, користејќи ги пристаништа во Западна Европа каде што имаат соучесници. Тоа што се во можност да купат директно од изворот во Латинска Америка и директно да продаваат на корисниците во Западна Европа им овозможува да го контролираат целиот ланец на вредности. Ова им овозможи да ја зголемат чистотата, да ги намалат цените и да доминираат со пазарот. На пример, постојат информации дека во Велика Британија албанските групи беа во можност да набават кокаин од колумбиските картели за околу 4 000 до 5 500 фунти по килограм, во време кога ривалите мислеа дека добиваат пристојна цена користејќи холандски големопродажници кои продаваа за 22 500 фунти по килограм.[300] Освен тоа, тие дефинитивно се опортунисти, бараат нови партнери, рути и пазари; нови начини на испорака; и креативни начини да ги исперат парите (вклучително и преку криптовалути). На кратко, се чини дека тие го пронајдоа победничкиот бизнис модел.



# АВСТРАЛИЈА

## НАЈДАЛЕЧНИОТ КОНТИНЕНТ



Австралија има најголема потрошувачка на кокаин по глава на жител во светот. Тоа е профитабилен пазар. Во последниве години, има значително зголемување на трговијата со дрога од Латинска Америка преку Пацифичките острови до Австралија.[301] Постојат одредени докази дека луѓето од Балканот се вклучени во трговијата со дрога во регионот, како што се покажа во голема акција за заплина на кокаин во Нов Зеланд во 2017 година.[302] Не би било изненадувачки, врз основа на начините на кои работат групите од Западен Балкан во други делови на светот, ако ова се покаже како рута што ќе се експлоатира.

Според еден австралиски полициски извор, „организираниот криминал од Балканот сега е најголемата закана за Австралија, толку вкоренет, дисциплиниран и влијателен во локалните заедници, сега претставува голем предизвик да се разбие.“[303] Сепак, според експерт од Комисијата за криминалистичко разузнавање на Австралија, иако навистина постои извесно присуство на организиран криминал од Западен Балкан во земјата, „други етнички и неетнички групи имаат многу поголемо присуство во Австралија“.[304]

Како и во другите глобални жаришта, криминалните групи на Западен Балкан во Австралија се чини дека произлегле од дијаспората што емигрирала од Југославија во осумдесеттите и раните 90-ти. Се тврди дека членовите на Земунскиот клан некое време поминале во Австралија, пред и по операцијата „Сабја“.

Голема криминална група во Австралија очигледно се разви околу етничкиот Албанец Васо Улиќ (кој има двојно австралиско и црногорско државјанство). Во својот најдобар период, се смета дека оваа група шверцувала шест тони дрога годишно во Австралија, Јужна Африка и Кина. Слично како криминалците од Западен Балкан во другите делови на светот, Улиќ започна како како ситен престапник во озлогласената „Златна милја“ во Сиднеј, и во текот на 20 години стана крал на шверцот со дрога во Австралија (познат како црногорски Ескобар), со блиски врски со клучните играчи во австралиското подземје. Улиќ ја напушти Австралија во 2005 година кога австралиската полиција го сослушала околу девет неразрешени нарачани убиства и голема заплена на дрога. Но, се тврди дека тој останал влијателен од неговиот дом во Црна Гора. Во август 2017 година

◀ **Шефот на српските „Пеколни Ангели“ и поранешен член на бандата „Бандидо“ Жељко Митровиќ беше убиен од сопствениот „готвач“ на метамфетамин во Сиднеј, во 2013.**
*© Гети имиџис (Getty Images)*

*„Балканскиот организиран криминал сега е најголемата закана за Австралија“.*

бил уапсен под сомнение дека од јули 2007 година до мај 2008 година, бил водач на криминална организација што прошверцувала 60 килограми метамфетамин од други земји до Австралија. Беше ослободен во 2019 година.

Членовите на српската заедница во Австралија се исто така клучни играчи во моторџиските банди во земјата. Се тврди дека некои од таканаречените „Балкан бандидос“ се запознале како деца на во играорните настани организирани од локалната Српска православна црква. Всушност, синот на поранешниот свештеник сега е клучен моќник во бандата „Бандидос“.

Еден од водечките членови на „Ангелите на Пеколот“ во Австралија, Жељко Митровиќ, беше со српско потекло. Во 2013 година, тој беше убиен од неговиот поранешен „готвач“ на мет (метамфетамин) - и е погребан на гробиштата на локалната српска православна црква. Во 2014 година, босанецот Сенад Катиќ (исто така поранешен член на Бандидос, кој имаше неколку судири со законот) беше уапсен за наводно водење мултимилионско криминално здружение за метамфетамин, за кое постој можност дека ги перело парите преку Биткоин. Друг поранешен член на „Бандидос“, Богдан Куиќ, беше екстрадиран од Србија во Австралија во 2016 година, за да се соочи со обвиненијата за убиство поврзано со дрога. И покрај фактот дека не постои договор за екстрадиција помеѓу Австралија и Србија, австралиската полиција ја пофали соработката што ја имаа со српските власти.[305]

Од септември 2011 до април 2012 година, тројца мажи со балканско потекло беа убиени во јужните предградија на Волонгонг. За сите тројца се смета дека биле вклучени во трговија со дрога.[306] Двајца од нив (Сашо Ристевски и Горан Николовски) се познавале и претходно отслужувале затвор, откако и двајцата биле фатени од полицијата со голема количина кокаин во 2004 година.[307]

Етничките Албанци се исто така озлогласени на австралискиот пазар на дрога. Еден пример е Даниел Калаја, чиј татко емигрирал од Албанија во Австралија во 1970-тите. Калаја напредуваше од дистрибутер на канабис во Мелбурн до лидер на една империја со синтетички дроги на Златниот брег. Тој беше голем играч сè додека не беше уапсен во 2010 година.[308] Во 2012 година, австралиската полиција депортираше еден Албанец, Леонард Ѓека, за кој се сметаше дека е извршител на моторџиските банди во Јужна Австралија.[309]



# БАЛКАНСКА „МАФИЈА ВО ДВИЖЕЊЕ“



Пред да резимираме, вреди да се погледне како различните жаришта во овој извештај се поврзани со Западен Балкан.

Главниот заклучок е дека не постои единствен некус што ги координира активностите на различните криминални групи од Западен Балкан кои се активни во странство. Во Западен Балкан не постои само една татковина на криминалот, ниту пак еден главен криминален ум од регионот кој стои зад активностите на различните групи од Западен Балкан. Сепак, регионот има историја и социо-економски услови кои создадоа фактори на одбивање кои доведоа до извоз на криминална активност. И постои политичка економија, во некои случаи дури и криминално владеење, што создава фактори на привлекување кај некои поединци и групи за да бараат или да понудат заштита, да развиваат мрежи и да перат валкани пари.

Една од главните врски помеѓу глобалните жаришта и Западен Балкан е логистичка. Локацијата на регионот е важна крстосница, на пример за трговија со хероин по балканската рута или како клучен центар за шверц на мигранти. Од околу 2010 година, регионот стана клучен центар за трговија со кокаин. Во изминатата деценија, имаше поголем број заплени во црногорските и албанските пристаништа, како што се Бар и Драч, кои укажуваат на тоа дека овие пристаништа се користат како места за претовар на кокаинот што доаѓа од Латинска Америка, и кој потоа се испраќа на големите пазари во Италија и Централна Европа.

Друго големо влијание е перењето на криминалната одбивка низ регионот. Се чини дека ова има особено влијание врз недвижностите и градежништвото – зголемувајќи ги нивните цени и покрај тоа што нема зголемувањето на приходите. Други популарни методи за перење пари се преку туристичката индустрија, коцкањето, центри за повици, менувачници и дознаки. Ова е проблем што бара понатамошно проучување и токму она што ГИ-ТОК ќе го разгледа во претстојниот извештај.

**Будва, Црна Гора. Повеќе од една деценија се евидентирани неколку зачленувања на дрога во различни балкански градови-пристаништа на Јадранско море.**
*© Велветеје виа Шатершток*

Некои групи ги враќаат парите назад на ангро скриени во специјално изработени прегради во автомобили и теренски возола. Исто така постојат индикации дека некои од пософистицираните групи ги перат своите приходи директно во Западна Европа, во оф-шор засолништа или во криптовалути. Додека земјите од Западен Балкан ги усогласија своите закони против перење пари и недозволен финансиски проток и ги исполнуваат европските стандарди, реалноста на теренот честопати се опишува како многу различна. Ќе биде интересно да се види влијанието на овие пари врз економиите – особено во Западен Балкан - ако дојде до ликвидна криза како резултат на пандемијата на КОВИД-19.

Врз основа на овој извештај, тешко е да се процени влијанието на глобалните жаришта врз политичката економија на Западен Балкан. Од една страна, јасно е дека екосистемот на корупција, политичка неказнивост и слаба кривична правда на Западен Балкан создава „покрив“ кој ги штити некои од големите играчи. Од друга страна, некои од овие актери се непожелни за некои политички лидери. Наспроти тоа, дел од лицата интервјуирани за овој извештај посочуваат дека е побезбедно и полесно за една криминалната група да води бизнис надвор од Западиот Балкан, каде што не мора да се грижи за контролата и покровителството од локалните власти или да се изложува пред локално-базираните криминални групи. Можеби изгледа контраинтуитивно, но се чини дека има моменти кога „чадорот“ на политичко покритие, кој беше идентификуван како многу важен во жариштата на организираниот криминал во Западен Балкан, може да биде слабост за групите што веќе успеале во странство. [310]

Без оглед колку се блиски или намерни врските меѓу криминалните групи од Западен Балкан кои оперираат во странство и водечките личности кои се враќаат дома, угледот на земјите од Западен Балкан е нарушен поради активностите на криминални групи во глобалните жаришта. Многу од клишеата со кои регионот мораше да се живее во 1990-тите, делумно опстојуваат и денес поради активноста на балканските криминални групи во странство. Всушност, во некои земји, како Холандија, заканата од криминалците од Западен Балкан се користи како аргумент против пристапувањето кон ЕУ.

Тешко е да се процени на каков начин криминалците од регионот го распределуваат своето време помеѓу глобалните жаришта и Западен Балкан. Постојат индикации од неколку студии на случај дека, на повисоко ниво, брокерите доаѓаат и си одат. Некои поручници се поблиску внесени во заедницата каде што работат или, како што е случајот со Латинска Америка, патуваат низ областите како „пратеници“. Постојат и индикации за сезонски криминалитет, каде членовите на групата патуваат за да завршат одредени зададени задачи и потоа се враќаат дома. [311]

Некои од најуспешните криминалци од Балканот (како Дарко Шариќ) се чини дека ги искористија предностите од мрежите во „Југосферата“[312] на Западен Балкан и ги искомбинираа со можностите што ги нудат глобалните жаришта. Друг пример е Насер Келменди (косовски Албанец со босанско државјанство). Организацијата „Келменди“, наводно, била вмешана во трговија со дрога (особено хероин), шверц со цигари, перење пари и лихварство. Јадрото на криминалната група на Келменди е составено од неговите блиски членови на семејството (т.е. синови, братучед и неговите соработници). Се смета дека оваа организација има значително влијание во Косово и Босна и Херцеговина, како и во Црна

*Некои од најуспешните балкански криминалци ги искористија мрежите во „Југосферата“ на Западен Балкан и ги искомбинираа со можностите што ги нудеа жариштата.*

Гора, Северна Македонија, Хрватска, Србија, Германија и САД. [313] Келменди беше обвинет во Основниот суд на Косово под разни точки на криминална активност (вклучително и убиство со отежнувачки фактори), но беше осуден на само шест години затвор за трговија со дрога во 2018 година. [314]

Криминалците кои работат во глобални жаришта имаат тенденција да се враќаат на Западен Балкан. Забележано е дека некои од „Пинк пантерите“ се чини дека се повлекувале назад на Западен Балкан помеѓу нивните операции „искрши и грабај“, или случајот со убијците кои излегуваат од Западиот Балкан за да извршат нарачано убиство и потоа повторно се враќаат дома. Како што е илустрирано во овој извештај, има и случаи на криминалци кои се враќаат од жариштата да се смират, да избегнат изложеност пред органите на прогонот во жариштето каде што се активни, да ги елиминираат своите противници или да најдат безбедно засолниште откако се обвинети во странство. Во инверзија на тезата на Варезе, некои, кои ги воделе своите кариери во жариштата, се преселиле назад во Западен Балкан. Во секој случај, државите од Западен Балкан можат повеќе да се потрудат за на бараните криминалци да им биде потешка доаѓаат и да си одат.

Освен тоа, може да постои ризик групите од Западен Балкан кои работат во глобалните жаришта, дома да донесат некои од своите проблем и знаење ако се вратат, заедно со профит што ќе го вратат. На пример, партнерите од странство би можеле да се обидат да направат пробив на Балканот - дали ова може да привлече погрешен вид странски инвестиции и погрешен вид луѓе?

Понатаму, ако дел од парите пто се перат на Западен Балкан се перат на начини што создаваат бизниси кои не се многу регулирани (на пример, туристичката индустрија, казината и индустријата за забава), може ли ова да создаде опкружување каде и другите играчи може да го следат истиот пример? Може ли ова да дејствува како магнет за криминалните групи од Азија, Блискиот исток, Турција или Русија? Или сомнители странски инвеститори кои би можеле да ги искористат предностите на ограничените механизми за регулирање - како што беше забележано во студијата на случај на Чешката Република во раните 1990-ти? Исто така, вреди да се прашаме дали кибер-просторот би можел наскоро да стане (виртуелно) глобално жариште за криминалците од Западен Балкан. [315]

Конечно, додека некои криминални групи профитираа од војната на Блискиот Исток преку трговија со оружје и криумчарење мигранти, дојде и до бумеранг ефект, со оглед на тоа дека постои популарно незадоволство од зголемениот број мигранти и загриженоста од можноста за враќање на странски борци и радикализација. Во иднина, важно е да се погледне не само како организираниот криминал од Западен Балкан се извезува на глобално ниво, туку и дали (и како) странските групи на организиран криминал се преселуваат на Западен Балкан.



# ЗАКЛУЧОЦИ



Целта на овој извештај е да покаже каде се глобалните жаришта на активност на криминалните групи од Западен Балкан. Разгледани беа студии на случај во Латинска Америка, Западна Европа, Турција и Јужна Африка, со мал осврт на Австралија.

Постојат одредени сличности меѓу овие жаришта, но исто така и важни разлики. Многу од жариштата се однесуваат на наследството од драматичните настани што се случија во Југославија и Албанија во 1990-тите години, но други имаат повеќе врска со неодамнешните случувања и можности што се отворија поради политичките промени и глобализацијата. Повеќето жаришта имаат значителни дијаспори на луѓе од Западен Балкан, но некои и немаат (како што се оние во Латинска Америка). Некои жаришта имаат релативно слаби институции и системи на кривична правда, или биле привлечни за криминалните групи во време на транзицијата, но други (како западна Европа, Австралија и Турција) не.

Речиси секое жариште воочено во овој извештај се однесува на економијата на дрогата; или снабдување (во Латинска Америка), транзит (Турција) или дистрибуција и малопродажба (Западна Европа и Австралија). Истакнати беа и шверцот со мигранти и со цигари, особено во случајот со Турција.

Јужна Африка се разликува. Се чини дека била жариште во 2018 и 2019 година поради израмнувањето на старите сметки помеѓу мала група луѓе на некој начин поврзани со атентатот на Аркан. Сепак, постојат индиции дека станува жариште за трговија со кокаин, вклучително и со учество на групи од Западен Балкан.

Во повеќето жаришта криминалните групи од Западен Балкан се искачија по скалилата на криминалната хиерархија во последните 20 години. Лица од малите градови во Западен Балкан (вклучително и од жариштата што беа воочени во претходниот извештај на ГИ-ТОК) сега организираат повеќетонски пратки кокаин од џунглите на Латинска Америка преку некои од најпрометните пристаништа на Европа до улиците на нејзините престолнини. Морнарите од малите балкански пристаништа користат јахти за да испорачуваат дрога до Јужна Африка и Австралија, или мигранти од Турција во Западна Европа. Брокерите од Западен Балкан прават зделки со некои од најголемите латиноамерикански картели, италијанската мафија и добро етаблираните турски криминални групи. Тие сега се наоѓаат во премиер лигата на криминалот.

◄ **Новата генерација на нелегални трговци од Западен Балкан стекна познавања од технологијата во обид да ги избегне органите на прогонот.** © *Милениус/Шатерсток (Millenius/Shutterstock)*

Повеќето криминални активности во жариштата се ненасилни. Повторно, Јужна Африка е нетипична, но се чини дека тоа е резултат на крвавите внатрешни борби, кои повеќе се со цел одмазда, отколку натпревар за освојување на криминалниот пазар. Исто така, неодамна дојде до насилство и во Италија, што сугерира постоење на конкуренција со групи на кои може да им пречи напредувањето на албанска мрежа на големите пазари кокаин, како што е Рим. Другиот забележителен исклучок е насилството поврзано со крвавата расправија меѓу клановите Шкаљарски и Кавачки. Но, со исклучок на неколку нарачани убиства во западна Европа, ова насилство најчесто се случува во Србија и Црна Гора, а не во жариштата во странство.

*Денес постои генерација на помлади, професионални криминалци кои се вешти во користењето технологија.*

## Карактеристики на групите

Тешко е да се прават генерализации за криминалните групи од Западен Балкан кои работат во глобални жаришта, делумно затоа што не постои еден воедначен модел, а делумно и поради недостаток на информации. Како и да е, јасно е дека не постои „Балкански картел", па дури ниту албанска мафија. Ваквите описи сугерираат одреден степен на организираност и кохезија кои не постојат. Во суштина, постојат голем број на групи и мрежи кои понекогаш соработуваат едни со други и/или со локални партнери.

Криминалните групи на Западен Балкан кои работат во глобални жаришта ретко се етнички хомогени, иако албанските групи традиционално претпочитаат да работат со луѓе од нивниот клан или заедница. Исто така, сè уште постои тенденција криминалците од Западен Балкан да работат со други од регионот. Но, случаите испитувани во овој извештај укажуваат на тоа дека криминалните групи од Западен Балкан кои работат во странство се многу прилагодливи и се подготвени и можат ефикасно да соработуваат заедно со луѓе од широк спектар на националности.

Недостатокот на насилство што е типичен за групите од Западен Балкан, сугерира дека тие се или прагматични и нашле начини да се здружат со локалните партнери и другите групи, или се чувствуваат самоуверено во својата способност да контролираат одредени пазари. Втората претпоставка во некои случаи може да се припише на сојузите со моќни партнери, репутацијата за насилство, доволните ресурси за да се обезбеди неказнивост во земји со слаби системи на кривична правда, како и заштитните чадори во сопствените земји.

Некои членови на овие групи - особено од Србија и Црна Гора - сè уште имаат наследство од југословенските војни од 1990-тите години, но многу од таа генерација на криминалци се или мртви, или во затвор или надвор од игра. Исклучок е Јужна Африка, каде што се случи да се создаде група луѓе (претежно на возраст над 50 години) со врски од раните 2000-ти, кои, парадоксално, сакаа да избегаат своето минато.

Постојат и други кои се дел од „втората генерација" кои или го напуштиле Западен Балкан како деца, или биле родени во странство. Во некои случаи, имаат врски со групите од Западен Балкан, но во други случаи тие се брендирани како балкански криминалци, дури и ако единствената врска со регионот е нивното презиме.

Денес има генерација на помлади, професионални криминалци кои имаат добри јазични вештини, способни се да користат технологија, да ги паркираат парите во странство или во криптовалути и да профитираат од глобализацијата. Си заминале од Југосферата, и станале граѓани на светот. Тие се глобален еквивалент на она што порано на Балканот се нарекуваше „контроверзни

бизнисмени“. Новата генерација на нелегални трговци е технолошки едуцирана и може да го избегне надзорот на органите на прогонот. На пример, користат Џи-Пи-Ес при испорака на дрога или за навигација на рутите на недозволена трговија. Користат сателитски телефони, протоколи за Глас преку Интернет (VoIP) и енриптирана, интернет-базирана комуникација, која тешко може да се пресретне. Исто така, активни се на скриениот интернет и сè повеќе користат криптовалути како што се Биткоин кои тешко може да се следат.

## Непобедлив бизнис модел

Еден од највпечатливите заклучоци од овој извештај е нагорната подвижност на криминалните групи од Западен Балкан. Во рок од 20 години, тие од курири или ситни престапници кои се обидуваа да избегаат од нестабилноста и неразвиеноста прераснаа во големи дистрибутери на дел од најголемите пазари на дрога во светот. Се позиционираа близу до изворот на најголемите светски резерви на кокаин и хероин, а - во случајот со Албанците - понекогаш дури и се производители на канабис. Исто така се активни во малопродажбата, особено во Западна Европа поради пристапот до разни пристаништа во ЕУ, како што се Антверпен, Амстердам, Хамбург, Валенсија, Алхесирас и Пиреја. [316][317] Покрај тоа, имаат и врски со дистрибутерите на улично ниво, вклучително и сонародниците од Западен Балкан. Ова им овозможува да ги паѓаат цените, да ја пренесат заштедата на потрошувачите, да испорачуваат добар квалитет по фер цена и со тоа да ја нокаутираат конкуренцијата. Како бизнис модел, тоа е непобедливо. Доколку продолжат да играат како што треба, овој бизнис модел ќе продолжи да биде профитабилен бидејќи понудата и побарувачката за кокаин, хероин и канабис се големи.

До развојот на овој алтернативен пазар, каде тие се даватели на услуги од еден до друг крај на синџирот на снабдување, не дојде случајно. Криминалните групи од Западен Балкан покажаа подготвеност да преземат ризици, да бараат и да ги искористат можностите, на пример, со користење нови рути и нови технологии. Тие ја стекнаа почитта на локалните партнери на двата краја на синџирот на снабдување. Се покажаа како иновативни, со претприемачки дух и прилагодливи.

## Овозможувачки фактори

Овој извештај нагласи голем број фактори кои им овозможија на криминалните групи од Западен Балкан да работат во странство. Како што е наведено, во некои случаи тоа е лошото владеење и корупцијата во земјите каде што работат. Друг фактор е нивната способност да користат неколку идентитети и на тој начин да избегнат да бидат откриени.

Ограничената безбедност на контејнерите е проблем, или поради корупцијата или поради големиот промет на контејнери што минуваат низ некои пристаништа. Сосема е можно некои нелегални стоки да се испорачуваат преку слободни економски зони: ова прави да биде тешко да се пресретнат. Во некои случаи, слабата гранична и царинска контрола, како и ограничената поморска безбедност, овозможуваат шверцот да е со релативно низок ризик.

Како што споменавме, технологијата е овозможувачки фактор на групите опишани во овој извештај: на пример, употреба на енкриптирање, криптовалутите и следењето на Џи-Пи-Ес. Финансискиот систем, исто така, се чини дека е алатка за прилив на пари кај некои од овие групи. Како поинаку би можеле да пренеуваат и

инвестираат толку многу пари? Дали банките и агенциите за недвижнини навистина ги познаваат своите клиенти?

Клучен фактор е дека некои од латентните фактори што направија луѓето од Западен Балкан да бидат подложни на организиран криминал во 1990-тите години на минатиот век се' уште постојат: недостаток на можности за вработување, корупција, нееднаквост, фрустрација со домашната политичка состојба и бавниот процес на пристапување во ЕУ. Доколку не се реши ова, Западен Балкан или неговата дијаспора и понатаму ќе остане расадник на млади луѓе кои ќе сакаат да го преземат ризикот да живеат во криминал.

## Соработка со органите на прогонот

Додека криминалците од Балканот ни покажуваат кои се придобивките од транснационалната соработка, овој извештај покажува дека и органите на прогонот исто така можат делотворно да работат заедно. Операцијата „Балкански воин" беше заедничка потфат на ДЕА, српската Разузнавачка агенција и полицијата на Уругвај и Аргентина, која помогна да се фати Дарко Шариќ во 2010 година. Имаше и неколку други успешни операции во кои беа вклучени органи на прогонот од САД, Западна Европа, Латинска Америка и Западен Балкан. СЕЛЕК се покажа како корисен координативен механизам за спроведување заеднички истраги. Дел од додадената вредност на СЕЛЕК е што и Турција е членка.

Исто така, постои солидна поморска сорабока, како што е запленувањето на дрога во февруари 2020 година крај брегот на Аруба, што беше дел од заедничката операција помеѓу српските, црногорските, холандските и британските органи на прогонот. Во суштина, од 2018 до 2020 година, бројот и големината на заплените на дрога се чинеше дека се зголемува, или како резултат на поголемата соработка помеѓу агенциите за спроведување на законот или како одраз на зголемениот обем недозволена трговија, или и двете.

ЕВРОПОЛ игра клучна улога. На 11 март 2020 година, на пример, ЕВРОПОЛ објави дека помогнал во демонтирањето на голема балканска криминална мрежа што тргувала со дрога, главно кокаин, од Латинска Америка до Европа. Сложената меѓународна истрага, започната во 2017 година, довела до пресретнување на катамаран кој шверцувал 840 килограми кокаин испратен од Карибите кон Европа. [318] Четворица членови на екипажот на босанската, црногорската и српската националност беа уапсени во 2018 година, а неколку други членови на групата беа уапсени на 10 март 2020 година. Ова покажува на кој начин ЕВРОПОЛ може да ја потпомогне размената на информации, да обезбеди координативна поддршка и да ги анализира оперативните информации низ своите базите на податоци за да им даде траги на инспекторите. Овој пристап исто така се применуваше и за борба против трговијата со луѓе и цигари, како против шверцувањето на мигранти во Западен Балкан.

Еуроџаст им помага на земјите од Западен Балкан да го зајакнат капацитетот и им дава помош при судското гонење на случаите. Во поопшти рамки, со оглед на тоа што судското гонење е често најслабата алка кога се работи за случаите на сериозен организиран криминал, поддршката на другите земји може да биде корисна, вклучително и екстрадиција. Во некои случаи, полицајците за врски од полициските одделенија во Западен Балкан се сместуваат во земјите на потекло за да помогнат во идентификувањето на осомничените и да помогнат во анализата. Ваквата соработка се покажала како успешна.

Билатерална соработка е исто така неопходна. Добар пример е соработката помеѓу италијанските и албанските органи на прогонот, вклучително и заедничките опрерации. Италија, заедно со САД и голем број на земји од ЕУ, исто така, го поддржува процесот на реформа на албанскиот систем на кривична правда. Освен тоа, постои соработка во контекст на Инструментот за претпристапна помош на ЕУ, кој на кандидатите на ЕУ им дава финансиска и техничка помош. Во некои случаи, ова доведе до успешни операции против групи на организиран криминал, како и заплена на криминални средства. Спроведените истраги го опфатија целиот спектар на манифестации на организиран криминал - од трговија со луѓе, оружје и дрога до тероризам и перење пари - и се спроведени и во Западен Балкан и во земјите на ЕУ, како и, понекогаш, во други земји. Соработката со ЕУ би можела да биде уште поефикасна ако земјите од Западен Балкан

имаат пристап до Шенгенскиот информативен систем. Ова ќе ја засили и забрза способноста на полицијата и граничарите да идентификуваат лица од интерес.

Интерпол игра клучна улога во однос на координирање на заедничките активности. На пример, во јануари 2020 година водеше голема операција против трговија со луѓе и шверц со мигранти на Балканот, наречена Операција „Тезеј". Како резултат, уапсени се 72 осомничени трговци и 167 шверцери со мигранти, спасени се 89 жртви на трговија со луѓе и идентификувани се 2.000 мигранти. [319] Системот за „Црвена тревога" на ИНТЕРПОЛ е исто така клучен за идентификување на криминалците. [320] Интересно е да се напомене дека ИНТЕРПОЛ имаше цел проект посветен на следење на „Пинк пантерите".

Може да се направи и повеќе, особено во однос на зајакнување на соработката помеѓу органите на прогонот во земјите на понуда и побарувачка, меѓу другото и преку вклучување на колегите од Западен Балкан. Исто така, постои потреба за поголем фокус на поморската безбедност (особено преку разузнавачки водени операции) и начин да се среди безбедноста на контејнерите, на пример, со поефикасно користење на светската програма за контрола на контејнери на УНОДЦ (UNODC). Исто така, постои итна потреба да се подобри взаемната правна помош помеѓу земјите од Западен Балкан и глобалните жаришта каде што се активни криминалните групи од Западен Балкан.

Бидејќи криминалните групи се финансиски мотивирани и со оглед на тоа што парите се извор на нивната моќ, треба да се направи повеќе за да се разгледаат финансиските текови на групите од Западен Балкан кои работат во странство. За да се зголемат ризиците и да се намалат придобивките, потребна е поголема соработка во разоткривањето на перењето пари и враќањето на украдените средства. Правните рамки постојат во Конвенцијата на ООН против транснационалниот организиран криминал УНТОК (UNTOC) и Конвенцијата на ООН против корупцијата УНКАК (UNCAC). Решението е практична соработка. Во спротивно, овие пари би можеле да се искористат за купување моќ, или за да ги изопачат националните економии. Навистина, доколку дојде до криза во ликвидноста како резултат на вирусот КОВИД-19, потпората што доаѓа од криминалци кои имаат значителни суми пари може да има огромно влијание врз бизнисите и политиката. Накратко, ако балканскиот криминал се развил во правец однатре нанадвор, голем дел од решението ќе мора да дојде однадвор преку меѓународна соработка. Како што рече еден италијански обвинител, „исто како што тие си се сојузници едни на други, така и ние мора да соработуваме заедно".

## Повеќеслоен пристап

За справување со влијанието на криминалните групи од Западен Балкан кои работат во странство ќе биде неопходно да постои координирана реакција на различни нивоа. Во рамките на Западен Балкан, важно е да се зајакне отпорноста на општеството во однос на факторите што овозможуваат да се развива криминалот. Ова ќе ги намали криминалните жаришта дома и во странство. Реформата на кривичната правда во Албанија е добар пример. Можеби е бавна и напорна, но сепак е можност да се донесе нова генерација на службеници во кривична правда и да се изгради поголем интегритет и доверба во системот. Пошироко земено, во сите земји од регионот ќе биде важно да постојат делотворни институции, не само добро законодавство. И, неопходно е да се создадат повеќе работни места и одржлива егзистенција, особено кај ранливите групи (како што се младите) во ранливите региони.

Тука имаат своја улога и донаторите, како и во справувањето со факторите што предизвикуваат неразвиеност, маргинализација и одлив на мозоци. Ова би можело да стане уште поакутно во однос на економските последици од КОВИД-19.

Земјите од Западна Европа имаат клучна улога во намалувањето на побарувачката за стоки и услуги што го поттикнуваат криминалот во Западен Балкан. Всушност, со исклучок на Австралија и Јужна Африка, сите текови на недозволена трговија од кои профитираат криминалните групи од Западен Балкан се насочени кон ЕУ и Велика Британија. Додека некои критичари и дел од медиумите се расположени да креваат тревога околу криминалните групи од Западен Балкан, малкумина посочуваат и дека тие всушност ги опслужуваат недозволените пазари во Западна Европа.



**Сараево, главниот град на Босна и Херцеговина. Голем дел од организираниот криминал од Западен Балкан се движеше „од внатре на надвор“.** *© Борис Строујко/Шатерсток (Boris Stroujko/Shutterstock)*

Покрај тоа, исклучувањето на земјите од Западен Балкан од европската перспектива нема да ја подобри ситуацијата. Луѓето од Западен Балкан кои сакале да се преселат во ЕУ се веќе таму - вклучително и криминалните групи, како што е нагласено во овој извештај. Ако знаеме дека некои од нив се свртеле кон криминална кариера поради тоа што сметаат дека системот ги изневерил, зошто да се продлабочуваат ранливостите на тој систем? Наместо тоа, предизвикот треба да биде пред сè да се средат условите што доведоа до таа ранливост.

Иако ќе биде тешко, сепак треба да се направи повеќе за да се зајакне отпорноста во земјите од каде што доаѓа снабдувањето. Земјите кои се најголеми пазари за кокаинот што доаѓа од Латинска Америка имаат сопствен интерес за зајакнување на системите за кривична правда и одржлив развој во земјите како Еквадор, Колумбија и Перу. Покрај тоа, решавањето на прашањето на криминалните групи од Западен Балкан без намалување на пазарните сили што ги држат во функција, едноставно ќе доведе до тоа тие да бидат заменети со групи од некое друго место. Всушност, како што и е забележано во многу од жариштата разгледани во овој извештај, тие и не се главните играчи во трговијата со дрога.

## Улогата на граѓанското општество

Актерите на граѓанското општество и во Западен Балкан и во странство играат клучна улога. Тие треба да продолжат да вршат притисок за делотворно владеење и институции и да промовираат култура на законитост. Исто така, треба да работат со владите за да гарантираат дека има простор и слобода да се даде глас на оние - особено во медиумите, граѓанското општество и засегнатите граѓани - кои веруваат во општество ослободено од криминал и корупција. Во спротивно, разочарувањето од политиката и недостатокот на верба во идните можности во формалната економија ќе продолжат младите луѓе низ Западен Балкан да ги прават подложни или на заминување во странство или на приклучување кон криминални групи (или и двете).

Сограѓаните во дијаспората имаат удел во промовирање на културата на законитост затоа што активностите на криминалните групи во нивната средина им го рушат угледот. Повеќето членови на дијаспората немаат корист од криминалната активност на нивните сонародници, а некои дури страдаат од неа. Во суштина, многумина од нив го напуштиле Западен Балкан поради криминалот и нестабилноста – не сакаат тие повторно да им зачукаат на вратата.

## Насилство и тишина

Конечно, важно е ова прашање да биде во центарот на вниманието. Криминалните групи повеќе профитираат од тишината отколку од насилството. Иако криминалните групи честопати привлекуваат повеќе вннимание кога доаѓа до насилство, тоа обично е знак на конкуренција или нарушување на пазарот, додека високоефикасните пазари всушност работат тивко и без потреси.

Досега немало добро познавање на улогата на групите од Западен Балкан, како и за врските меѓу нив, надвор од нивниот матичен регион. Овој извештај ја има предноста што се заснова на информации од експерти (вклучително и новинари, академици и членови на граѓанското општество) во глобалните жаришта и широк опсег на на извори.

И покрај тоа, во многу случаи давателите на тие информации забележаа дека постои недостаток на податоци и анализи за улогата на криминалните групи од Западен Балкан во организираниот криминал. Проблемите вклучуваат недостаток на разделеност на податоците врз основа на етничка припадност, ограничени познавања за Западен Балкан, користењето на повеќе идентитети од страна на сторителите (вклучително и пасоши од земји на ЕУ) и ставот дека криминалците од Западен Балкан не се голема закана за земјата во прашање. Како и да е, можеби овој извештај може да придонесе за поголемо разбирање на корените, карактеристиките и влијанието на овој проблем со цел да се помогне во стимулирањето на активностите за негово решавање.

Како заклучок, овој извештај ја покажува улогата на групите од Западен Балкан во жариштата низ целиот свет. Потребна е поголема ангажираност за да се намали понудата и побарувачката на стоки што ги испорачуваат овие групи, и да се нарушат нивните активности. Во спротивно, пипалата на криминалните групи - вклучувајќи ги и оние од Западен Балкан - ќе продолжат да се обвиткуваат околу целиот свет.

# ЗАБЕЛЕШКИ

1 Референците кон Косово низ извештајот се без предрасуда кон позициите за статусот и се во согласност со Резолуцијата 1244/1999 на Советот за безбедност на ОН и Мислењето на МСП за Декларација за независност на Косово.

2 Во извештајот се користи името „Северна Македонија“, иако во текот на поголемиот дел на разгледуваниот период земјата беше позната како Поранешна Југословенска Република Македонија.

3 James Cockayne, *Hidden Power: The Strategic Logic of Organised Crime*. London: Hurst, 2016, p 298.

4 Federico Varese, *Mafias on the Move: How Organized Crime Conquers New Territories*. Princeton: Princeton University Press, 2011, p 193.

5 Ибид., p 22.

6 Federico Varese, *Mafias on the Move: How Organized Crime Conquers New Territories*. Princeton: Princeton University Press, 2011, p 21.

7 See Chapter 1 of Letizia Paoli, *The Oxford Handbook of Organized Crime*, Oxford University Press, 2014.

8 Види Isidore Jack Donsky, Aspects of the immigration of Europeans to South Africa 1946-1970. M.A. thesis, University of Johannesburg, 1989: ‘The immigrant was financially assisted at every stage of his migration move, from transportation, reception in South Africa, accommodation, employment placement and assimilation.’

9 Misha Glenny, *McMafia: Seriously Organised Crime*. London: Bodley Head, 2008, p 53.

10 На судењето се покажало дека е агент на тајната служба. Види Glenny, p 53.

11 Види Bozidar Spasic, *Lisica koja govori* (‘Fox Speaking’). Auto-Komerc, 2000.

12 Види Norbert Mappes Niediek, *Balkan-Mafia: Staaten in der Hand des Verbrechens – Eine Gefahr fur Europa*. Christoph Links Verlag, 2003, pp 31–32.

13 Panorama Gazette *Ish drejtori Albtrans: Pse Enveri lejoi kontrabanden e cigareve nga Shqiperia* (Former director of Albatrans: Why Enver allowed the smuggling of tobbaco from Albania, Part I), 16 November 2016, http://www.panorama.com.al/ish-drejtori-i-albtrans-pse-enveri-lejoi-kontrabanden-e-cigareve-nga-shqiperia/.

14 Погледнете цел документарец, подготвен од Фердинанд Дервиши, ABC Story, the Contraband of Cigarettes, 13 November 2016, https://www.youtube.com/watch?v=poPq5cryFNg.

15 Uğur Mumcu *Silah Kaçakçılığı ve Terör*. İstanbul: Tekin Yayınevi, 1994.

16 Mahmut Cengiz, *The Illicit Economy in Turkey: How Criminals, Terrorists and the Syrian Conflict Fuel Underground Markets*. Lanham: Lexington Books, 2019.

17 Uğur Mumcu, *Papa-Mafya-Ağca*. Ankara: Uğur Mumcu Vakfı Yayınları, 2020.

18 Види Norbert Mappes Niediek, *Balkan-Mafia: Staaten in der Hand des Verbrechens – Eine Gefahr fur Europa*. Christoph Links Verlag, 2003, pp 37–47.

19 John Mueller, The Banality of ‘Ethnic Conflict’, *Quarterly Journal: International Security*, 25, 1, 42–70, p 49.

20 Види Tim Judah, *The Serbs: History, Myth, and the Destruction of Yugoslavia*. New Haven: Yale University Press, 1997, pp 184–186; Norbert Mappes Niediek, *Balkan-Mafia: Staaten in der Hand des Verbrechens – Eine Gefahr fur Europa*. Christoph Links Verlag, 2003,, pp 37–42.

21 John Mueller, The Banality of ‘Ethnic Conflict’, *Quarterly Journal: International Security*, 25, 1, 42–70, p 50.

22 Ибид., p 53.

23 Ибид., p. 51.

24 Blaine Harden, Fast life, flashy end for Belgrade mobster, *The Washington Post*, 21 November 1992, https://www.washingtonpost.com/archive/politics/1992/11/21/fast-life-flashy-end-for-belgrade-mobster/87289547-9458-427c-84d1-8561f66a68f0/.

25 John F. Burns, Two gang leaders in Sarajevo face crackdown in Bosnia, *The New York Times*, 27 October 1993, https://www.nytimes.com/1993/10/27/world/2-gang-leaders-in-sarajevo-face-crackdown-in-bosnia.html.

26 David Samuels, The Pink Panthers, *The New Yorker*, 5 April 2010, p 10, https://www.newyorker.com/magazine/2010/04/12/the-pink-panthers.

27 Blaine Harden, Fast life, flashy end for Belgrade mobster, *The Washington Post*, 21 November 1992, https://www.washingtonpost.com/archive/politics/1992/11/21/fast-life-flashy-end-for-belgrade-mobster/87289547-9458-427c-84d1-8561f66a68f0/.
28 Marko Hajdinjak, Smuggling in Southeastern Europe, Centre for the Study of Democracy, 2002, https://seldi.net/fileadmin/public/PDF/Publications/Smuggling_in_SEE.pdf
29 Ибид., p 13.
30 Misha Glenny, *McMafia: Seriously Organised Crime*. London: Bodley Head, 2008, p 43.
31 Ибид., p 46.
32 Aleksandar Knezevic and Vojislav Tufegdzic, *See You in the Obituary*, B92, 1995, based on a book by the same authors entitled *The Crime that Changed Serbia*.
33 Ибид.
34 Ибид.
35 Горните тренерки биле ставени во фармерките или во долните тренери, кои потоа биле ставени во чорапите. Според Алекс Ерор „Овој детал го вовел Александар „Кнеле“ Кнежевиќ... за кого се смета дека го правел тоа за пиштолот да не му се лизга надолу по ногата и да му падне, ако некогаш е нападнат и мора да се засолни од истрели. Кога горната тренерка се става во долната исто така малку се напумпува, па оној што ја носи изгледа поголем и поопасно“. Aleks Eror, Dizelaš: the ‘Serbian gopnik’ style that defined the 90s is making a comeback, The Calvert Journal, https://www.calvertjournal.com/articles/show/8931/dizelasi-serbian-gopnik-style-90s-comeback.
36 Aleks Eror, Dizelaš: the ‘Serbian gopnik’ style that defined the 90s is making a comeback, The Calvert Journal, https://www.calvertjournal.com/articles/show/8931/dizelasi-serbian-gopnik-style-90s-comeback.
37 Една теорија е дека овие лица биле убиени од тајните служби. Види Шверц во Југоисточна Европа с. 25
38 Janet Kelley, Crooks rip ATM out of floor, intruders steal machine from Brecknock store, 26 February 2008, Lancaster Online, https://lancasteronline.com/news/crooks-rip-atm-out-of-floor/article_08eb5442-6e1e-5bd1-a9b6-e7e4b475f8be.html.
39 Tom Callahan, F.B.I. Slows, but Hasn’t Stopped, Wily Safecrackers, *The New York Times*, 15 November 1998, https://www.nytimes.com/1998/11/15/nyregion/fbi-slows-but-hasn-t-stopped-wily-safecrackers.html.
40 Geoff Manaugh, The rise and fall of fall of an all-star crew of jewel thieves, The Atlantic, 17 December 2019, https://www.theatlantic.com/technology/archive/2019/12/rise-and-fall-all-star-heist-crew/602977/.
41 Robert W. Frank, Security beat: State-of-the-art burglars burn ‘safe’ safes, JCK, 1 June 1997, https://www.jckonline.com/magazine-article/security-beat-state-of-the-art-burglars-burn-safe-safes/.
42 *Билтен на ФБИ*, 67, 11, 1998, https://www.hsdl.org/?view&did=464222.
43 Некои од овие криминалци потекнувале од исто село.
44 Tom Callahan, F.B.I. Slows, but Hasn’t Stopped, Wily Safecrackers, *The New York Times*, 15 November 1998, https://www.nytimes.com/1998/11/15/nyregion/fbi-slows-but-hasn-t-stopped-wily-safecrackers.html.
45 *Билтен на ФБИ*, 67, 11, 1998, https://www.hsdl.org/?view&did=464222.
46 Додека ја отслужувал последната затворска казна, Павле Станимировиќ решил дека сака да стане „раскажувач“; види https://www.thedailybeast.com/an-ex-pink-panther-on-his-old-crew-blamed-for-robbing-kim-kardashian.
47 John Silvester, How the ATM gang’s wild Australian tour ran out of road, The Age, 14 February 2020, https://www.theage.com.au/national/victoria/how-the-atm-gang-s-wild-australian-tour-ran-out-of-road-20200212-p54049.html
48 Christopher Jarvis, The Rise and Fall of Albanian’s Pyramid Schemes, *International Monetary Fund Finance & Development*, 37, 1, 2000, https://www.imf.org/external/pubs/ft/fandd/2000/03/jarvis.htm.
49 Fabian Zhilla and Besfort Lamallari, Organized Crime: Risk Assessment in Albania. Tirana: Open Society Foundation for Albania, 2015, p 64.
50 Christopher Jarvis, The Rise and Fall of Albanian’s Pyramid Schemes, *International Monetary Fund Finance & Development*, 37, 1, 2000, https://www.imf.org/external/pubs/ft/fandd/2000/03/jarvis.htm.
51 Една од најозлогласените криминални организации, позната како Бандата од Лушња ја основал Алфред Шкурти (исто така познат и како Алдо Баре), поранешен офицер во Специјалната единица 326 Види Fabian Zhilla and Besfort Lamallari, Evolution of the Albanian Organized Crime Groups. Tirana: Open Society Foundation for Albania, 2016, p 25, http://www.osfa.al/sites/default/files/evolution_of_the_albanian_organized_crime_groups.pdf#overlay-context=ngjarje/prezantim-studimi-evoluimi-i-strukturave-te-organizuara-kriminale-ne-shqiperi.
52 Fabian Zhilla and Besfort Lamallari, Organized Crime: Risk Assessment in Albania, p 23.
53 Council of Europe, Organised crime situation report 2001, Strasbourg, December 2002, p 30, https://www.coe.int/t/dg1/legalcooperation/economiccrime/organisedcrime/Report2001E.pdf.
54 Fabian Zhilla and Besfort Lamallari, Organized Crime: Risk Assessment in Albania, p 64.
55 United States Committee for Refugees and Immigrants, U.S. Committee for Refugees World Refugee Survey 2000 – Albania, June 2000, https://www.refworld.org/docid/3ae6a8cb48.html.
56 BBC World Service, Global Crime Report: Interview with an arms smuggler, http://www.bbc.co.uk/worldservice/programmes/global_crime_report/crime/armssmuggler.shtml
57 Според листа изготвена од Центарот за хуманитарно право во Белград и Центарот за хуманитарно право на Косово, ажурирана во ноември 2014 година, 13 517 лица биле убиени или пријавени како исчезнати од јануари 1998 до 31 декември 2000, вклучително и цивили и членови на вооружените сили, во текот на војната на Косово, додека 800 000 лица (етнички Албанци и Срби) се смета дека го напуштиле Косово. Види Milka Domanovic, List of Kosovo War Victims Published, Balkan Transitional Justice, 10 December 2014, https://balkaninsight.com/2014/12/10/kosovo-war-victims-list-published/. See also CIA Factbook entry on Kosovo: https://www.cia.gov/library/publications/the-world-factbook/geos/kv.html. The UNHCR quotes a lower figure, see https://www.

unhcr.org/3e2d4d50d.html. For key UN Security Council on the political solution to the Kosovo crisis, see Resolution 1244 of 10 June 1999.
58 Christopher Tütsch, Kosovo's Burdensome Path to Economic Development and Interethnic Coexistence, Working Paper, FAST Risk Profile Kosovo 4, Swiss Peace, 2005, p 11, https://www.files.ethz.ch/isn/13723/WP_4_2005_kosovo_sicher.pdf.
59 See Freedom House, *Nations in Transit*, 2007, pp 349–372, https://freedomhouse.org/report/nations-transit/2007/kosovo.
60 EULEX, What is EULEX?, https://www.eulex-kosovo.eu/?page=2,16.
61 Ivan Briscoe and Megan Price, Kosovo's new map of power: governance and crime in the wake of independence, Netherlands Institute of International Relations, 2011, p 14, http://www.operationspaix.net/DATA/DOCUMENT/4156~v~Kosovo_s_New_Map_of_Power__Governance_and_Crime_in_the_Wake_of_Independence.pdf.
62 Видете го, на пример, случајот на поранешниот пратеник Азем Зија, поранешен командант на ОАК Matthew Beinart, Kosovo: Ex-KLA Commander Indicted on Organized Crime Charges, Organized Crime and Corruption Reporting Project, 26 October 2016, https://www.occrp.org/en/27-ccwatch/cc-watch-briefs/5744-kosovo-ex-kla-commander-indicted-on-organized-crime-charges. See also the case of Avni Berisha: Adelina Ahmeti, Aktakuza ndaj 'Tarkan'-it, deklaratat e Agron Mustafës shfajësuan Nazim Sahitin, kallxo, 24 May 2018, https://kallxo.com/shkurt/ekskluzive-aktakuza-ndaj-tarkan-it-deklaratat-e-agron-mustafes-shfajesuan-nazim-sahitin/.
63 Alexandros Yannis, Kosovo: The Political Economy of Conflict and Peace-building, in Karen Ballentine and Jake Sherman (eds), *The Political Economy of Armed Conflict: Beyond Greed and Grievance*. Boulder: Lynne Rienner, 2003, p 181.
64 Видете ја анализата на активностите на организираниот криминал на Балканот од Бундеснахрихтединст (БДН): BND Kosovo intelligence report, 22 Feb 2005, via Wikileaks, https://wikileaks.org/wiki/BND_Kosovo_intelligence_report,_22_Feb_2005.
65 Global Initiative Against Transnational Organized Crime, Hotspots of Organized Crime in the Western Balkans, May 2019, pp 24–27, https://globalinitiative.net/wp-content/uploads/2019/05/Hotspots-Report-English-13Jun1110-Web.pdf.
66 European Commission, Kosovo 2019 Report, Brussels, May 2019, p 4, https://ec.europa.eu/neighbourhood-enlargement/sites/near/files/20190529-kosovo-report.pdf.
67 Ибид., p 48.
68 Reference in Maja's addition paper on the Zemun clan.
69 He died in prison in March 2006.
70 See Norbert Mappes Niediek, *Balkan-Mafia: Staaten in der Hand des Verbrechens – Eine Gefahr fur Europa*. Christoph Links Verlag, 2003, pp 44–53, and Hugh Griffiths, Balkan Reconstruction Report: A Mafia Within the State, Transitions Online, 28 March 2003.
71 Federico Varese, Mafias on the Move: How Organized Crime Conquers New Territories. Princeton: Princeton University Press, 2011, p 190.
72 David Samuels, The Pink Panthers, *The New Yorker*, 5 April 2010, p 11, https://www.newyorker.com/magazine/2010/04/12/the-pink-panthers.
73 See https://www.youtube.com/watch?v=nKOhNs4Mqag.
74 David Samuels, The Pink Panthers, *The New Yorker*, 5 April 2010, https://www.newyorker.com/magazine/2010/04/12/the-pink-panthers, p 14.
75 Ибид., p 12.
76 OSCE–ODIHR, Albania: Parliamentary Elections June 29, 1997, https://www.osce.org/odihr/elections/14029?download=true
77 Council of Europe, Organised crime situation report 2001, Strasbourg, 2002, p 94, https://www.coe.int/t/dg1/legalcooperation/economiccrime/organisedcrime/Report2001E.pdf.
78 Во 2000-та 74 лица биле уапсени во Албанија, обвинети за крадење возила, околу 1 800 нелегално оружје запленето во Албанија, 117 тргувани жени и шверц на 13 819 мигранти.
79 Russell King and Julie Vullnetari, Migration and Development in Albania, Working Paper C5, Sussex Centre for Migration Research, December 2003, p 9, http://www.sussex.ac.uk/Units/SCMR/drc/publications/working_papers/WP-C5.pdf.
80 Council of Europe, Organised crime situation report 2001, Strasbourg, December 2002, p 82, https://www.coe.int/t/dg1/legalcooperation/economiccrime/organisedcrime/Report2001E.pdf.
81 European Cottee on Crime Problems (CDPC), Report on the Organised Crime Situation in Council of Europe Member States – 1998, Strasbourg, 1999, p 26, https://www.coe.int/t/dg1/legalcooperation/economiccrime/organisedcrime/Report1998E.pdf.
82 Europol, OCTA 2006: EU Organised Crime Threat Assessment, The Hague, April 2006, p 7, https://www.europol.europa.eu/activities-services/main-reports/octa-2006-eu-organised-crime-threat-assessment.
83 Council of Europe, Organised crime situation report 2001, Strasbourg, December 2002, p 23, https://www.coe.int/t/dg1/legalcooperation/economiccrime/organisedcrime/Report2001E.pdf.
84 Ibid. p 28.
85 Europol, European Union Organised Crime Report 2004, The Hague, December 2004, p 13, https://www.europol.europa.eu/activities-services/main-reports/european-union-organised-crime-report-2004.
86 Council of Europe, Organised crime situation report 2001, Strasbourg, December 2002, p 4, 3https://www.coe.int/t/dg1/legalcooperation/economiccrime/organisedcrime/Report2001E.pdf.
87 Ibid p. 47.
88 Europol, European Union Organised Crime Report 2004, The Hague, December 2004, p 7–8 https://www.europol.europa.eu/activities-services/main-reports/european-union-organised-crime-report-2004.
89 Земјите-домаќини на најголем број на Косовари се Германија (250 000), Countries hosting the largest numbers of Kosovars include Germany (250 000), Швајцарија (150 000), Австрија (50 000) Велика Британија (50 000), скандинавските земји (50 000), земјите од Бенелукс (50 000), Италија (повеќе од 20 000). Види и Ardiana

Gashi and Amir Haxhikadrija, Social Impact of Emigration and Rural-Urban Migration in Central and Eastern Europe: Final Country Report: Kosovo, April 2012, p. 7–8.
90 Federico Varese, *Mafias on the Move: How Organized Crime Conquers New Territories*. Princeton: Princeton University Press, 2011, p. 16.
91 Извештаите сугерираат дека групата можела да заработи и до 80 000 ЕУР дневно само во Виена. Kerry Skyring, Police in three countries take on 'Frankfurt mafia' drug ring, *Deutsche Welle*, 24 December 2010, https://www.dw.com/en/police-in-three-countries-take-on-frankfurt-mafia-drug-ring/a-14735371.
92 Ibid.
93 Sinisa Jakov Marusic, Macedonian nabs gangsters linked to Frankfurt mafia, Balkan Insight, 20 September 2013, https://balkaninsight.com/2013/09/20/macedonian-police-swoops-on-drug-lords/.
94 *'Frankfurter Mafia' weiterhin aktiv: 13 Personen in Haft*, *Kronen Zeitung*, 14 May 2013, https://www.krone.at/361605.
95 Видете ја следната статија во *The New York Times*, 3 March 2018, https://www.nytimes.com/2018/03/03/world/europe/sweden-crime-immigration-hand-grenades.html.
96 Jeffrey Fleishman, Midnight sun has a dark side, *Los Angeles Times*, 10 December 2006, https://www.latimes.com/archives/la-xpm-2006-dec-10-fg-mafia10-story.html.
97 Ибид.
98 Evan Ratliffe, Lifted, *The Atavist Magazine*, 2011, https://magazine.atavist.com/lifted.
99 Albanian drug smuggling gang dismantled in Europe-wide operation, EU-OCS, 3 JULY 2019, https://eu-ocs.com/albanian-drug-smuggling-gang-dismantled-in-europe-wide-operation/.
100 Gang jailed after 7,500 cannabis plants seized, BBC News, 6 June 2014, https://www.bbc.com/news/uk-wales-south-east-wales-27741781.
101 Mark Townsend, Kings of cocaine: How the Albanian mafia seized control of the UK drugs trade, *The Guardian*, 13 January 2019, https://www.theguardian.com/world/2019/jan/13/kings-of-cocaine-albanian-mafia-uk-drugs-crime
102 https://www.thesun.co.uk/news/9668851/foreign-prisoners-albanian-gangsters-drugs/.
103 Marco di Risi, *Roma, pusher ucciso in strada al Nuovo Salario: aveva capito di essere finito in un agguato*, *Il Messaggero*, 27 January 2020, https://www.ilmessaggero.it/roma/news/roma_omicidio_nuovo_salario_gentian_kasa_ultime_notizie-5009500.html.
104 Giampiero Calapà, *I nuovi 're di Roma': narco-albanesi e eredi Senese & Casamonica*, *Il Fatto Quotidiano*, 1 October 2019, https://www.ilfattoquotidiano.it/in-edicola/articoli/2019/10/01/i-nuovi-re-di-roma-narco-albanesi-e-eredi-senesecasamonica/5488784/.
105 Vincenzo Scalia, From the octopus to the spider's web: The transformations of the Sicilian mafia under postfordism, *Trends in Organized Crime*, 13, pp 283–298, https://link.springer.com/article/10.1007/s12117-010-9106-9.
106 Floriana Bulfon, *Wie ein Sieben-Tonnen-Koks-Deal in Sitten geplatzt ist*, Swissinfo.ch, 12 February 2019, https://www.swissinfo.ch/ger/wirtschaft/drogenkriminalitaet_wie-ein-sieben-tonnen-koks-deal-in-sitten-geplatzt-ist/44739298.
